PR79369,000040D-A8-09MAR21

Паркирна сопирачка



H127519—UN—30SEP19

Сопирачка за паркирање

Притиснете за да ја одберете состојбата на паркинг кочницата. Во рачен режим (осветлена икона), паркинг кочницата ќе остане вклучена и машината нема да се движи. Во автоматски режим (иконата не е осветлена), паркинг кочницата автоматски ќе се исклучи/вклучи кога ќе ја поместите повеќефункционалната

рачка во/надвор од неутралната положба.

Автоматски режим: Ако повеќе функционалната рачка е во неутрална положба и брзината е помала од 1.5 km/h (1 mph), тогаш се вклучува паркирната сопирачка. Ако повеќе функционалната рачка се извади од неутралната положба, паркирната сопирачка се ослободува.

Рачен режим: Ако повеќе функционалната рачка е во неутрална положба и брзината е помала од 3.0 km/h (1,9 mph), тогаш се вклучува паркирната сопирачка. Ако повеќе функционалната рачка се извади од неутрална положба или брзината е поголема од 1.5 km/h (1 mph) се огласува аларм.

- Притиснете го копчето за паркирна сопирачка за да ја активирате паркирната сопирачка.

  Индикатор за паркирната сопирачка свети покажувајќи дека паркирната сопирачка е активна.
- Притиснете го копчето за паркирна сопирачка за да ја исклучите паркирната сопирачка кога повеќе функционалната рачка е во неутрална положба. Индикаторот за паркирната сопирачка на аголниот постамент се ИСКЛУЧУВА. Паркирната сопирачка сеуште е вклучена се додека повеќе функционалната рачка не се извади од неутралната положба враќајќи се во автоматскиот режим.

PR79369,000040E-A8-09MAR21

Индикатор за високи температури кај системот за издув (HEST)



H120319—UN—22JUN17


Индикатор за високи температури кај системот за издув (HEST)

Индикатор за високи температури на издувот (HEST) - свети кога температурата на издувот од моторот е покачена.

ВАЖНО: Конечно ниво 4/фаза V: Може да се случи оштетување на деловите за издувно прочистување ако моторот е ИСКЛУЧЕН додека се изведува прочистувањето на издувниот филтер или непосредно после завршувањето на чистењето. Се огласува алармот и се појавува предупредувачка порака на екранот. Стартувајте ја машината и следете ги пораките на екранот за да им овозможите на деловите да се оладат.

PR79369,000040F-A8-09MAR21

Индикатор на ниво на гориво



H117824—UN—22DEC16

Индикаторски мерач на гориво

Индикатор на ниво на гориво го покажува износот на преостанатото гориво во резервоарот на гориво.

- Кога нивото ќе достигне 10% од преостанатото гориво, индикаторот за гориво трепка, се огласува алармот и се појавува порака за малку течност.

PR79369,0000410-A8-09MAR21

Индикатор на ниво на течноста за издув на дизел моторот (DEF)



H118085—UN—22DEC16

Индикатор на ниво на течноста за издув на дизел моторот (DEF)

Индикатор на ниво на течноста за издув на дизел моторот (DEF)— покажува колку течност останува во резервоарот.

- Кога нивото ќе достигне 10%, индикаторот за ниво трепка, се огласува алармот и се појавува порака за малку течност.
- Кога нивото ќе достигне 0%, индикаторот за ниво престанува да трепка, се огласува алармот и се појавува порака дека нема течност и дека моторната снага е ограничена.
- Кога ќе се достигне губење на примарното, индикаторот за ниво свети и престанува да трепка. Се огласува алармот и се појавува порака дека нема течност, порака дека е ограничена моторната снага и порака дека е ограничена брзината. Предупредувачкиот индикатор за гаснење на моторот свети (црвено), моторот е со намалена моќ и машината е со намалена функционалност.

PR79369,0000411-A8-09MAR21

Прекинувач за брзо запирање



H117033—UN—15APR16

Прекинувач за брзо запирање

Прекинувачот за брзо запирање ви овозможува истовремено да ИСКЛУЧИТЕ повеќе системи во итни случаи.

ВНИМАНИЕ: Машини ProDrive™: Притискањето на прекинувачот за брзо запирање со вклучен одделувач прави машината споро да врти до застанување. Повеќе функционалната рачка мора да биде вратена во неутрална позиција за ресетирање на придвижувачкиот систем.

Машини со менувач преку притискање на копче или машини со механичка измена на преносот: Кога се притиска прекинувачот за брзо запирање со вклучен одделувач, вие сте одговорни за повлекување назад на повеќе функционалната рачка за да се запре машината.

Секогаш се препорачува да носите сигурносен појас за да избегнете сериозна повреда.

ВАЖНО: Погонот на хедерот може да биде исклучен со помош на овој прекинувач во случај на запушување.

ЗАБЕЛЕШКА: Притискањето на прекинувачот за погон на сврделот за празнење на повеќе функционалната рачката го рестартира погонот на сврделот за празнење. За да го активирате погнот на хедерот, завртете го прекинувачот за активирање на хедер во ИСКЛУЧЕНО и назад во ВКЛУЧЕНО.

Следниве системи запираат кога е притиснат прекинувачот за брзо запирање:

- Вклучување на хедер
- Погонот на сврделот за празнење
- Завртување на сврделот за празнење
- Капаците на резервоарот за жито (ако има во опремата)
- Преклопен сврдел за празнење (ако има во опрема)
- ProDrive™ (споро запирање на погонското движење) (ако има во опремата)

PR79369,0000412-A8-09MAR21

ProDrive е заштитен знак на Deere & Company

Прекинувач за завртување на сврделот за празнење



H117003—UN—22DEC16

Прекинувач на сврделот за празнење

Прекинувачот за завртување на сврделот за празнење ви овозможува да го завртите сврделот за празнење на внатре или на надвор рачно или автоматски.

Системски побарувања:

- Прекинувачот за исклучување на превоз мора да биде во позиција за работа во поле.
- Мора да бидете седнати.

Притиснете го горниот дел на прекинувачот за да го завртите свделот на надвор. Притиснете го долниот дел на прекинувачот за да го завртите свделот на внатре.

Рачна контрола: Притиснете го и држете го прекинувачот до одреден дел додека сврделот да ја достигне посакуваната позиција. Сврделот запира кога прекинувачот се ослободи.

Автоматска контрола: Притиснете го прекинувачот целосно и ослободете го. Сврделот се завртува целосно на надвор или на внатре без да се држи прекинувачот.

ЗАБЕЛЕШКА: Функцијата на автоматско завртување на сврделот не работи кога погонот на сврделот за празнење е вклучен. Преместете го сврделот назад во позицијата за превоз кога не се употребува.

PR79369,0000413-A8-10MAR21

Прекинувач за погон на сврдел за празнење



H123658—UN—02MAR18

Прекинувач на погонот на растоварната спирала

Прекинувачот за погон на сврделот за празнење ви овозможува да го вклучите или исклучите сврделот за празнење.

Системски побарувања:

- Прекинувачот за исклучување на превоз мора да биде во позиција за работа во поле.
- Мора да бидете седнати.

ВКЛУЧУВАЊЕ на сврделот за празнење:

- Притиснете го прекинувачот на погоног на сврделот за празнење еднаш за да го ВКЛУЧИТЕ. Светлото за индикација се ВКЛУЧУВА кога системот е активиран.
- Погонот на сврделот за празнење се вклучува само кога копчето се држи додека сврделот е во режим на автоматско завртување или кога сврделот е мануелно завртен на надвор повеќе од 50%.

ИСКЛУЧУВАЊЕ на сврделот за празнење:

- Притиснете го прекинувачот на погоног на сврделот за празнење еднаш за да го ИСКЛУЧИТЕ. Напречните сврдли на резервоарот за жито запираат веднаш, а сврделот за празнење продолжува да работи 3 секунди за да го испразни сврделот.
- Притиснете го прекинувачот за погон на сврделот за празнење двапати за веднаш да ги ИСКЛУЧИТЕ сврделот за празнење и напречните сврдли на резервоарот за жито. Сврделот за празнење не продолжува да работи 3 секунди што значи дека сврделот за празнење не е исчистен.
- Ако го напуштите седиштето по вклучувањето, погонот на сврделот за празнење ќе продолжи да работи 5 секунди пред да се исклучи. За повторно да го вклучите системот, седнете на операторското седиште и притиснете го повторно прекинувачот за погон на сврделот за празнење.
- Во итни случаи, погонот на сврделот за празнење може да се исклучи и со прекинувачот за брзо запирање. За повторно да го вклучите сврделот за празнење ако хедерот и сврделот за празнење се запрени со прекинувачот за брзо запирање, повторно притиснете го прекинувачот за погон на сврделот за празнење.

PR79369,0000414-A8-10MAR21

AutoTrac™ копче за обновување (ако има во опрема)



H117005—UN—15APR16

Копче за обновување на AutoTrac™

Копче за обновување на AutoTrac™ - ви овозможува да го активирате системот AutoTrac™.

Копчето за обновување на AutoTrac™ го активира и системот RowSense™. За повеќе информации погледнете во прирачникот за работа со AutoTrac™.

Системски побарувања:

- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на превоз мора да биде во позиција за работа во поле.
- Прекинувачот за хедер е вклучен.
- Операторот на седиште.

Притиснете за да го вклучите системот.

PR79369,0000415-A8-10MAR21

Прекинувач за подигање/спуштање и навалување на хедерот



H116348—UN—19DEC16

Прекинувач за подигнување/спуштање на хедерот

Прекинувачот за подигнување/спуштање и навалување ви овозможува да го подигнете или спуштите хедерот и да го навалите куќиштето за достава.

Системски побарувања:

- Прекинувачот за исклучување на превоз мора да биде во позиција за работа во поле.
- Мора да бидете седнати.

Притиснете и задржете го горниот дел на прекинувачот за да го подигнете хедерот.

Притиснете и задржете го долниот дел на прекинувачот за да го спуштите хедерот.

ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот за подигнување/спуштање на хедер има две позиции со задршка. Делумното притискањето на прекинувачот причинува хедерот споро да се подигнува или спушта. Хедерот се подигнува или спушта со поголема брзина кога прекинувачот е целосно притиснат.

Притиснете и задржете ја левата или десната страна на прекинувачот за да го навалите куќиштето за достава.

PR79369,0000416-A8-10MAR21

Прекинувач за подигнување/спуштање на ролна, напред/назад на ролна (ако има во опремата)



H116349—UN—19DEC16

Кревање/спуштање на ролна, напред/назад на ролна

Прекинувачот за кревање/спуштање на ролната, напред/назад на ролната ви овозможува да ја контролирате положбата на ролната.

ЗАБЕЛЕШКА: Овие функции на прекинувачот се достапни кога на машината е прикачена платформа на драпер со споменатите функции.

Користење на прекинувачот за подигнување/спуштање на ролна и движење на ролната напред/назад (ако има во опремата):

- Притиснете и задржете го горниот дел на прекинувачот за да ја подигнете ролната.
- Притиснете и задржете го долниот дел на прекинувачот за да ја спуштите ролната.
- Притиснете и задржете ја левата страна на прекинувачот за да ја издолжите ролната на напред.
- Притиснете и задржете ја десната страна на прекинувачот за да ја вовлечете ролната на назад.

Препорачани поставки

Исправена култура

- Позиционирајте ја ролната над шипката за сечење. Ова помага културата да падне во платформата.
- Поставете ги запците на ролната исправени или малку нанапред.
- Ролната треба едвај да ги допира главите на културата. Преniското позиционирање на ролната доведува до загуби кај хедерот.
- Ако ролната ги удира главите на културата, намалете ја брзината на ролната. Ролната треба да ги притиска само главите на културата.

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Легната култура

- Позиционирајте ја ролната пред шипката за сечење за да помогнете во подигање на културата.
- Поставете ги запците на ролната наназад за поагресивно подигање на културата.

PR79369,0000417-A8-10MAR21

Брзина на задно вратило на куќиштето за достава, прилагодливи палубни плочи на хедер за пченка (ако има во опрема)



H116349—UN—19DEC16

Брзина на задно вратило кај куќиште за достава, прилагодливи плочи на палуба за хедер на пченка

Брзина на задно вратило кај куќиштето за достава, прекинувачот за прилагодливите плочи на палубата за хедер на пченка ви овозможува да управувате со брзината на задното вратило кај куќиштето за достава или со прилагодливите плочи на палубата за хедер на пченка.

ЗАБЕЛЕШКА: Овие функции на прекинувачот се достапни кога на машината е прикачен хедер за пченка со споменатите функции.

Користење на прекинувачот за прилагодување на брзината на задното вратило и прилагодливите плочи на палуба за хедер на пченка (ако има во опремата):

- Притиснете го горниот дел на прекинувачот за да ја зголемите брзината на задното вратило.
- Притиснете го долниот дел на прекинувачот за да ја намалите брзината на задното вратило.
- Притиснете еднаш на левата или десната страна на прекинувачот за да го вклучите екранот.
- Притиснете на левата страна на прекинувачот за да го зголемите проредот на палубната плоча.
- Притиснете на десната страна на прекинувачот за да го намалите проредот на палубната плоча.

PR79369,0000418-A8-10MAR21

Копче за активирање на хедер



H116346—UN—19DEC16

Копчиња за активирање на хедерот

Копчето за активирање на хедерот ви овозможува да активирате едно од следново преку притискање на едно од трите копчиња.

ЗАБЕЛЕШКА: Положбите на хедерот добиени со притискање на активирачките копчиња може да бидат надминати со притискање на прекинувачот за подигање/спуштање на ролната или напред/назад на ролната или на прекинувачот за странично навалување, за подигање/спуштање на хедерот. Кога во рачен режим копчињата за активирање се надминати, притиснете го посакуваното активирачко копче за повторно да биде активно.

Системски побарувања:

- Поврзан е правилно опремен хедер.
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на превоз мора да биде во позиција за работа во поле.
- Обновувањето на висината на хедерот, детекцијата на висината на хедерот, или режимот за активно пловење на хедерот се овозможени.
- Хедерот е вклучен.

Притискањето на активирачките копчиња за хедерот го активира системот. Контролниот систем на хедерот превзема контрола и го придвижува хедерот во вашата избрана позиција.

- Обновување на висина на хедер
- Детекција на висина на хедер

ЗАБЕЛЕШКА: Брзината на ролната се зачувува автоматски кога е активен режимот за детектирање на висината/за пловење и брзината на ролната се менува со користење на Dial-A-Speed™ или копчето за бирање брзина на ролната/ременот.

- Контрола на странична наваленост
- Обновена позиција на ролната

ЗАБЕЛЕШКА: ЗАБЕЛЕШКА: Притиснете и задржете го копчето за активирање на хедерот 2 секунди за да ја зачувате тековната позиција на ролната на тоа копче.

- Обновување на позиција на палубната плоча

- Активно пловење на хедер
- Хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава (ако има во опрема)

PR79369,0000419-A8-10MAR21

VisionTrak™


Мониторот VisionTrak™ ја проверува загубата на зрна со мерење на репрезентативен примерок на загуба од решетото и од одделувачот. VisionTrak™ постојано ги следи перформансите на машината со цел да ви се овозможи максимално користење на капацитетот на машината. Промената на стапката на загуба е покажана со индикаторите.

Ако ви се чини дека се појавуваат проблеми со очитувањата на индикаторот, како кога индикаторите постојано очитуваат за полно (сите ленти се светнати) кога не се жнее или за празно (ниту една лента не свети) при жнеење, проверете ги сензорите поврзани со системот каде се покажува грешката. Видете го вашиот прирачник за работа со VisionTrak™ во врска со работните проверки и постапките за проверка на сензор.

Системски побарувања:

Состојба на моторот	Работи
Прекинувач за исклучување патен транспорт	Позиција за поле
Прекинувачот за хедер и одделувачот	Вклучено

Достапни ставки на страната за VisionTrak™:



H117835—UN—22DEC16

Индикатор на загубата на решетото

Индикаторот на загуба кај чевелот— ја покажува загубата на жито кај чевелот.



H126288—UN—06JUN19

Индикатори на опсег на загуба


Индикатори за опсег на загуба – покажува дали нивоата на загубата се со прифатлива стапка. Опсегот со зелена боја во средината на графиконот покажува прифатливи нивоа на загуба. Портокаловите опсези над и под опсегот со зелена боја покажуваат дека загубите не се во рамки на прифатливото ниво.



H126289—UN—06JUN19

Симбол за сума


Симбол за сума— прикажува над индикаторот за вкупна загуба.



H117836—UN—22DEC16

Индикатор за вкупна загуба


Индикатор на вкупна загуба— прикажува просечна загуба на жито кај областите на чевелот и одделувачот.



H117837—UN—22DEC16

Индикатор на загубата на сепараторот

Индикатор на загуба кај одделувачот— прикажува загуба на жито кај областа на одделувачот. Симболот за одделувачот над графиконот се појавува кога системот функционира правилно.




H117838—UN—22DEC16

Индикатор на количината на отпад

Индикатор на волумен на отпад— го прикажува волуменот на повратниот отпад. Индикаторот на волуменот на отпад може да се зема предвид со цел периодично да се види дали се појавува зголемување или намалување на волуменот на отпадот.

PR79369,000041A-A8-10MAR21

Осветлувачки места (преглед на светла од напред и позади)



H107108—UN—28FEB13

A—Халогенски кабински предни светла или кабински предни светла со светлосно емитирачка диода (LED) (опција)
B—Предни светла на кабината (долги/кратки светла)
C—Ротирачки светла
D—Светла за опасност (жолти)
E—Светла за опасност (жолти)
F—Светла за означување (бели)
G—Светла за стрниште
H—Светла на контролната табла (ако има во опрема)
I—Спуштени светла за возење (ако има во опрема)
J—Светла за означување/за сопирачки (црвени)
K—Задни светла за опасност (жолти)
L—Светилник
M—Задни светла за празнење

Ротирачки светла

ВНИМАНИЕ: Светлата мора да бидат ВКЛУЧЕНИ при транспорт. Занишајте ја скалата на кабината кон напред за да го насочите светлото за означување/опасност кон возачите кои ви се приближуваат.

- Ги контролира ротирачките светла (C, L).
- Две ротациони светла се напред (лево и десно) и едно од позади на машината. Овие светла ги предупредуваат останатите возачи при превезување на патиштата.

Светла за опасност

ВНИМАНИЕ: Светлата мора да бидат ВКЛУЧЕНИ при транспорт. Занишајте ја скалата на кабината кон напред за да го насочите светлото за означување/опасност кон возачите кои ви се приближуваат.

- Ги контролира ротирачките светла (C, L), светлата за опасност (D, E), и задните светла за опасност (K).
- Светлата за опасност се од двете страни на машината напред и назад. Овие светла се користат за да покажат дека машината не работи.

Патни светла

ВНИМАНИЕ: Светлата мора да бидат ВКЛУЧЕНИ при транспорт. Занишајте ја скалата на кабината кон напред за да го насочите светлото за означување/опасност кон возачите кои ви се приближуваат.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога светлата за возење по пат се ВКЛУЧЕНИ и хедерот не е поврзан, ниските транспортни светла се вклучуваат и предните светла на кабината се исклучуваат. Кога хедерот е поврзан, ниските транспортни светла се ИСКЛУЧУВААТ и предните светла на кабината се ВКЛУЧУВААТ.


Светлата за опасност се ВКЛУЧЕНИ ако трепкачите се ИСКЛУЧЕНИ. Ако сигнализацијата на трепкачите е ВКЛУЧЕНА, светлата за предупредување ја имаат функцијата на светлата за трепкачите.

- Ги контролира ротирачките светла (C, L), кабински предни светла (B), позициони светла (F), долни светла за возење (I), и позициони/ сопирачки светла (J).
- Ротационите светла предупредуваат кон

останатите возачи при превезување на патиштата.

OUO6075,00049AC-A8-31MAY18

Места на осветлувањето (продолжение на прегледот за предните и задните светла)



H107108—UN—28FEB13

A—Халогенски кабински предни светла или кабински предни светла со светлосно емитирачка диода (LED) (опција)
B—Предни светла на кабината (долги/кратки светла)
C—Ротирачки светла
D—Светла за опасност (жолти)
E—Светла за опасност (жолти)
F—Светла за означување (бели)
G—Светла за стрниште
H—Светла на контролната табла (ако има во опрема)
I—Спуштени светла за возење (ако има во опрема)
J—Светла за означување/за сопирачки (црвени)
K—Задни светла за опасност (жолти)
L—Светилник
M—Задни светла за празнење

Автоматски ротирачки светла

ЗАБЕЛЕШКА: Кога се активирани автоматските светилници и зрната го достигнуваат сензорот за наполнетост од 3/4, светилниците започнуваат да трепкаат (3 секунди ВКЛУЧЕНИ и 6 секунд ИСКЛЧЕНИ). Кога сензорот за жито регистрира достигнување до полн резервоар со жито, ротационите светла се ВКЛУЧУВААТ постојано и не трепкаат.

- Светилници (C, L) светнуваат кога резервоарот за зрна е 3/4 полн. Светилниците нудат сигнализација за операторот на количката за зрна дека резервоарот за зрна е полн и е готов да се растовари.

Теренски светла

- Ги контролира позиционите светла (F), позиционите/сопирачките светла (J), и кабинските предни светла (A, B).
- Светлата за поле му овозможуваат на операторот осветлување на површината за работење навечер и во услови на слаба светлина.

Светла за предно стрниште

ВНИМАНИЕ: За да избегнете забуна кај возачот, кога превезувате на јавни патишта не ги вклучувајте работните светла.


ЗАБЕЛЕШКА: Ако операторот го напушти седиштето после стартувањето, предните светла за стебла на посевот трепкаат и ќе продолжат да трепкаат се додека брзината на одделувачот не стане нула.

- Ги контролира светлата за стрниште (G) и вградените светла (H).
- Светлата за стеблата на посевот му обезбедуваат на операторот повеќе осветленост позади хедерот при ноќна работа и во услови на намалена видливост.[1]
- Вградените светла му овозможуваат на операторот повеќе осветленост пред машината за време на жетва.

OUO6075,00049AD-A8-31MAY18

[1] *Ако патните светла се ВКЛУЧЕНИ и машината е во патен режим, светлата за стебла на посевот, вградените светла и задните светла за празнење не можат да бидат ВКЛУЧЕНИ.*

Места на осветлувањето (продолжение на прегледот за предните и задните светла)



H107108—UN—28FEB13

A—Халогенски кабински предни светла или кабински предни светла со светлосно емитирачка диода (LED) (опција)
B—Предни светла на кабината (долги/кратки светла)
C—Ротирачки светла
D—Светла за опасност (жолти)
E—Светла за опасност (жолти)
F—Светла за означување (бели)
G—Светла за стрниште
H—Светла на контролната табла (ако има во опрема)
I—Спуштени светла за возење (ако има во опрема)
J—Светла за означување/за сопирачки (црвени)
K—Задни светла за опасност (жолти)
L—Светилник
M—Задни светла за празнење

Задни светла за празнење

ВНИМАНИЕ: За да избегнете забуна кај возачот, кога превезувате на јавни патишта не ги вклучувајте работните светла.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако операторот го напушти седиштето после стартувањето, задните светла за празнење трепкаат и ќе продолжат да трепкаат се додека брзината на одделувачот не стане нула.

- Ги контролира светлата за празнење од позади (M).
- Задните светла за празнење му овозможуваат на возачот осветлување на задниот дел за ноќно работење и во услови на слаба осветленост.[23]

Светла за означување/за сопирачки

- Светлата за означување/за сопирачки (J) ќе се ВКЛУЧАТ кога машината ќе насети забавување. Светлата остануваат вклучени минимум две секунди.[4]
- Штом брзината е помала од 1.6 km/h (1 mph), светлата за сопирачки остануваат вклучени 2 минути или сè додека не се детектира забрзување нанапред и брзината е поголема од 1.6 km/h (1 mph).
- Светлата за означување исто така имаат улога на индикатори, и светат кога се сигнализира вртење. Трепка светлото во насоката во која се врти.

Осветлување на излез


- Двата најодалечени фарови на кабина (B) остануваат вклучени максимум 180 секунди откако контактниот клуч и прекинувачот за светла се ИСКЛУЧЕНИ (ако патните или теренските светла биле во употреба претходните 5 минути).

OUO6075,00049AE-A8-01JUN18

[2] Ако патните светла се ВКЛУЧЕНИ и машината е во патен режим, светлата за стебла на посевот, вратените светла и задните светла за празнење не можат да бидат ВКЛУЧЕНИ.
[3] Само за Франција: Ако машината е во патен режим, задните светла за празнење не се ВКЛУЧУВААТ.

[4] Само за Франција: Светлата за сопирачки се ВКЛУЧУВААТ кога ќе се притисне педалата за сопирачки.

Осветлувачки места—Преглед на светла од десно и лево



H107109—UN—28FEB13

A—Светло на резервоарот за зрна
B—Светла за барање редови
C—Крилни сервисни светла
D—Сервисни светла на решетото
E—Сервисни светла за одделот на моторот
F—Светло на растоварната спирала
G—Прекинувач за сервисното светло на решетото
H—Прекинувач за крилните сервисни светла
I—Прекинувач за сервисните светла за одделот на моторот

Теренски светла

- Ги контролира светлото за резервоар за жито (A), светлата за наоѓење на ред (B) (со рачката за трепкачи), светло за сврделот за празнење (F), и светлата за позиција/опасност.
- Светлата за наоѓање на ред го обезбедуваат операторот со просторно осветлување од секоја од страните на машината за ноќна работа и во услови на намалена видливост.

ЗАБЕЛЕШКА: Со ВКЛУЧЕНИ теренски светла, употребете ја рачката на трепкачите за да се активираат светлата за наоѓање на ред или од десна или од левата страна.


- Светлата за резервоарот за жито му обезбедуваат на операторот осветлување во резервоарот за жито за ноќна работа и во услови на намалена видливост.
- Светлото на резервоарот за зрна се ИСКЛУЧУВА кога зрната го достигнуваат сензорот за наполнетост од 3/4.
- Светлата за сврделот за празнење се

ВКЛУЧУВААТ кога сврделот е издолжен повеќе од 50% со ВКЛУЧЕН прекинувач за теренски светла.

- Светлото на растоварната спирала обезбедува осветлување на резервоарот за зрна ноќе или во услови на слаба осветленост.

OUO6075,00049AF-A8-31MAY18

Места на осветлувањето (продолжение за светлата за преглед на лева и десна страна)



H107109—UN—28FEB13

A—Светло на резервоарот за зрна
B—Светла за барање редови
C—Крилни сервисни светла
D—Сервисни светла на решетото
E—Сервисни светла за одделот на моторот
F—Светло на растоварната спирала
G—Прекинувач за сервисното светло на решетото
H—Прекинувач за крилните сервисни светла
I—Прекинувач за сервисните светла за одделот на моторот

Сервисни светла на решетото

ЗАБЕЛЕШКА: Ако операторот го напушти седиштето после стартувањето, сервисните светла за чевелот трепкаат и ќе продолжат да трепкаат се додека брзината на одделувачот не стане нула.

- Сервисните светла на решетото (D) му обезбедуваат на операторот осветлување при нагодување на чистачот на зрна ноќе или во услови на слаба осветленост.
- Прекинувачот за ВКЛУЧУВАЊЕ/ИСКЛУЧУВАЊЕ на сервисното светло (G) за чевелот се наоѓа над левиот штитник на одделувачот.
- Осветлување за време на операции на одржување и сервисирање (не за време на жнеењето).

Крилни сервисни светла (изборно)


ВНИМАНИЕ: Избегнувајте конфузија кај другите возачи. Не работете со крилните сервисни светла при транспорт.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако операторот го напушти седиштето после стартувањето, сервисните светла за вратите што се креваат нагоре трепкаат и ќе продолжат да трепкаат се додека брзината на одделувачот не стане нула.

- Сервисните светла за вратите што се креваат нагоре (C) се обезбедени од двете страни на машината под вратите што се креваат нагоре и овозможуваат подобра видливост во просторот на одделувачот.
- Прекинувачот за ВКЛУЧУВАЊЕ/ИСКЛУЧУВАЊЕ на сервисното светло (H) за вратите што се креваат нагоре се наоѓа над левиот штитник на одделувачот.

OUO6075,00049B0-A8-31MAY18

Места на осветлувањето (продолжение за светлата за преглед на лева и десна страна)



H107109—UN—28FEB13

A—Светло на резервоарот за зрна
B—Светла за барање редови
C—Крилни сервисни светла
D—Сервисни светла на решетото
E—Сервисни светла за одделот на моторот
F—Светло на растоварната спирала
G—Прекинувач за сервисното светло на решетото
H—Прекинувач за крилните сервисни светла
I—Прекинувач за сервисните светла за одделот на моторот

Сервисни светла за одделот на моторот (изборно)

ВНИМАНИЕ: Избегнувајте конфузија кај другите возачи. Не работете со сервисните светла за одделот на моторот при транспорт.

- Сервисните светла во одделот на моторот (E) овозможуваат осветлување на површината на платформата на моторот ноќе или во услови на слабо осветлување.
- Прекинувачот (I) за ВКЛУЧУВАЊЕ/ИСКЛУЧУВАЊЕ на сервисните светла за моторниот простор е од десно на задната страна на машината.
- Прекинувачот ги контролира светлата на вратата на одделот на моторот, задното светло на платформата на моторот и предното светло на одделот на моторот.
- Осветлување за време на операции на одржување и сервисирање (не за време на жнеењето).

Осветлување на излез

- Светлата за наоѓење на ред (B) остануваат

включени максимум 180 секунди откако контактниот клуч и прекинувачот за светла се ИСКЛУЧЕНИ (ако патните или теренските светла биле во употреба претходните 5 минути). Операторот избира да ја осветли левата или десната страна од машината преку користење рачката за трепкачот.

OUO6075,00049B1-A8-31MAY18


Одложување на осветлувањето/истек на време

Кога сите светла првпат се вклучат во ON позиција со контактниот клуч во исклучена OFF позиција, постои мало задоцнување. Машината одредува дали постои тековен напон на акумулаторот за светлата да работата без машината да работи. Оваа карактеристика е вградена во машината за да се спречи премногу напон да биде повлечен од акумулаторот, што може да ја спречи машината да стартува.


ЗАБЕЛЕШКА: Откако светлата за прочистувачкиот чевел, сервисните светла или сервисните светла за моторниот простор се ВКЛУЧЕНИ повеќе од 10 минути светлата трепкаат, потоа моментално се ИСКЛУЧУВААТ, потоа повторно се ВКЛУЧУВААТ 20 секунди. Овој циклус продолжува 3 минути, потоа светлата се ИСКЛУЧУВААТ се додека контактниот клуч циклично се заврти. Ако светлата не се вклучат повторно откако ќе се сврти прекинувачот, машината има одредено дека напонот на акумулаторот е премногу низок за да се овозможи работење со светлата. Светлата ќе се вклучат повторно откако машината ќе работи и акумулаторите се полнат.

OUO6075,0004937-A8-12APR18


Безбедносен граничник на хидрауличниот цилиндар



H121063—UN—14MAR17



H112829—UN—18FEB15



H90891—UN—26FEB08

A—Безбедносен граничник

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Напукувањето во наставките на хидрауличниот довод за спуштање на доставната комора резултира во моментално паѓање на доставната комора и хедерот.

Рачно навалување напред/назад на куќиштето за достава

Подигнете го куќиштето за достава целосно и спуштете ги безбедносните запирачи (A) на хидрауличната цилиндрична шипка.

ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава

Подигнете го куќиштето за достава целосно и навалете ја хидрауличната рамка за навалување напред/назад на куќиштето за достава целосно кон напред и спуштете ги безбедносните запирачи (A) на хидрауличната цилиндрична шипка.


ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога куќиштето за достава е подигнато и хедерот е вклучен, тогаш наваленоста напред/назад на куќиштето за достава автоматски се придвижува напред овозможувајќи им на безбедносните запирачи на куќиштето за достава да се спуштат на хидрауличната цилиндрична шипка. Наваленоста напред/назад на куќиштето за достава, при спуштање, автоматски се враќа во последната запазена положба.


Кога хедерот е исклучен, наваленоста напред/назад на куќиштето за достава, при подигнување, автоматски се придвижува напред. Наваленоста напред/назад на куќиштето за достава, при спуштање, автоматски се враќа во последната запазена положба.

OUO6075,00046F1-A8-29MAR17

Бочни штитници на доставната комора



H91044—UN—27MAR08



H91045—UN—27MAR08

A—Брава
B—Брава
C—Клин за брзо заклучување


ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник. ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.

Штитниците на доставната комора имаат преден и заден штитник.


1. Завртете ја бравата (A) и отворете го предниот штитник за сервисирање.
2. Завртете ја бравата (B) и извадете го клинот за брзо заклучување (C) за да го отворите задниот штитник.
3. Инсталирајте и затворете ги штитниците пред да работите со машината.

OUO6075,0004E85-A8-16JUN20

Врати на доставната комора



H100486—UN—28FEB11



H90905—UN—27FEB08


A—Навртка (2 употребени)
B—Врата
C—Врата (се користат 2)

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.


1. Разлабавете ги навртките (A) на секоја страна на вратата и турнете ги навртките кон центарот на доставната комора.
2. Повлечете ја вратата (B) напред за да ја извадите.
3. Подигнете ги вратите (C) за да пристапите внатре во доставната комора.
4. Затворете ги вратите пред да работите со машината.

OUO6075,0004E86-A8-16JUN20

Врата за пристап од горе до доставниот акцелератор



H100487—UN—28FEB11



H100488—UN—28FEB11


A—Навртка (2 употребени)
B—Врата
C—Врата

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.

1. Разлабавете ги навртките (A) на секоја страна на вратата и турнете ги кон центарот на машината.
2. Повлечете ја вратата (B) напред за да ја извадите.
3. Повлечете ја вратата (C) напред за да ја извадите.
4. Затворете ги вратите пред да работите со машината.

OUO6075,0004E87-A8-16JUN20

Поддршка за долната врата на куќиштето за достава и заптивната плоча за достава (стил A)



H52761—UN—17MAY99


A—Рачка

ВНИМАНИЕ: Подигнете го куќиштето за достава, спуштете го безбедносниот запирач, ИЗГАСНЕТЕ го моторот, дигнете ја паркирната сопирачка и отстранете го клучот.

Отстранете го брзо-заклучувачкиот клин и поместете ја рачката (C) надолу и наназад.

ВАЖНО: Рачката ќе биде навалена лево долу кога доставната комора се спушта.

Повлечете ја рачката напред и нагоре за да ја затворите доставната плоча. Прицврстете со претходно отстранетиот брзо-заклучувачки клин.



H74778—UN—14JAN03

A—Поддршка за напречната греда
B—Завртки со глава
C—Ексцентар

Ако поддршката за напречната греда (A) не заптива цврсто врз плочата за достава, може да дојде до истекување на жито.

Олабавете ги завртките со глава (B) на двете страни.


Завртете го ексцентарот (C).

Зацврстете ја завртката со глава што го обезбедува ексцентарот.

Зацврстете ги останатите завртки со глава.

OUO6075,0004554-A8-01DEC16

Поддршка за долната врата на куќиштето за достава и заптивната плоча за достава (стил B)



H120113—UN—29NOV16

A—Навртки
B—Завртка со заоблена глава
C—Клин за брзо заклучување
D—Рачка

ВНИМАНИЕ: Подигнете го куќиштето за достава, спуштете го безбедносниот запирач, ИЗГАСНЕТЕ го моторот, дигнете ја паркирната сопирачка и отстранете го клучот.


1. Отстранете ги навртките (A) и завртката со заоблена глава (B) од двете страни на машината.
2. Отстранете го брзо-заклучувачкиот клин (C) и поместете ја рачката (D) надолу и наназад.

ВНИМАНИЕ: Приклучокот за црево кај цилиндарот за подигање на доставната комора може да се оштети заради контакт со долната врата на доставната комора ако вратата се остави отворена кога доставната комора се преместува надолу. Ако приклучокот се оштети, хидрауличкото масло може наеднаш да се ослободи од приклучокот и доставната комора и неочекувано може да падне на земја.

ВАЖНО: Рачката ќе биде навалена лево долу кога доставната комора се спушта.

3. Повлечете ја рачката напред и нагоре за да ја затворите доставната плоча. Прицврстете со претходно отстранетиот брзо-заклучувачки клин.
4. Инсталирајте ја претходно отстранетата завртка со заоблена глава (B) и навртките (A) од двете страни на машините.


Прилагодување на плочата за достава




H120114—UN—29NOV16

A—Поддршка за напречната греда
B—Навртка
C—Навртка

1. Ако поддршката за напречната греда (A) не заптива цврсто врз плочата за достава, може да дојде до истекување на жито.
2. Од кај страната каде што нема празнина, олабавете ја навртката (B) и стегнете ја навртката (C) според потребното.
3. Затегнете ја претходно олабавената навртка (B) врз навртката (C).



H120116—UN—29NOV16



H120115—UN—29NOV16

A—Навртка
B—Навртка
C—Завртка со заоблена глава
D—Клин за брзо заклучување
E—Рачка
F—Навртка
G—Навртка
H—Отвор


4. Ако е потребно понатамошно прилагодување, отстранете ги навртките (A и B) од завртката со заоблена глава (C) од двете страни на машината.
5. Отстранете го брзо-заклучувачкиот клин (D) и поместете ја рачката (E) надолу и наназад.
6. Олабавете ги навртките (F и G) и прилагодете ја поддршката за напречната греда во процепот (H) според потребното.
7. Затегнете ги претходно олабавените навртки (F и G).

ЗАБЕЛЕШКА: Рачката треба лесно да затвора без употреба на многу сила.

8. Повлечете ја рачката (E) напред и нагоре за да ја затворите доставната плоча. Прицврстете со претходно отстранетиот брзо-заклучувачки клин (D).
9. Инсталирајте ја претходно отстранетата завртка со заоблена глава (C) и стегнете ја навртката (A) од двете страни на машините.
10. Стегнете ја претходно отстранетата навртка (B) врз навртката (A) од двете страни на машините.

OUO6075,0004CB9-A8-24OCT19

Собирач на камења



H99239—UN—01DEC10

A—Клин за брзо заклучување
B—Рачка

ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора, спуштете го безбедносниот граничник, изгаснете го моторот, активирајте ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот.


Собирачот на камења го заштитува цилиндерот и корпата од оштетување од камења или карпи.

Извадете го клинот за брзо заклучување (A) и поместете ја рачката (B) за да се отвори собирачот на камења.


Поместете ја рачката надолу за да се затвори собирачот на камења. Блокирајте со клинот за брзо заклучување.

OUO6075,000065C-A8-01DEC10

Прилагодување и поставки на предна/задна страна на рамката за навалување на куќиштето за достава (мануелно навалување)



H95791—UN—22MAR10



H105003—UN—08MAR12

Задни дупки (лево) / предни дупки (десно)

A—Навртки на рамката за накосување, M16
B—Навртка на рамката за накосување, M20
C—Завртка со глава
D—Жлебови на прскалката
E—Навртки
F—Гранична плоча

ВНИМАНИЕ: Спуштете го хедерот до тлото за да ја ослободите затегнатоста од затегите на рамка за накосување напред/назад. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Рамката за накосување напред/назад се користи за местење на точниот однос меѓу лизгачките плочи на платформата и тлото. Таа компензира за различните големини на гуми, поставките на задната оска и други варијабили.


Разлабавете ги навртките на рамката за накосување (A) и навртката (B) на двете страни.

ВАЖНО: Не олабувајте ја завртката со глава (C).

Исклучете ги жлебовите на подлошката (D) од потпорната плоча на двете страни.

ЗАБЕЛЕШКА: Поместете ја десната гранична плоча до задните дупки за монтирање, ако има потреба.

Разлабавете ги навртките (E) и поместете ја граничната плоча (F) наназад на двете страни.




H105751—UN—05SEP12

A—Навртка
B—Затезна спојка


ВАЖНО: Стегачот за црево на мулти-спојката можеби треба повторно да се намести кога се нагодува рамката за накосување напред/назад.

Разлабавете ја навртката (A) и нагодете ја затегата (B) на двете страни по потреба за точен агол на хедерот.

Затегнете ја навртката на затегата на двете страни.



H95791—UN—22MAR10



H105003—UN—08MAR12

Задни дупки (лево) / предни дупки (десно)

A—Навртки на рамката за накосување, M16
B—Навртка на рамката за накосување, M20
C—Завртка со глава
D—Жлебови на прскалката
E—Навртки
F—Гранична плоча

Активирајте ги жлебовите на подлошката (D) во потпорната плоча и затегнете ги навртките на рамката за накосување (A и B) на двете страни според спецификацијата.

Технички податоци (спецификации)

Навртки на рамката за накосување M16 (A)—Вртлив момент. . . . . 300 N·m (221 lb.-ft.)

Навртка на рамката за накосување M20 (B)—Вртлив момент. . . . . 620 N·m (460 lb.-ft.)


ВАЖНО: Не смее да има празнина меѓу граничните плочи и рамката накосување напред/назад по затегнувањето на навртките.

ЗАБЕЛЕШКА: Закачете десна гранична плоча до предните или задните дупки, ако има потреба.

Поместете ја граничната плоча (F) целосно напред на двете страни и зацврстете ги навртките (E) според спецификацијата.

Технички податоци (спецификации)

Навртки на граничната плоча—Вртлив момент. . . . . 130 N·m (96 lb.-ft.)



H94359—UN—24JUN09

A—Винт на оската

Рамката за навалување фабрички е наместена на приближна положба, но ако положбата на гумите или осовините е променета или теренските услови се изменети (мека земја), можеби е неопходно одново де се прилагоди.

Приближна поставка може да се добие без да биде закачен хедерот, на следниот начин:

- Кога машината е на рамна површина, спуштете ја или подигнете ја доставната комора додека винтот на оската (A) не се намести до растојанието на тлото според спецификацијата.


Технички податоци (спецификации)

Винт на оската до тлото—Растојание. . . . . 903 mm (35-1/2 in.)

- Користејќи го нивото како референца, нагодете ја рамката за накосување напред/назад додека предниот дел не е вертикален.

OUO6075,0001757-A8-12MAR14

Поставување на нулта точка на рамката за навалување напред/назад на куќиштето за достава (хидраулично навалување) (ако има во опрема)



H109755—UN—03FEB14

A—Наслонувачки клин

ВНИМАНИЕ: Предупредете ги другите околни машини да останат настрана додека се изведува калибрацијата.

Рамката за накосување напред/назад се користи за местење на точниот однос меѓу лизгачките плочи на платформата и тлото. Тоа компензира за различните величини на гумите, поставки за задната осовина, и другите променливи величини.

Рамката за навалување фабрички е наместена на приближна положба, но ако положбата на гумите или осовините е променета или теренските услови се изменети (мека земја), можеби е неопходно одново да се прилагоди нултата точка.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако теренските услови се нормални, калибрацијата може да се направи на цврста рамна подлога.

Ако теренските услови се меки (остава бразди), калибрацијата МОРА да биде направена на рамно место во нивата.

Може да се постигне приближно прилагодување без да се прикачи хедер. Видете го делот за помош кај апликациите за калибрација или помош кај делот за операторската станица за да го калибрирате опсегот на навалување напред/назад на куќиштето за достава. Во текот на калибрацијата, поставете ја нултата точка со мерење на следново:

1. Навалете ја рамката за напред/назад целосно напред.
2. Спуштајте или подигајте го куќиштето за достава додека растојанието од наслонувачкиот клин (A) до земјата не се постави според спецификацијата.

Технички податоци (спецификации)

Наслонувачки клин до земја (почетна точка)—Растојание. . . . . 1016 mm (40 in)

ЗАБЕЛЕШКА: Може да се користи либела за да се нагоди рамката за навалување напред/назад додека предниот дел не е вертикален.

3. Нагодете ја рамката за навалување напред/назад додека предното лице не е под прав агол во однос на земјата.
4. Кога рамката за навалување напред/назад е под прав агол во однос на земјата или предното лице на рамката за навалување напред/назад е вертикално, растојанието од наслонувачкиот клин до земјата е поставено приближно според спецификацијата.


Технички податоци (спецификации)

Наслонувачки клин до земја (крајна точка)—Растојание. . . . . 903 mm (35-1/2 in)


ЗАБЕЛЕШКА: За време на калибрацијата, прилагодувањето на рамката за навалување напред/назад го менува растојанието од наслонувачкиот клин до земјата од почетни 1016 mm (40 in) на приближно 903 mm (35-1/2 in) за крајната точка.

OUO6075,0004F61-A8-14MAY21

Преносен синџир на доставната комора — Нагодување



H94329—UN—19JUN09



H94336—UN—22JUN09

A—Подлошка
B—Граничник
C—Навртка
D—Подлошка
E—Мерач

Извадете ги штитниците на доставната комора на двете страни.

Една алка на секој синџир мора да се извади кога подлошката (A) се израмнува со внатрешниот раб на предниот граничник (B) како што е покажано.

Зацврстете ја навртката (C) на двете страни на доставната комора сè додека подлошката (D) не е помеѓу крајот на мерачот (E) и дното од скалата.

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете ја затегнатоста на двете страни на секои 25 часа во текот на првите 100 часа.

- Проверете ја затегнатоста на двете страни на


секои 100 часа. Нагодете кога некој дел од подлошката е зад крајот на мерачот.

- Незаобленитe запчаници или барабанот и свиткани оски можат да предизвикаат синџирот да е нерамномерно затегнат, да е престегнат или прелабав.
- Поради преголемата затегнатост на синџирот може да дојде до дефект на оската и лежиштето.

Монтирајте ги бочните штитници на доставната комора.


OUO6075,000067C-A8-22NOV10

Алки на преносниот синџир на доставната комора — Вадење



H87543—UN—17APR07

Три компонентен транспортен синџир за куќиштето за достава



H109687—UN—30JAN14

Четири компонентен транспортен синџир за куќиштето за достава

A—Поместувачка алка
B—Поместувачка алка
C—Странична пречка
D—Слепа навртка
E—Празнина, 1—2 mm (3/64 in.—5/64 in.)

ЗАБЕЛЕШКА: Три компонентниот транспортен синџир за куќиштето за достава е достапен само за HillMaster™ машините.

Кога ги заменувате алките на синџирот секогаш проверете ги запчаниците дали се истрошени.

Отстранете ги поместувачките алките (A) за почетно нагодување на синџирот.

Отстранете ги поместувачките алките (B) за второ нагодување. Кога се прави нагодување по вториот пат, синџирот е истрошен и мора да се замени.

Технички податоци (спецификации)

U-ребро M10 прицврстувачи—Вртлив момент	73 N·m (54 lb.-ft.)
Алка на синџирот M8 слепи навртки—Вртлив момент	25 N·m (18 lb.-ft.)


ВАЖНО: Кога се монтираат конекторски алки, слепите навртки мора да се насочени подалеку од прстените на барабанот.

HillMaster е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Кога слепите навртки на алката на синџирот (D) се затегнати според спецификацијата, празнина (E) треба да има меѓу пречката на конекторската алка (C) и слепата навртка.


OUO6075,0001755-A8-03FEB14

·Барабан на куќиштето за достава (мануелно навалување)—Прилагодување на висина



H90908—UN—27FEB08

Положба само за пченка



H90909—UN—27FEB08

Положба за мали зрна

A—Клин
B—Рачка за висина на барабанот

ВНИМАНИЕ: Подигнете го куќиштето за достава, спуштете го безбедносниот запирач, ИЗГАСНЕТЕ го моторот, дигнете ја паркирната сопирачка и отстранете го клучот.


Отворете ги штитниците на доставната комора.

Извлечете го и држете го клинот (A) додека ја ротирате рачката (B) во позиција за саканата култура на двете страни.

Затворете ги штитниците на доставната комора.


SS43267,0000377-A8-18FEB14

Барабан на куќиштето за достава (хидраулично навалување) (ако има во опрема)—Прилагодување на висина



H109756—UN—04FEB14

Положба само за пченка



H109757—UN—04FEB14

Положба за мали зрна

A—Клин
B—Рачка за висина на барабанот

ВНИМАНИЕ: Подигнете го куќиштето за достава, спуштете го безбедносниот запирач, ИЗГАСНЕТЕ го моторот, дигнете ја паркирната сопирачка и отстранете го клучот.

Отворете ги штитниците на доставната комора.


Повлечете го и задржете го клинот (A) додека ја вртите рачката за висина на барабанот (B) во посакуваната позиција за посевот од двете страни.

ЗАБЕЛЕШКА: Употребете насаден клуч или обичен клуч за да ја вртите рачката за висина на барабанот.

Затворете ги штитниците на доставната комора.

SS43267,00004EA-A8-05MAR15

Промена на преносениот синџир на доставната комора



H102187—UN—13JUN11

A—Запчаник

ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора, спуштете го безбедносниот граничник, изгаснете го моторот, активирајте ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: За препорачаните поставки на запчаникот на преносникот на доставната комора видете под Поставки на културата.

Важни забелешки за 32-забниот запчаник:

- Употребата на запчаникот не се препорачува за пченка.


Препорачано за услови кога доставата е слаба поради следните култури и услови:

- **Култури:** Јачмен, канола, овес, ориз, ‘рж и пченица
- **Услови:** Голем волумен, зелено, влажно, подредено во откоси и слаба достава

Ако се сменат условите на културата или се подобри доставата (посуво, порамномерни откоси, полесна слама) се препорачува употребата на 26-забниот запчаник. Брзината на синџирот се забавува и ја намалува можноста за оштетување на сламата или пред-вршењето и го продолжува животот на синџирот.

Преносниот доставен синџир може да се постави во две брзини со избирање на погонскиот запчаник (A) на десната страна од долната оска.


Користете мали запчаници за мали брзини и големи запчаници за големи брзини.



H102188—UN—13JUN11

A—Навртка
B—Навртка
C—Горна положба
D—Запчаник


1. **За да го преместите преносниот синџир на помал запчаник:** Отворете го десниот преден штитник.
2. Разлабавете ја навртката (A) и турнете го запчаникот наназад.
3. Рзалабевете ја навртката (B) и поместете го запчаникот во горна положба (C).
4. Турнете ја спојката и поместете го запчаникот (D) надвор додека не се фиксира.




H102189—UN—13JUN11

A—Синџир
B—Голем запчаник
C—Мал запчаник

5. Преместете го синџирот (A) од големот запчаник (B) на малот запчаник (C).



H102190—UN—13JUN11



H91064—UN—02APR08

A—Запчаник
B—Навртка
C—Навртки
D—Водилка на синџирот
E—Засеци
F—Запчаник
G—Навртка


6. Преместете го запчаникот (A) во пониска положба и затегнете ја навртката (B).
7. Разлабавете ги навртките (C) и зализгајте ја водилката на синџирот (D) во саканите засеци (E) и затегнете ги навртките.

ЗАБЕЛЕШКА: Не го затегнувајте премногу преносникот на погонскиот доставен синџир. Синџирот може да биде поставен и на пластична водилка.

8. Употребете метален лост во отворите на внатрешната плоча за да го поместите запчаникот (F) нанапред и да ја затегнете навртката (G).
9. Затворете го десниот преден штитник.

OUO6075,0000661-A8-13JUN11

Алки на погонски ланец за подвижната лента на куќиштето за достава—Отстранување



H123467—UN—14FEB18

A—Запчаник
B—Крај на процеп
C—Врска за поврзување

Нормално е со текот на време погонскиот ланец да се растегне. Дополнителните спојни алки овозможуваат погонскиот ланец да се користи подолго.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога ги отстранувате спојните алки, секогаш проверувајте ги запчаниците дали се изабени.


Кога затегнувачкиот запчаник (A) го достигне крајот на процепот (B) отстранете цпојна алка (C).

Погледнете погонски ланец за подвижна лента на куќиште за достава — прилагодување за понатамошни информации.

Кога веќе е искористено конечното прилагодување, ланецот е изабен и мора да се замени.

OUO6075,00048B0-A8-04JUN19

Нагодување на преносниот погонски синџир на доставната комора



H102191—UN—13JUN11

A—Навртка

ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора, спуштете го безбедносниот граничник, изгаснете го моторот, активирајте ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот.

Отворете го десниот преден штитник.

Разлабавете ја навртката (A) и турнете го запчаникот наназад.


ЗАБЕЛЕШКА: За да се овозможи оптимална распределба на материјалот, обвивките треба да бидат отстранети кога се врши жнеење со хедери помали од 9,1 m (30 ft.) или хедери за пченка помали од 12 редови.

Кога се поставени сечилата на распрскувачот на слама (A) и обвивките (B), тоа ја зголемува ширината на ширењето и овозможува подобра распределба на материјалот за поголеми хедери. За повеќе информации, посетете го вашиот трговец со John Deere опрема.

OUO6075,00009D9-A8-28MAR11

Затегнатост на погонскиот ремен на дробилката — нагодување




H98146—UN—21SEP10

A—Клинови за брзо заклучување
B—Штитник

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Спуштете ја целосно дробилката за соодветно да ги затегнете ремените.

Отстранете ги клиновите за брзо заклучување (A) и штитникот (B).



H108275—UN—18JUN13


A—Сигурносна навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач

Олабавете ја сигурносната навртка (A) и затегнете ја навртката (B) така што подлошката (C) да дојде во положба помеѓу крајот на мерачот (D) и дното на основата. Затегнете ја сигурносната навртка.

Поставете го штитникот и затегнете го клиновите за брзо заклучување.

OUO6075,00013DF-A8-18JUN13

Ремен на дробилката — заменување



H105442—UN—18MAY12


A—Клинови за брзо заклучување
B—Штитник
C—Брава
D—Штитник

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Дробилката треба да биде поставена во средна положба за полесно поставување на ременот.

Отстранете ги клиновите за брзо заклучување (A) и штитникот (B).

Отворете ја бравата (C) и завртете го штитникот (D) за да отворите.




H108276—UN—18JUN13

A—Навртки

ЗАБЕЛЕШКА: Означете ја положбата на навртките на затегнувачот пред да ги олабавувате за помош при повторното склопување.


Олабавете ги навртките (A) за да ја намалите затегнатоста на ременот.



H108266—UN—18JUN13

A—Шрафови со глава
B—Штитник

Отстранете ги завртките со глава (A) и штитникот (B).




H108267—UN—18JUN13


A—Навртки
B—Ремен на битерот за празнење

Олабавете ги навртките (A) за да ја намалите затегнатоста на ременот од ременот на битерот за празнење (B).

Внатрешен ремен на дробилката:



H107035—UN—26FEB13



H98161—UN—21SEP10

A—Внатрешен погонски ремен на дробилката
B—Надворешен погонски ремен на дробилката

ЗАБЕЛЕШКА: Завртете го ременот така што навлегува помеѓу ременикот и страничната обвивка.


Отстранете го внатрешниот погонски ремен на дробилката (A) од горните ременици.

Отстранете го надворешниот погонски ремен на дробилката (B) од долните ременици.


Отстранете го внатрешниот погонски ремен на дробилката од долните ременици.

Поставете го резервниот ремен во обратниот редослед.

Надворешен ремен на дробилката:



H107027—UN—26FEB13



H107028—UN—26FEB13


A—Внатрешен погонски ремен на дробилката
B—Ремен на битерот за празнење
C—Надворешен погонски ремен на дробилката

ЗАБЕЛЕШКА: Завртете ги ремените така што да навлегуваат помеѓу ременикот и страничната обвивка.

Отстранете го внатрешниот погонски ремен на дробилката (A) и ременот на битерот за празнење (B) од горните ременици.

Отстранете го надворешниот погонски ремен на дробилката (C) од горните и од долните ременици.

Поставете го резервниот ремен во обратниот редослед.




H108277—UN—18JUN13

A—Ремен на битерот за празнење
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач
E—Сигурносна навртка

Поставете го ременот на битерот за празнење (A) во ременикот.


Затегнете ја навртката (B) така што подлошката (C) да дојде во положба помеѓу крајот на мерачот (D) и дното на основата. Стегнете ја сигурносната навртка (E).



H108266—UN—18JUN13

A—Шрафови со глава
B—Штитник

Поставете го штитникот (B) и затегнете го со завртките со глава (A).




H108278—UN—18JUN13

A—Навртки
B—Водилка на пружината
C—Мерач

Спуштете ја дробилката во средната положба.

Затегнете ги навртките (A) додека водилката на пружината (B) не дојде до крајот од мерачот (C), како што е прикажано.



H108279—UN—18JUN13

A—Навртка
B—Подлошка
C—Мерач
D—Сигурносна навртка


Спуштете ја целосно дробилката за соодветно да го затегнете ременот.

Затегнете ја навртката (A) така што подлошката (B) да дојде во положба помеѓу крајот на мерачот (C) и дното на основата. Стегнете ја сигурносната навртка (D).

Поставете го штитникот и затегнете го клиновите за брзо заклучување.


OUO6075,00013E0-A8-18JUN13

Ремен на вратилото за подигање на дробилката — нагодување



H108280—UN—18JUN13

Стил A



H108281—UN—18JUN13

Стил B

A—Сигурносна навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Ременот на спојното вратило на сецкачот се наоѓа од левата страна на сецкачот.

Олабавете ја сигурносната навртка (A) и затегнете ја навртката (B) така што подлошката (C) да дојде во положба помеѓу крајот на мерачот (D) и дното на основата. Затегнете ја сигурносната навртка.

OUO6075,000436A-A8-10OCT16

Ремен на спојно вратило на сецкач—замена (стил A)




H108282—UN—18JUN13

A—Навртки
B—Ремен на вратилото за подигање на дробилката
C—Крак на затегнувачот
D—Ремен за контрола на отпадоци во моторот (ако постои)
E—Преграда за ремен (се користат 2)
F—Погонски ремен на растоварна спирала (се користат 2)

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.

1. Олабавете ги навртките (A) за да ја ослободите затегнатоста на ременот од спојното вратило на сецкачот (B).
2. Употребете хебла за да ја намалите затегнатоста на ременот на затегнувачката рака (C) за да го отстраните моторниот ремен за справување со остатоци (D).
3. Отстранете ги завртките од преградите на ременот (E).
4. Отстранете и затегнете ги погонските ремени на растоварната спирала (F).



H98502—UN—20OCT10

A—Хардвер
B—Спона
C—Навртка
D—Завртка (употребени се 2)
E—Штитник
F—Ремен на вратилото за подигање на дробилката

5. **Со хидраулична пумпа**
   a. Отстранете ги машинските делови (A) и лентата (B) од двете страни на штитникот.
   b. Отстранете ја навртката (C) од склопот на држачот за пумпата.

ЗАБЕЛЕШКА: Уверете се дека подлошките и изолаторот остануваат на своите места кога ја отстранувате. Поставете ја претходно изваденатa навртка за да ги задржите подлошките и изолаторите во своите места додека е изваден склопот.

   c. Отстранете ги завртките (D) од склопот на пумпата.
   d. Отстранете го штитникот (E) и држачот на склопот на пумпата.
   e. Потпрете го штитникот и склопот на држачот за пумпата настрана.
   f. Отстранете го ременот на вратилото за подигање (F) од горните и од долните ременици.
   g. Поставете го резервниот ремен во обратен редослед.

ЗАБЕЛЕШКА: Порамнете ја кајлата на склопот на пумпата со делот за клуч во ременицата. Уверете се дека подлошките и изолаторите останале на нивното место кај држачот на склопот на пумпата.

   h. Порамнете го склопот на пумпата со


ременицата и затегнете ги завртките согласно спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки—Вртлив момент. . . . . 80 N·m (59 lb·ft)

i. Поставете го штитникот и држачот на склопот на пумпата и затегнете ги со навртката.

j. Поставете ја лентата и на двете страни од штитникот и затегнете со машинските делови.



H108284—UN—18JUN13


A—Погонски ремен на растоварна спирала (се користат 2)
B—Преграда за ремен (се користат 2)
C—Навртка
D—Подлошка
E—Мерач
F—Сигурносна навртка
G—Крак на затегнувачот
H—Ремен за контрола на отпадоци во моторот (ако постои)

k. Поставете ги погонските ремени на растоварната спирала (A).

l. Поставете ги преградите на ремените (B) и затегнете ги со завртките.

m. Стегајте ја навртката (B) додека подлошката (C) не се позиционира меѓу крајот на мерачот (D) и долниот дел на скалилото. Затегнете ја блокирачката навртка (F).

n. Употребете хебла за да ја намалите затегнатоста на ременот на затегнувачката рака (G) за да го инсталирате ременот за управување со остатоци кај моторот (H).




H130219—UN—07MAY20

A—Завртка (употребени се 2)
B—Погонски ремен на растоварна спирала (се користат 2)
C—Јамка на ременот
D—Навртка (2 употребени)

ЗАБЕЛЕШКА: Ставете ги навојниот зацврстувач и заптивката (средна јачина) на заварените навртки на преградата на ременот.

o. Прилагодете ги завртките (A) за да ги центрирате погонските ремени на растоварната спирала (B) помеѓу преградата на ременот (C).

p. Откако погонските ремени на растоварната спирала се центрирани помеѓу преградата на ременот, затегнете ја навртката (D).



H98500—UN—08OCT10

A—Хардвер
B—Спона
C—Штитник
D—Ремен на вратилото за подигање на дробилката

Без хидраулична пумпа


a. Отстранете ги машинските делови (A) и лентата (B) од двете страни на штитникот (C).

b. Отстранете го ременот на вратилото за подигање (D) од горните и од долните ременици.

c. Поставете го резервниот ремен во обратен редослед.

d. Порамнете го штитникот со отворите на држачот.

e. Поставете ја лентата и на двете страни од штитникот и затегнете со машинските делови.



H108285—UN—18JUN13


A—Погонски ремен на растоварна спирала (се користат 2)
B—Преграда за ремен (се користат 2)
C—Навртка
D—Подлошка
E—Мерач
F—Сигурносна навртка
G—Крак на затегнувачот
H—Ремен за контрола на отпадоци во моторот (ако постои)

f. Поставете ги погонските ремени на растоварната спирала (A).

g. Поставете ги преградите на ремените (B) и затегнете ги со завртките.

h. Стегајте ја навртката (B) додека подлошката (C) не се позиционира меѓу крајот на мерачот (D) и долниот дел на скалилото. Затегнете ја блокирачката навртка (F).

i. Употребете хебла за да ја намалите затегнатоста на ременот на затегнувачката рака (G) за да го инсталирате ременот за управување со остатоци кај моторот (H).



H130219—UN—07MAY20

A—Завртка (употребени се 2)
B—Погонски ремен на растоварна спирала (се користат 2)
C—Јамка на ременот
D—Навртка (2 употребени)


ЗАБЕЛЕШКА: Ставете ги навојниот зацврстувач и заптивката (средна јачина) на заварените навртки на преградата на ременот.

j. Прилагодете ги завртките (A) за да ги центрирате погонските ремени на растоварната спирала (B) помеѓу преградата на ременот (C).

k. Откако погонските ремени на растоварната спирала се центрирани помеѓу преградата на ременот, затегнете ја навртката (D).

OUO6075,0004E35-A8-08JUL20

Ремен на спојно вратило на сецкач—замена (стил B)




H108283—UN—18JUN13

A—Завртка (употребени се 4)
B—Хардвер
C—Изолациска лента

⚠ ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.


1. Отстранете ги завртките (A) и машинските делови (B) од изолациската лента (C).
2. Извадете ги склопот на пумпата и држачот за да не пречат.



H108286—UN—18JUN13

A—Навртки
B—Ремен на вратилото за подигање на дробилката
C—Крак на затегнувачот
D—Ремен за контрола на отпадоци во моторот (ако постои)
E—Преграда за ремен (се користат 2)
F—Погонски ремен на растоварна спирала (се користат 2)

3. Олабавете ги навртките (A) за да ја ослободите затегнатоста на ременот од спојното вратило на сецкачот (B).
4. Употребете хебла за да ја намалите затегнатоста на ременот на затегнувачката рака (C) за да го отстраните моторниот ремен за справување со остатоци (D).
5. Отстранете ги завртките од преградите на ременот (E).
6. Отстранете и затегнете ги погонските ремени на растоварната спирала (F).



H98502—UN—20OCT10

A—Хардвер
B—Спона
C—Навртка
D—Завртка (употребени се 2)
E—Штитник
F—Ремен на вратилото за подигање на дробилката

7. **Со хидраулична пумпа**
   a. Извадете ги машинските делови (A) и лентата (B) од двете страни на штитникот.
   b. Отстранете ја навртката (C) од склопот на држачот за пумпата.

   ЗАБЕЛЕШКА: Уверете се дека подлошките и изолаторот остануваат на своите места кога ја отстранувате. Поставете ја претходно изваденатa навртка за да ги задржите подлошките и изолаторите во своите места додека е изваден склопот.

   c. Отстранете ги завртките (D) од склопот на пумпата.
   d. Отстранете го штитникот (E) и држачот на склопот на пумпата.
   e. Потпрете го штитникот и склопот на држачот за пумпата настрана.

f. Отстранете го ремењот на вратилото за подигање (F) од горните и од долните ременици.

g. Поставете го резервниот ремен во обратен редослед.

ЗАБЕЛЕШКА: Порамнете ја кајлата на склопот на пумпата со делот за клуч во ременицата. Уверете се дека подлошките и изолаторите останале на нивното место кај држачот на склопот на пумпата.


h. Порамнете го склопот на пумпата со ременицата и затегнете ги завртките согласно спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки—Вртлив момент	80 N·m (59 lb·ft)

i. Поставете го штитникот и држачот на склопот на пумпата и затегнете ги со навртката.

j. Поставете ја лентата и на двете страни од штитникот и затегнете со машинските делови.



H108287—UN—18JUN13


A—Погонски ремен на растоварна спирала (се користат 2)
B—Преграда за ремен (се користат 2)
C—Навртка
D—Подлошка
E—Мерач
F—Сигурносна навртка
G—Крак на затегнувачот
H—Ремен за контрола на отпадоци во моторот (ако постои)

k. Поставете ги погонските ремени на растоварната спирала (A).

l. Поставете ги преградите на ремените (B) и затегнете ги со завртките.

m. Стегајте ја навртката (B) додека подлошката (C) не се позиционира меѓу крајот на мерачот (D) и долниот дел на скалилото. Затегнете ја блокирачката навртка (F).

n. Употребете хебла за да ја намалите затегнатоста на ремењот на затегнувачката рака (G) за да го инсталирате ремењот за управување со остатоци кај моторот (H).




H130219—UN—07MAY20

A—Завртка (употребени се 2)
B—Погонски ремен на растоварна спирала (се користат 2)
C—Јамка на ремењот
D—Навртка (2 употребени)

ЗАБЕЛЕШКА: Ставете ги навојниот зацврстувач и заптивката (средна јачина) на заварените навртки на преградата на ремењот.

o. Прилагодете ги завртките (A) за да ги центрирате погонските ремени на растоварната спирала (B) помеѓу преградата на ремењот (C).

p. Откако погонските ремени на растоварната спирала се центрирани помеѓу преградата на ремењот, затегнете ја навртката (D).



H108288—UN—18JUN13


A—Завртка (употребени се 4)
B—Изолациска лента
C—Хардвер

q. Порамнете го склопот на пумпата со ременицата и затегнете ги завртките (A) согласно спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки—Вртлив момент. . . . . 80 N·m (59 lb·ft)

r. Поставете ја изолаторската лента (B) и затегнете ја со машинските делови (C).



H98500—UN—08OCT10

A—Хардвер
B—Спона
C—Штитник
D—Ремен на вратилото за подигање на дробилката

Без хидраулична пумпа


a. Отстранете ги машинските делови (A) и лентата (B) од двете страни на штитникот (C).

b. Отстранете го ремењот на вратилото за подигање (D) од горните и од долните ременици.

c. Поставете го резервниот ремен во обратен редослед.

d. Порамнете го штитникот со отворите на држачот.

e. Поставете ја лентата и на двете страни од штитникот и затегнете со машинските делови.



H108287—UN—18JUN13


A—Погонски ремен на растоварна спирала (се користат 2)
B—Преграда за ремен (се користат 2)
C—Навртка
D—Подлошка
E—Мерач
F—Сигурносна навртка
G—Крак на затегнувачот
H—Ремен за контрола на отпадоци во моторот (ако постои)

f. Поставете ги погонските ремени на растоварната спирала (A).

g. Поставете ги преградите на ремените (B) и затегнете ги со завртките.

h. Стегајте ја навртката (B) додека подлошката (C) не се позиционира меѓу крајот на мерачот (D) и долниот дел на скалилото. Затегнете ја блокирачката навртка (F).

i. Употребете хебла за да ја намалите затегнатоста на ремењот на затегнувачката рака (G) за да го инсталирате ремењот за управување со остатоци кај моторот (H).




H130219—UN—07MAY20

A—Завртка (употребени се 2)
B—Погонски ремен на растоварна спирала (се користат 2)
C—Јамка на ременот
D—Навртка (2 употребени)

ЗАБЕЛЕШКА: Ставете ги навојниот зацврстувач и заптивката (средна јачина) на заварените навртки на преградата на ременот.

j. Прилагодете ги завртките (A) за да ги центрирате погонските ремени на растоварната спирала (B) помеѓу преградата на ременот (C).

k. Откако погонските ремени на растоварната спирала се центрирани помеѓу преградата на ременот, затегнете ја навртката (D).



H108288—UN—18JUN13

A—Завртка (употребени се 4)
B—Изолациска лента
C—Хардвер

l. Порамнете го склопот на пумпата со ременицата и затегнете ги завртките (A) согласно спецификациите.

Технички податоци (спецификации)


Завртки—Вртлив момент. . . . . 80 N·m (59 lb·ft)

m. Поставете ја изолаторската лента (B) и затегнете ја со машинските делови (C).


OUO6075,0004E36-A8-08JUL20

Резервоар за жито и систем за растоварување

Резервоар за зрна/скала за моторот



H116816—UN—06JAN16



H118331—UN—04MAY16

A—Скала
B—Блокирачки клин
C—Држач за раце


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Употребете ја скалата (A) за да пристапите до резервоар за зрна.

Повлечете го блокирачкиот клин (B) и завртете го гелендерот (C) нагоре се додека тој да се заклучи во место.

OUO6075,00041C2-A8-04MAY16

Корито за примерок од резервоарот за зрна



H96883—UN—14JUN10



H96884—UN—14JUN10

A—Корито за примерок
B—Врата


1. Коритото за примерок на резервоарот за жито (A) му овозможува на возачот да земе примерок од ожнеаната култура од сврделот за полнење без да се влегува во резервоарот за жито.
2. Со машина полна со ожнеана култура, поместете ја повеќефункционалната рачка во неутрална позиција и активирајте ја паркирната сопирачка.
3. Исклучете ги хедерот и сепараторот.

ВНИМАНИЕ: Не дозволувајте друго лице да проверува примерок од резервоарот за зрна.

4. Отворете ја вратата (B). Долниот крај на коритото на резервоарот за жито истура примерок од ожнеаната култура.

OUO6075,0004FAD-A8-14MAY21

Врати за чистење на резервоарот за зрна



H125361—UN—16NOV18

A—Врата за чистење (се користат 2)
B—Резе (употребени се 2)

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.


Вратите за чистење (A) се на десниот крај кај двете напречни спирали на резервоарот за жито.

Овие врати за чистење мора да бидат отворени за време на складирање или на резервоарот за жито.

Извадете го резето (B) и спуштете ја вратата за чистење од коритата на напречните спирали.

OUO6075,0004A4A-A8-16NOV18

Сензори за наполнетост на резервоарот за гориво — нагодување



H123556—UN—21FEB18

A—Сензор за наполнетост од 3/4
B—Отвор
C—Сензор за наполнетост од 3/4 (изборна положба)
D—Сензор за наполнетост од 4/4
E—Отвори

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Погонот на хедерот мора да биде вклучен за да се огласи звучниот сигнал.

Сензор за наполнетост од 3/4 на резервоарот за зрна:

Сензорот за 3/4 наполнетост (A) е од предната страна на сврделот за полнење на чисто жито или од десната страна на капакот на резервоарот на жито Ако работете во услови на култури со низок проток, сензорот на резервоарот за зрна (C) може да се премести во долниот отвор на десниот капак на резервоарот за зрна.

Нагодете го сензорот со негово поместување повисоко или пониско во отворот (B) или во отворите (E) за да ја нагодете точката на “превртување“. Колку повисоко е поставен сензорот, толку повеќе полн ќе биде резервоарот за зрна кога сирената ќе се озвучува.

Иконата за наполнетост на резервоарот за зрна од 3/4 се појавува на екранот кога зрното ќе го достигне сензорот.

Кога резервоарот за зрна е полн 3/4, ротациските светла се палат за да му сигнализираат на операторот со количката за зрна дека резервоарот за зрна е речиси полн.

Сензор за наполнетост од 4/4 на резервоарот за зрна:

Сензорот за 4/4 наполнетост (D) е од десната страна на продолжетокот на резервоарот на жито или на капакот на резервоарот на жито.

Иконата за наполнетост на резервоарот за зрна од 4/4 се појавува на екранот кога зрното ќе го достигне сензорот.

Нагодете го сензорот со негово поместување повисоко или пониско во отворите (E) за да ја нагодете точката на “превртување”. Колку повисоко е поставен сензорот, толку повеќе полн ќе биде резервоарот за зрна кога сирената ќе се озвучува.

OUO6075,00048B8-A8-21FEB18

Капаци на резервоарот за зрна (ако постојат) — работење



H96897—UN—15JUN10



H115016—UN—22MAR16

Копче за преклопување

⚠ ВНИМАНИЕ: Пред да ја транспортирате машината на јавни патишта, капаците на резервоарот за зрна мора да бидат затворени и антената да биде затегната со куката на покривот од кабината. Избегнувајте контакт со ниски електрични кабли и ниски гранки од дрвја.

ВАЖНО: Резервоарот за жито мора да биде испразнет пред да се преклопат капаците на резервоарот за жито.


ЗАБЕЛЕШКА: Капаците на резервоарот за зрна треба целосно да бидат отворени за да може да се вклучи сепараторот.

Товарната спирала на чисти зрна се подигнува кога капаците на резервоарот за зрна се отворени. Спиралата се спушта надолу кога капаците се затворени.

Притиснете го копчето за склопување на лентата за навигација. Видете го делот за помош кај апликациите за преклопување или помош кај делот за операторската станица за понатамошни информации, за кревање и спуштање на капаците од резервоарот за жито.

OUO6075,0004373-A8-25JAN17

Капаци за резервоарот за зрна (ако постојат) — нагодување



H96901—UN—15JUN10

A—Навртка
B—Винт
C—Номинално растојание, 64 mm (2-1/2 in.)

ЗАБЕЛЕШКА: Нагодете ја само затегата на левата страна од машината. Затегите на десната страна од машината не може да се нагодуваат.

Целосно подигнете ги капаците на резервоарот за зрна.

Олабавете ја навртката (A) и нагодете го винтот (B) сè додека не се постигне номинално растојание (C) помеѓу краевите на затегата, како што е прикажано.

ЗАБЕЛЕШКА: Зголемувањето на растојанието на затегата го зголемува и растојанието помеѓу левиот капак и предниот/задните капаци.


Намалувањето на растојанието на затегата го намалува и растојанието помеѓу левиот капак и предниот/задните капаци.

Затегнете ја навртката кога ќе се постигне растојанието.

Повторете ако е потребно и на останатата затега.

OUO6075,00007F0-A8-21OCT10

Капаци на напречната спирала на резервоарот за зрна



H125345—UN—14NOV18

A—Штифна клин (се користат 4)
B—Клинови (употребени се 4)
C—Капак на сврдел (употребени се 2)

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.

ВАЖНО: Ако капаците на спиралата се премногу далеку, сигурносната завртката на погонот на спиралата може постојано да се скрши или може да се појави оштетување на спиралата или резервоарот за жито.

Капаците на спиралата се користат за да се нагоди стапката на празнење. За да ги нагодите капаците на спиралата:

1. Отстранете ја еластичната штифна (A) и клинот (B) кој ги затегнува краевите на капакот на спиралата (C) на резервоарот за жито.
2. Држете го капакот во посакуваната положба и поставете го претходно отстранетиот клин и еластичната штифна.


За оптимално работење, капаците на спиралата мора да се задржат во рамна позиција (ако е опремено со ActiveYield™) низ целата должина на напречниот сврдел.

ЗАБЕЛЕШКА: Доколку е потребно, прилагодете ги капаците на напречната спирала нагоре или надолу за да ја зголемите или намалите проточната стапка во зависност од видот на културата и влагата. Прилагодувањето на капаците на напречната спирала исто така влијае на потрошувачката на енергија на системот за истовар.

OUO6075,0004A4B-A8-30MAY19

ActiveYield е заштитна марка на Deere & Company

ActiveYield™ (ако е во опремата) капаци на напречен сврдел—отстранување



H125352—UN—14NOV18

A—Стегачи
B—Приклучок на задна напречна спирала (женски приклучок)
C—Приклучок на резервоарот за жито (машки приклучок)
D—Приклучок на предна напречна спирала (машки приклучок)
E—Приклучок на резервоарот за жито (женски приклучок)
F—Штифна клин (се користат 4)
G—Клинови (употребени се 4)
H—Капак на сврдел (употребени се 2)

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.

ВАЖНО: Бидете дополнително претпазливи кога ги вадите и ставате капаците за сврделите. Не стојте врз сензорите и не дозволувајте нешто да падне врз нив.

ЗАБЕЛЕШКА: При одредени состојби на културата и кај посебни култури, капаците на напречната спирала мора да се отстранат.

ActiveYield™ системот МОРА да биде оневозможен кога капаците на напрачниот сврдел се отстрануваат. За повеќе информации погледнете за помош кај апликациите за калибрација или помош кај операторската станица.

1. Отстранете ги спојките за кабелските снопови (A) според потребата.
2. Откачете го конекторот за задниот напречен сврдел (B) од конекторот на резервоарот за жито (C).
3. Откачете го конекторот за предниот напречен сврдел (D) од конекторот на резервоарот за жито (E).
4. Поврзете ги заедно конекторите за резервоарот за жито (C и E) и прицврстете ги со стеги според неопходното.


ВАЖНО: Поврзете го кабелскиот сноп заедно за да го овозможите набљудувањето на приносот дури и ако ActiveYield™ е оневозможено. Прицврстете го кабелскиот сноп со стеги за да спречите контакт со напречните спирали.

5. Отстранете ги еластичната штифна (F) и клинот (G) од двата краја на капакот на спиралата (H).
6. Отстранете го капакот на сврделот од машината и повторете го тоа со преостанатиот капак на сврдел.

OUO6075,0004BC2-A8-31MAY19

ActiveYield е заштитна марка на Deere & Company

Места на сензорите ActiveYield™ (ако има во опрема)



H125412—UN—30NOV18

A—Сензори

ВАЖНО: Не стојте врз сензорите, ниту дозволувајте нешто да падне врз нив бидејќи може да се оштетат.


ЗАБЕЛЕШКА: Два сензори се на капакот од предниот напречен сврдел и еден сензор е на капакот од задниот напречен сврдел.

ActiveYield™ користи сензори (A) кои се наоѓаат во резервоарот за жито на капаците на напречниот сврдел за да ја мерат масата на ожнеаното жито.

OUO6075,0004A55-A8-30NOV18

ActiveYield е заштитна марка на Deere & Company

Место на завртки за смолкнување



H111120—UN—17APR14


A—Смолкнувачка завртка (употребени се 3)

ЗАБЕЛЕШКА: Обезбедени се дополнително три завртки за смолкнување. Локациите варираат во зависност од величината на моторот, нивоа на емисии на мотор и стапката на празнење на резервоарот за жито.

Ако се скршат смолкувачките завртки кај погонскиот дел за празнење, отстранете ги и заменете ги со екстра смолкнувачките завртки (A) од прикажаната локација.

OUO6075,00017C7-A8-17APR14

Сигурносен винт на погонот на растоварната спирала



H96888—UN—14JUN10

A—Сигурносен винт

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.


Употребувајте сигурносен винт (A) доставен само од John Deere, посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема за резервни сигурносни винтови.

Екстра смолкнувачките завртки ќе ги најдете на машината. За повеќе информации видете за место на смолкнувачки завртки во овој дел.

ВАЖНО: Не поставувајте внатрешна цевка на гумата или вреќа на крајот од растоварната спирала. Какво било ограничување на крајот од спиралата може да предизвика оштетување на системот на растоварната спирала и може да предизвика оштетување на сигурносниот винт.

OUO6075,00017C6-A8-16APR14

Дефлектор на товарната спирала на резервоарот за зрна



H96890—UN—14JUN10

A—Дефлектор

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Поставете го дефлекторот (A) според потребите.

Вртење во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот:


- Ветровити услови при жнеење култури како што се семе за трева или маслодајна репка.
- Пченка—резервоарот за жито се полни од лево и од десно.

Вртење во насока на движењето на стрелките на часовникот:

- Пченка—резервоарот за жито се полни од десно и од напред.

OUO6075,0004362-A8-07OCT16

Товарна спирала на резервоарот за зрна (наставки за резервоарот за зрна) — преклопување



H123557—UN—21FEB18

A—Стегачи


ВНИМАНИЕ: Товарната спирала на резервоарот за зрна е тешка. Бидете посебно внимателни кога ја подигнувате или спуштате спиралата.

Вкупната висина на машината е намалена за 0.5 m (1-1/2 ft) кога продолжетоците за резервоарот за жито се спуштени.

Задржете го врвот на сврделот и ослободете ги стегаките (A). Спуштете ја спиралата на капакот на напречната спирала.

OUO6075,00048B9-A8-21FEB18

Товарна спирала на резервоарот за зрна (капаци за резервоарот за зрна) — нагодување



H123558—UN—21FEB18

A—Навртка
B—Товарна спирала на резервоарот за зрна
C—Куќиште на преминот
D—Навртка


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека капаците на резервоарот за зрна се целосно подигнати.

Нагодете ја навртката (A) додека товарната спирала на резервоарот за зрна (B) не дојде во контакт со куќиштето на преминот (C).

Прилагодете ја навртката (A) за уште 1/2 завртување и затегнете ја навртката (D) за да ја заклучите завртката со прстенеста глава во нејзиното место.

ЗАБЕЛЕШКА: Ова го држи куќиштето на товарната спирала цврсто наспроти куќиштето на преминот осигурувајќи дека товарната спирала е целосно активирана со управувачот на менувачот на брзини.



H123559—UN—21FEB18

A—Навртка
B—Затезна спојка
C—Носач

Олабавете ја навртката (A) и прилагодете ја шпанер стегалката (B) така да се добие мало затегнување врз шпанер стегалката.


ЗАБЕЛЕШКА: Издолжете ја или скратете ја шпанер стегалката за да го зголемите или намалите празниот простор меѓу куќиштето на сврделот за полнење и преодното куќиште.

Клинот на крајот од шпанер стегалката треба слободно да се врти кога е правилно прилагодено.

Уверете се држачот (C) да е насочен на напред од машината и стегнете ја навртката (A) за да заклучите шпанер стегалката (B) на место.

OUO6075,00048BA-A8-22FEB18

Плочка на сензор за протокот на маса — чистење



H123557—UN—21FEB18

A—Стегачи


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Товарната спирала на резервоарот за зрна е тешка. Бидете посебно внимателни кога ја подигнувате или спуштате спиралата.

Отстранете го коритото за примерок од резервоарот за жито (ако има во опрема).

Задржете го врвот на сврделот за полнење на резервоарот за жито и ослободете ги стегаките (A).

Спуштете го сврделот за полнење на резервоарот за жито.



H123560—UN—21FEB18


A—Плочка на сензорот за проток на маса

Исчистете ја плочката на сензорот за проток на маса (A).

Подигнете го сврделот за полнење на резервоарот за жито целосно врз преносното куќиште и прицврстете со стегалките.

OUO6075,00048BB-A8-22FEB18

Плочка на сензорот за протокот на маса (капаци на резервоарот за зрна) — чистење



H123561—UN—21FEB18

A—Клин
B—Клин за брзо заклучување
C—Клин
D—Затезна спојка
E—Рачка
F—Товарна спирала на резервоарот за зрна


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

НЕМОЈТЕ да го влечете или отстранувате клинот (A) за да ја спуштите товарната спирала на резервоарот за зрна. Отстранувањето на клинот може да резултира во лична повреда или оштетување на машината.

Товарната спирала на резервоарот за зрна е тешка. Бидете посебно внимателни кога ја подигнувате или спуштате спиралата.

Отстранете го клинот за брзо заклучување (B) и клинот (C) од затегата (D).

Употребете ја рачката (E) како помош при спуштањето на сврделот за полнење на резервоарот за жито (F).



H123560—UN—21FEB18

A—Плочка на сензорот за проток на маса


Исчистете ја плочката на сензорот за проток на маса (A).

Подигнете го сврделот за полнење на резервоарот за жито целосно врз преносното куќиште.

Порамнете ја шпанер стегалката со отворот и прицврстете со клин и брзо заклучувачки клин.

OUO6075,00048BC-A8-23FEB18

Погонски синџир на растоварната спирала — нагодување



H96891—UN—14JUN10


A—Навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Крај на мерач

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја навртката (A). Стегнете ја навртката (B) се додека подлошката (C) да се порамни со крајот на елементот (D). Затегнете ја сигурносната навртка.

OUO6075,0004364-A8-07OCT16

Погонски ланец на растоварната спирала - вадење



H126295—UN—08MAY19

A—Пружина за затегање
B—Запчаник
C—Крај на процеп
D—Врска за поврзување

Нормално е со текот на време погонскиот ланец да се растегне. Дополнителните спојни алки овозможуваат погонскиот ланец да се користи подолго.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога ги отстранувате спојните алки, секогаш проверувајте ги запчаниците дали се изабени.


Кога затегнувачот на пружината (A) не може повеќе да се нагодува или кога затегнувачкиот запчаник (B) го достигне крајот на процепот (C) отстранете ја спојната алка (D).

За повеќе информации, видете го делот Погонски ланец на растоварната спирала — нагодување.

Кога веќе е искористено конечното прилагодување, ланецот е изабен и мора да се замени.

OUO6075,0004B92-A8-04JUN19

Оквирен носач на растоварната спирала — нагодување



H106291—UN—19DEC12

A—Растоварна спирала
B—Носечка плоча
C—Локација
D—Завртки со глава
E—Оквирен носач
F—Плоча на резервоарот за зрна

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

1. Занишајте ја растоварната спирала во положба за складирање или во положба за транспорт.

ЗАБЕЛЕШКА: Не треба да има празнина меѓу сврделот за празнење (A) и носечката плоча (B) на местото (C) кога е правилно прилагодено.


2. Ако постои празнина меѓу сврделот за празнење и носечката плоча, олабавете ја завртката (D) и вертикално прилагодете ја поддршката на елементот во форма на лулка (E) се додека долниот дел на носечката плоча да ја допре долната површина на сврделот за празнење.

ЗАБЕЛЕШКА: Горната површина на поддршката на лулката (E) МОРА да биде паралелна со горниот дел од плочата на резервоарот за жито (F).


3. Затегнете ги завртките со глава кога оквирот е нагоден.

OUO6075,0004367-A8-07OCT16

Положба на растоварната спирала — нагодување (стил A)



H106293—UN—07DEC12



H106322—UN—11DEC12

A—Завртка со глава (употребени се 8)
B—Капак
C—Штифна
D—Навртка и подлошка
E—Клин
F—Навртка
G—Винт со окце
H—Носечка плоча

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.


1. Отстранете ги завртките со глава (A) и капакот (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Растоварната спирала МОРА да ја допира носечката плоча кога е соодветно нагодена.

2. Отстранете го игличестиот клин (C), навртката, подлошката (D) и клинот (E).
3. Олабавете ја навртката (F) и нагодете го винтот со окце (G) додека растоварната спирала малку не дојде во контакт со носечката плоча (H).
4. Поставете ги претходно извадените делови и капакот после нагодувањето на растоварната спирала.

OUO6075,0004D3A-A8-09JAN20

Положба на растоварната спирала — нагодување (стил B)



H125348—UN—14NOV18

A—Завртка со глава (употребени се 6)
B—Држач на цилиндарот
C—Оквирен носач

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.

ЗАБЕЛЕШКА: Цилиндарот мора да биде целосно вовлечен за да се постави точната позиција.


1. Олабавете ги завртките со глава (A).
2. Прилагодете ја растоварната спирала навнатре или нанадвор за да го придвижите држачот на цилиндерот (B) напред или наназад сè додека растоварната спирала не се постави правилно на потпирачот на држачот (C).
3. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент. . . . . 422 N·m (311 lb·ft)


OUO6075,0004D3B-A8-09JAN20

Положби на рачката за заклучување на растоварната спирала



H106300—UN—10DEC12

Положба за теренска работа



H106292—UN—10DEC12

Положба за складирање/положба за транспорт

A—Рачка за заклучување
B—Клин
C—Клин со пружина

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Положба за теренска работа


Спуштете ја рачката за заклучување (A) како што е прикажано и поставете го клинот (B) и затегнете го со клинот со пружина (C).

Складирање/транспортна положба

Подигнете ја рачката за заклучување (A) како што е прикажано и поставете го клинот (B) и затегнете го со клинот со пружина (C).

OUO6075,0004369-A8-20DEC16

Погонски ремен на сврдел за празнење—замена (стил А)




H108390—UN—25JUN13

А—Крак на затегнувачот
В—Ремен за управување со остатоци кај моторот (ако има во опрема)

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека хидрауличниот цилиндар на растоварната спирала е исклучен и повлечен.


1. Употребете хебла за да ја намалите затегнатоста на ременот на затегнувачката рака (А), потоа отстранете го ремен за управување со остатоци кај моторот (В).



H105391—UN—09MAY12

А—Затегнувач


2. Олабавете го затегнувачот (А) на погонскиот ланец на растоварната спирала.



H130209—UN—07MAY20

А—Погонски ланец на растоварната спирала
В—Запчаник


3. Извадете го погонскиот ланец на растоварната спирала (А) од запчаникот (В).



H130210—UN—07MAY20

А—Навртка (2 употребени)
В—Завртка со глава (2 употребени)
С—Јамка на ременот


4. Олабавете ја навртката (А) и завртката (В).
5. Отстранете ги завртките од преградата на ременот (С).
6. Отстранете ја преградата на ременот од машината.



H130220—UN—07MAY20

A—Јамка на ременот
B—Погонски ремен на растоварна спирала (се користат 2)

7. Отстранете ги завртките од преградата на ременот (A).
8. Отстранете ја преградата на ременот од машината.
9. Извадете ги погонските ремени на растоварната спирала (B).
10. Поставете ги резервните погонски ремени на растоварната спирала и претходно извадените прегради на ремените.



H130219—UN—07MAY20


A—Завртка со глава (употребени се 2)
B—Погонски ремен на растоварна спирала (се користат 2)
C—Јамка на ременот
D—Навртка (2 употребени)

ЗАБЕЛЕШКА: Ставете ги навојниот зацврстувач и заптивката (средна јачина) на заварените навртки на преградата на ременот.

11. Прилагодете ги завртките (A) за да ги центрирате погонските ремени на растоварната спирала (B) помеѓу преградата на ременот (C).
12. Откако погонските ремени на растоварната спирала се центрирани помеѓу преградата на ременот, затегнете ја навртката (D).
13. Употребете хебла за да ја намалите затегнатоста на ременот на затегнувачката рака, потоа инсталирајте го ременот за управување со остатоци кај моторот.
14. Поставете го штитникот и затегнете го со завртките.
15. Инсталирајте го погонскиот ланец и прилагодете го затегнувачот сè додека подлошката се порамни со крајот на мерачот.

OUO6075,0004E31-A8-08JUL20

Погонски ремен на сврдел за празнење—замена (стил B)



H108393—UN—25JUN13


A—Завртка со глава
B—Крак на затегнувачот
C—Ремен за управување со остатоци кај моторот (ако има во опрема)

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека хидрауличниот цилиндар на растоварната спирала е исклучен и повлечен.

1. Отстранете ги завртките (A) и склопот на потпорната пумпа за да не пречат.
2. Употребете хебла за да ја намалите затегнатоста на ременот на затегнувачката рака (B), потоа


отстранете го ременот за управување со остатоци кај моторот (C).



H105391—UN—09MAY12

A—Затегнувач


3. Олабавете го затегнувачот (A) на погонскиот ланец на растоварната спирала.



H130209—UN—07MAY20

A—Погонски ланец на растоварната спирала
B—Запчаник

4. Извадете го погонскиот ланец на растоварната спирала (A) од запчаникот (B).




H130210—UN—07MAY20

A—Навртка (2 употребени)
B—Завртка со глава (2 употребени)

C—Јамка на ременот


5. Олабавете ја навртката (A) и завртката (B).
6. Отстранете ги завртките од преградата на ременот (C).
7. Отстранете ја преградата на ременот од машината.



H130211—UN—07MAY20

A—Јамка на ременот
B—Погонски ремен на растоварна спирала (се користат 2)

8. Отстранете ги завртките од преградата на ременот (A).
9. Отстранете ја преградата на ременот од машината.
10. Извадете ги погонските ремени на растоварната спирала (B).
11. Поставете ги резервните погонски ремени на растоварната спирала и претходно извадените прегради на ремените.



H130219—UN—07MAY20

A—Завртка со глава (употребени се 2)
B—Погонски ремен на растоварна спирала (се користат 2)
C—Јамка на ременот
D—Навртка (2 употребени)

ЗАБЕЛЕШКА: Ставете ги навојниот зацврстувач и заптивката (средна јачина) на заварените навртки на преградата на ременот.

12. Прилагодете ги завртките (A) за да ги центрирате погонските ремени на растоварната спирала (B) помеѓу преградата на ременот (C).
13. Откако погонските ремени на растоварната спирала се центрирани помеѓу преградата на ременот, затегнете ја навртката (D).
14. Поставете го склопот на пумпата и затегнете ги завртките според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент. . . . . 80 N·m (59 lb·ft)

15. Употребете хебла за да ја намалите затегнатоста на ременот на затегнувачката рака, потоа инсталирајте го ременот за управување со остатоци кај моторот.
16. Поставете го штитникот и затегнете го со завртките.
17. Инсталирајте го погонскиот ланец и прилагодете го затегнувачот сè додека подлошката се порамни со крајот на мерачот.

OUO6075,0004E32-A8-08JUL20

Заварување во близина на електронски контролни единици



TS953—UN—15MAY90

ВАЖНО: Не стартувајте го моторот со користење на опрема за заварување. Струјните кола и напоните се премногу високи и може да предизвикаат трајно оштетување.

1. Исклучете го негативниот (-) кабел (кабли) на акумулаторот.
2. Исклучете го позитивниот (+) кабел (кабли) на акумулаторот.
3. Поврзете ги позитивните и негативните кабли заедно. Не прикачувајте на рамот на возилото.
4. Отстранете или поместете ги приклучоците на кабелскиот сноп подалеку од просторот каде ќе се заварува.
5. Поврзете ја масата на апаратот за заварување во близина на точката на заварување и подалеку од контролните единици.
6. По остварено заварување, повторете ги чекорите 1—5 во обратен редослед.

DX,WW,ECU02-A8-14AUG09


Одржувајте ги чисти приклучоците на електронската контролна единица

ВАЖНО: Не отворајте ја контролната единица и не чистете ја со млаз под висок притисок. Влага, прашина и други загадувачи може да предизвикаат трајно оштетување.

1. Одржувајте ги приклучоците чисти и без непознати материјали. Влага, прашина и други загадувачи може да предизвикаат нагризување на приклучоците со тек на време, а тоа ќе предизвика слабо електрично поврзување.
2. Ако некој приклучок не се употребува, поставете соодветен капак против прашина или соодветен капак за да го заштитете од непознати материјали и влага.
3. Контролните единици не може да се поправат.
4. Бидејќи контролните единици се компонентите кои НАЈМАЛКУ може да откажат, изолирајте можни дефекти со извршување на дијагностичка постапка. (Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.)
5. Приклучоците на кабелскиот сноп и приклучоците на електронските контролни единици можат да се поправат.


DX,WW,ECU04-A8-11JUN09

Почитувајте ги мерките за претпазливост при сервисирање на електричниот систем



H125566—UN—21JAN19

Стил А



H96581—UN—30JUN10

Стил В

ВНИМАНИЕ: Машините мора да бидат на рамна површина за да се проверат нивоата на течностите. Нивото на течност во акумулаторот треба да биде видливо на врвот од секој отвор за полнење кој ги покрива плочките во секоја ќелија.

Чувајте го акумулаторот подалеку од искри и оган затоа што гасот кој се испушта од електролитите е експлозивен. За да избегнете создавање на искри, поврзете го кабелот за приклучок (маса) на крајот, а откачете го на почетокот. За да избегнете шокови и изгореници, пред да сервисирате некој дел од електричниот систем или кога ги отстранувате акумулаторите, поставете го прекинувачот за исклучување на акумулаторот во положба OFF (исклучено).

OUO6075,0004A94-A8-11JAN19

Ракување со основни електрични компоненти / предупредувања за возила опремени со системи контролирани преку компјутер

- Никогаш не одвојувајте ги акумулаторите додека клучот за стартување е во вклучена положба и моторот работи.

  Зошто: Ова може да предизвика скокови во напонот што може да ги оштети електронските компоненти.

- Не приклучувајте кабли за помошно стартување додека клучот за стартување е во вклучена положба.

  Зошто: Ова може да предизвика скокови во напонот што може да ги оштети електронските компоненти.

- Одвојте ги батериите пред да вршите полнење (ако е можно)

  Зошто: Електричните оптоварувања во машината може да го забават процесот на полнење. Полначите на акумулатори можат да предизвикаат скокови во напонот што може да ги оштети електронските компоненти.

- Никогаш не вршете помошно стартување на машината со напон кој е повисок од оној со кој машината е дизајнирана да работи

  Зошто: Ова може да ги оштети електронските компоненти

- Не ги приклучувајте или одвојувајте електричните приклучоци додека клучот за стартување е во вклучена положба или додека машината работи.

  Зошто: Ова може да предизвика грешки во компјутерскиот систем поради прекинување на компјутерската програма додека таа работи, а електричните скокови во напонот може да ги оштетат електронските компоненти.

- Не нанесувајте енергија или маса на која било компонента како тест, освен ако не сте посебно упатени да го сторите тоа.

  Зошто: Поврзувањето погрешен напон на погрешна точка од електронскиот систем може да предизвика дефекти во електронските компоненти.

- Кога заварувате на машината, осигурете да го поврзете водот за маса на деловите кои се заварууваат. За максимална заштита, исклучете ги сите електронски контролори пред да заварувате.


  Зошто: Високите напони поврзани со заварувањето можат да ги оштетат кабелските снопови кои се вклучени во патеката на масата. Заварувањето може да предизвика електрични скокови во напонот што може да ги оштети електронските компоненти.

KC01776,00003CF-A8-19MAR01

Безбедно ракување со акумулатори



TS204—UN—15APR13



TS203—UN—23AUG88

Гасот од акумулаторот може да експлодира. Држете искри и оган подалеку од акумулаторот. Користете џебна батерија за да го проверете нивото на електролити во акумулаторот.

Никогаш не проверувајте дали е полн акумулаторот со поставување на метален предмет на приклучоците. Користете волт-метар или хидрометар.

Секогаш отстранувајте го најпрво заземјениот (-) приклучок од акумулаторот и заменувајте го заземјениот приклучок последен.

Сулфурната киселина во електролитот на акумулаторот е отровна и доволно јака за да ја изгори кожата, да направи дупки во облеката и да предизвика слепило ако дојде во контакт со очите.

Избегнете опасности преку:

- Полнење на акумулаторите во добро проветрена просторија
- Носење на заштита за очи и гумени ракавици
- Избегнувајте употреба на воздушен притисок за да го чистете акумулаторот
- Избегнувајте вдишување на пареата што се ослободува кога се додава електролит
- Избегнувајте пролевање или капење на електролитите
- Користење на соодветна постапка за помошен акумулатор или полнач.

Ако киселината дојде во контакт со кожата или очите:

1. Обилно измијте ја кожата со вода.
2. За да помогнете да се неутрализира киселината, нанесете сода бикарбона или вар на оштетените места на кожата.
3. Мијте ги очите со вода 15—30 минути. Веднаш побарајте медицинска помош.


Ако случајно се проголта киселина:

1. Во никој случај не предизвикувајте повраќање.
2. Пијте големи количини на вода или млеко; но не повеќе од 2 L (2 qt).
3. Веднаш побарајте медицинска помош.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Кутиите на акумулаторите, приклучоците и поврзаните додатни опреми содржат олово и соединенија на олово, хемикалии познати на државата Калифорнија дека предизвикуваат рак и го оштетуваат репродуктивниот систем. **Измијте ги рацете по работата.**

DX,WW,BATTERIES-A8-02DEC10

Акумулатори — безбедно поставување



H125567—UN—21JAN19

Стил А



H96586—UN—30JUN10

Стил B

A—Цевки за вентилација

ВНИМАНИЕ: Машините мора да бидат на рамна површина за да се проверат нивоата на течностите. Нивото на течност во акумулаторот треба да биде видливо на врвот од секој отвор за полнење кој ги покрива плочките во секоја ќелија.

Избегнете сериозна повреда или смрт поради експлозии. Можат да се насоберат високи нивоа на водороден гас ако кутијата за акумулаторот нема соодветна вентилација. Секогаш поставете ги повторно цевките за вентилација (A) откако ќе извршите сервисирање или одржување на акумулаторите или на кутијата за акумулатор. Осигурете дека цревата за вентилација не се искривени или прекинати.

Резервните акумулатори мора да имаат наставки за вентилација погодни за приклучување црева за вентилација. Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема за резервни акумулатори опремени со наставки за вентилација.

Ако цевките за вентилација не се приклучени на акумулаторот, тогаш капакот на акумулаторот мора да остане отворен секогаш кога моторот на машината работи или секогаш кога акумулаторите се полнат со надворешен полнач.

OUO6075,0004A95-A8-11JAN19

Кабли на акумулаторот — поврзување

ВНИМАНИЕ: АКУМУЛАТОРИТЕ СЕ САМО НЕГАТИВНО ЗАЗЕМЈЕНИ. Секогаш поврзете ја лентата за заземјување на акумулаторот со негативните (-) приклучоци на акумулаторот. Поврзете го кабелот на стартерот со позитивниот (+) приклучок на акумулаторот. Обратниот поларитет на акумулаторот или на приклучоците на алтернаторот резултира во трајно оштетување на електричниот систем. Приклучувајте ја лентата за заземјување со негативната (-) клема на крајот.

ВАЖНО: Акумулаторите мора да ги имаат истите положби на клемите.

Кога приклучувате акумулатори:

Исклучете ги сите прекинувачи и дополнителни опреми. Исчистете ги приклучоците на акумулаторот и клемите.

ПОТЧУКНЕТЕ ЈА БРЗО лентата за заземјување во негативниот приклучок. Не смее да се појави искрење. Ако се појави искрење, НЕ ОСТВАРУВАЈТЕ ГО ПОВРЗУВАЊЕТО. Проверете положбата на акумулаторот да не е обратна.

Ако сè уште се појавува искрење, проверете повторно дали сите прекинувачи и дополнителни опреми се исклучени. Потоа, проверете да нема краток спој, прекршени жици или лабави или кородирани приклучоци.

Поврзете ги негативните (-) ленти за заземјување на акумулаторот.

OUO6075,00007D7-A8-19MAR07

Акумулатори — полнење

Одржувајте го акумулаторот целосно наполнет, особено за време на ладни временски услови. Неуспешноста да се одржува акумулаторот наполнет, над 12,50 волти, може да резултира во намален век на траење на акумулаторот.

ВНИМАНИЕ: Никогаш не полнете замрзнат акумулатор. Одмрзнете на собна температура пред да приклучувате полнач за акумулатори. Полнете акумулатори само во добро проветрена просторија. Исклучете ги и двата кабли од клемите на акумулаторот кога ги полните акумулаторите внатре во комбајнот.

ВАЖНО: Ако акумулаторите не се целосно наполнети, електролитот може да замрзне.

Одредете кој акумулатор мора да биде наполнет.

Одвојте ги и двата кабли на акумулаторот и поврзете го позитивниот кабел на полначот со клемата "+" и негативниот кабел на полначот со клемата "-".

Следете ги упатствата дадени заедно со полначот. Секогаш полнете ги акумулаторите со полнач од 12 волти.


OUO6075,00007D8-A8-19MAR07

Акумулатори — проверување на специфичната тежина

ВНИМАНИЕ: Акумулаторите мора да бидат на рамна површина за прецизно да се проверат нивоата на течноста. Нивото на течност во акумулаторот треба да биде видливо на врвот од секој отвор за полнење кој ги покрива плочките во секоја ќелија.

Гасот од акумулаторот може да експлодира. Држете искри и пламен подалеку од акумулаторот. Користете џебна батерија за да го проверете нивото на електролити во акумулаторот.

Никогаш не проверувајте дали е полн акумулаторот со поставување на метален предмет на приклучоците. Користете волтметар или хидрометар.




TS182—UN—23AUG88

Проверете ја специфичната тежина на електролитот во секоја ќелија со хидрометар за акумулатор за да ја одредите состојбата на акумулаторот. Наполнете го акумулаторот ако отчитувањата се под 1,225. Заменете го акумулаторот ако разликите помеѓу ќелиите се повеќе од 0,050.

Секогаш исправете го отчитувањето на специфичната тежина според варијациите на температурата на електролитите. Додадете 0,004 за секои 10°F над 80°F. (Додадете 0,007 за секои 10°C над 27°C.) Одземете со истата стапка ако температурата на електролитот е под 80°F (27°C). Точната специфична тежина на целосно наполнет акумулатор изнесува 1,265 — 1,280.


OUO6075,00007D9-A8-19MAR07

Поврзување помошни акумулатори



H125568—UN—21JAN19

Стил А



H123369—UN—08FEB18

Стил B

A—Позитивен (+) приклучок/клема
B—Негативен (-) приклучок/клема

Палењето на ладно време може да биде полесно со паралелно поврзување на дополнителен акумулатор од 12 волти.

ВНИМАНИЕ: Гасот кој го испуштаат акумулаторите е експлозивен. Избегнувајте искри во близина на акумулаторите.

ВАЖНО: Никогаш не ги поврзувајте преспојните кабли при ВКЛУЧЕН контактен клуч или прекинувач за одспојување на акумулатор. Никогаш не го стартувајте моторот со преспојување на извор на електрична енергија со напон поголем од 12 волти.


Отстранете ги заштитните капаци од приклучоците/клемите.

Првиот преспоен кабел мора да биде поврзан со позитивната (+) клема на помошниот акумулатор. Поврзете го другиот крај на позитивната (+) клема (A) со акумулаторот на машината.

Вториот преспоен кабел мора да биде поврзан со негативната (-) клема на помошниот акумулатор. Поврзете го другиот крај на негативната (-) клема (B) со акумулаторот на машината.

OUO6075,0004A96-A8-11JAN19


Акумулатори—отстранување и инсталирање (стил A)



H125569—UN—21JAN19

A—Прекинувач за исклучување на акумулаторот
B—Завртка со глава (2 употребени)
C—Капак

1. Завртете го прекинувачот за исклучување на акумулаторот (A) во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот во положба ИСКЛУЧЕНО.
2. Отстранете ги завртките (B) и капакот (C) за да пристапите до акумулаторот.



H125570—UN—21JAN19


A—Позитивен кабел
B—Негативен кабел
C—Стегалка

3. Одвојте го позитивниот (+) кабел (A) и негативниот (-) кабел (B).
4. Отстранете го стегачот (C) и цевките за вентилација на акумулаторот.

5. Исчистете го акумулаторот и површината за монтирање на акумулаторот.
6. Инсталирајте го акумулаторот во акумулаторското куќиште.
7. Исчистете ги каблите и клемите на акумулаторот и повторно поврзете ги цевките за вентилација на акумулаторот.
8. Приклучете го позитивниот (+) кабел и негативниот (-) кабел.
9. Инсталирајте ја и стегнете ја стегата за акумулаторите.
10. Поставете го капакот и затегнете го со претходно отстранетите завртките со глава.
11. Завртете го прекинувачот за исклучување на акумулаторот во насока на движењето на стрелките на часовникот во положба ВКЛУЧЕНО.

OUO6075,0004A97-A8-11JAN19


Акумулатори—отстранување и инсталирање (стил B)



H123348—UN—08FEB18

A—Прекинувач за исклучување на акумулаторот
B—Завртки со глава (9 во употреба)
C—Капак

1. Завртете го прекинувачот за исклучување на акумулаторот (A) во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот во положба ИСКЛУЧЕНО.
2. Отстранете ги завртките со глава (B) и капакот (C) за да пристапите до акумулаторите.




H96583—UN—30JUN10

A—Стегач
B—Позитивен кабел
C—Негативен кабел

3. Отстранете го стегачот (A) и цевките за вентилација на акумулаторот.
4. Одвојте го позитивниот (+) кабел (B) и негативниот (-) кабел (C).
5. Исчистете ги акумулаторите и површината за монтирање на акумулаторот.
6. Инсталирајте ги акумулаторите во акумулаторското куќиште.
7. Исчистете ги акумулаторските кабли, клеми и повторно поврзете ги вентилационите цевки.
8. Приклучете го позитивниот (+) кабел и негативниот (-) кабел.
9. Инсталирајте ја и стегнете ја стегата за акумулаторите.
10. Поставете го капакот и затегнете го со претходно отстранетите завртките со глава.
11. Завртете го прекинувачот за исклучување на акумулаторот во насока на движењето на стрелките на часовникот во положба ВКЛУЧЕНО.


OUO6075,0004898-A8-07FEB18

Прекинувач за исклучување на акумулаторот



H125571—UN—21JAN19

Стил А



H123349—UN—07FEB18

Стил В

А—Прекинувач за исклучување на акумулаторот


ВАЖНО: Конечно ниво 4/фаза V: Акумулаторот не треба да го исклучувате најмалку 90 секунди откако ќе ја ИСКЛУЧИТЕ машината. За тоа време катализаторскиот систем за селективно намалување (SCR) автоматски ги прочистува цевките од течноста за издув на дизел мотор (DEF), веднаш по ИСКЛУЧУВАЊЕТО на машината. Ако не се остави доволно време за прочистување на линиите, течноста што останува во линиите може да кристализира и да ги запуши линиите. Во екстремно студено време, течноста се замрзнува и веројатно ќе ги пукне линиите.

ЗАБЕЛЕШКА: Завртете го прекинувачот за исклучување на акумулаторот во положбата OFF (исклучено) ако машината се складира повеќе од 25 денови. Ако периодот на складирање е над 90 денови, отстранете го негативниот крај на акумулаторите за да го намалите оптоварувањето на акумулаторите.

Завртете го прекинувачот за исклучување на акумулаторот (А) во насока на стрелките на часовникот за да го ВКЛУЧИТЕ електричниот систем или завртете го прекинувачот спротивно од насоката на стрелките на часовникот за да го ИСКЛУЧИТЕ електричниот систем на машината.


OUO6075,0004A98-A8-11JAN19

Центар за осигурувачи на машината



H121173—UN—04APR17

Стил А



H121174—UN—04APR17

Стил В

А—Јазиче за блокирање
В—Капак

ЗАБЕЛЕШКА: Центарот за осигурувачи е од десната страна или од лева страна зависно од моделот на машината.


Резервните осигурувачи и извлекувачот на осигурувач се наоѓаат под капакот.

Притиснете го јазичето за блокирање (A) и завртете го капакот (B) во насока спротивна на движењето на стрелките на часовникот за да го отворите центарот за осигурувачи.

- F1—F2 не се користи
- F3—(15A) (cc# 0642), Контролна единица RC2 напојување 1
- F6—(15A) (cc# 0652), Контролна единица RC2 напојување 2
- F7—(30A) (cc# 0342), Контролна единица RC1 напојување 1
- F8—не се користи
- F9—(30A) (cc# 0362), Десен модул за напојување 1 (RPM1) напојување 5
- F11—(20A) (cc# 0332), Десен модул за напојување 1 (RPM1) напојување 3
- F12—(20A) (cc# 0322), Десен модул за напојување 1 (RPM1) напојување 2
- F13—F14 не се користи
- F15—(20A) (cc# 0352), Десен модул за напојување 1 (RPM1) напојување 4
- F16—не се користи
- F17 — (30A) (cc# 0912), Системска моќност со сензор за жито
- F18—(25A) (cc# 0372), Контролна единица RC1 напојување 2
- F19—F26 не се користи
- F27—(30A) (cc# 0152), Контролна единица LC1 напојување 2
- F28—F30 не се користи
- F31—(10A) (cc# 0012), Директно акумулаторско напојување
- F32—(30A) (cc# 0142), Лев напојувачки модул 1A (LPM1A) напојување 4
- F33—не се користи
- F34- (30A) (cc # 0112), Лев напојувачки модул 1A (LPM1A) напојување 1
- F35 — (30A) (cc# 9232), Моќност на придвижувач на наслон за нож
- F36—(30A) (cc# 0312), Десен напојувачки модул 1 (RPM1) напојување 1
- F37—F38 не се користи
- F39—(10A) (cc# 4972), Контролна единица SSU/ XSC директно напојување
- F40—F42 не се користи
- F43—(25A) (cc# 5222), Контролна единица ECU напојување 3
- F44- (30A) (cc # 0712), Лев напојувачки модул 2B (LPM2B) напојување 1
- F45- (20A) (cc # 0122), Лев напојувачки модул 1A (LPM1A) напојување 2
- F46- (30A) (cc # 0132), Лев напојувачки модул 1A (LPM1A) напојување 3
- F47—не се користи
- F48—(25A) (cc# 5012), Контролна единица ECU напојување 1
- F49—F50 не се користи
- F51- (30A) (cc # 0162), Контролна единица LC1 напојување 1
- F52—не се користи
- F54—(10A) (cc# 0422), Контролна единица PTP напојување
- F55—(25A) (cc# 5022), Контролна единица ECU напојување 2
- F56—(15A) (cc# 5042), Пумпа за пренос на гориво
- F57—(30A) (cc# 0222), Лев напојувачки модул 2B (LPM2B) напојување 2
- F58—F62 не се користи
- F63—(15A) (cc# 5062), Напојување за пумпата за дозирање
- F64- (20A) (cc # 0212), Лев напојувачки модул 2A (LPM2A) напојување 1
- F67—не се користи
- F68- (25A) (cc # 0172), Лев напојувачки модул 1A (LPM1A) напојување 5
- F69—(30A) (cc# 0972), Напојување за Flex сецкачот на остатоци 2
- F70—F71 не се користи
- F73- (30A) (cc # 0252), Контролна единица LC2 напојување 1
- F74—(30A) (cc# 0972), Напојување за Flex сецкачот на остатоци 1
- F75—F77 не се користи
- F78- (30A) (cc # 0242), Контролна единица LC2 напојување 1
- F79—не се користи
- F80—(30A) (cc# 0722), Лев напојувачки модул 2B (LPM2B) напојување 2


OUO6075,0004A31-A8-08NOV18

Вградени осигурувачи



H121175—UN—04APR17

Стил A



H121176—UN—04APR17

Стил B

A—Зафат (3 користи)
B—Капак
C—F82—Вграден Осигурувач
D—F92—Вграден Осигурувач


ЗАБЕЛЕШКА: Вградените осигурувачи се од десната страна или од лева страна зависно од моделот на машината.

Отворете ги резињата (A) и отстранете го капакот (B) за да пристапите до вградените осигурувачи.

- F82—Вграден осигурувач, (125A) (cc# 8002), контролна единица CAB
- F92—Вграден осигурувач, (125A) (cc# 8912), центар со осигурувачи во кабина

OUO6075,00046FD-A8-04APR17

Центар за осигурувачи во кабината



H119639—UN—13OCT16

A—Јазичиња за блокирање
B—Капак

ЗАБЕЛЕШКА: Центарот за осигурувачи се наоѓа во внатрешноста на кабината во куќиштето на контролната единица која е под конзолата кај наслонот за рака на подот на кабината.

Притиснете го блокирачкото јазиче (A) и отстранете го капакот (B) за да го отворите центарот со осигурувачи.

- F801—(15A) (cc# 8262), напојување на ARMC
- F802—(10A) (cc# 8802), Напојување за сервер-монитор
- F803—(15A) (cc# 8302), Напојување за SCL
- F804—(15A) (cc# 8072), Напојување за PDU
- F805—(15A) (cc# 8152), Напојување за приемникот
- F806—(15A) (cc# 8162), Напојување за разновидни работи во кабината
- F807—(10A) (cc# 8192), Напојување за ATC
- F808—(20A) (cc# 8082), Напојување за вентилаторот за рециркулација 1
- F809—(20A) (cc# 8182), Напојување за вентилаторот за рециркулација 2
- F810—(20A) (cc# 8172), Напојување за седиште
- F811—(20A) (cc# 8092), Напојување за дополнителна опрема
- F812—(15A) (cc# 8242), Помошни напојувачки приклучници
- F812—(20A) (cc# 8252), Лента со помошни напојувачки приклучници
- F814—(20A) не се користи
- F815—(20A) (cc# 8622), Напојување за преден бришач
- F816—(10A) (cc# 8312), Напојување за радио
- F817—(7.5A) (cc# 8322), Напојување за APO кај наслонот за рака
- F818—(5A) (cc# 0006), Напојување за будење
- F819—(5A) (cc# 8112), Напојување за USB полнач

OUO6075,00045AD-A8-31JAN17

Безбедност на видео


ВНИМАНИЕ: Не сметајте на камерата за избегнување на судар или откривање на лица во близина. За да избегнете можна повреда или смрт на операторот или на други лица, секогаш бидете внимателни и свесни за она што се случува околу Вас додека работете на машината. Прочитајте и разберете го делот Избегнување на несреќи при возење наназад во поглавјето Безбедност.

ВАЖНО:

- **Научете точно дали камерата или апликацијата за видео е “отсликана”.**
- **Монтирајте ја камерата на тврдо и сигурно место.**
- **Знајте го видното поле на камерата.**
- **Одржувајте ја камерата соодветно сервисирана.**
- **Одржувајте ја леќата на камерата чиста.**

OUO6075,00013B2-A8-31JAN13

Способност за видео интерфејс



H119626—UN—12OCT16

A—Видео влез 1 (потпирач за рака)
B—Видео влез 2 (потпирач за рака)
C—Видео влез 3 (потпирач за рака)
D—Видео влез 4 (потпирач за рака)
E—Видео влез 1 (опционален екран)
F—Видео влез 2 (опционален екран)
G—Видео влез 3 (опционален екран)
H—Видео влез 4 (изборно приказ)

Машината е опремена со осум влезови за видео камери кои се наоѓаат од десната страна на операторската станица.

Видео влезовите (A—D) доставуваат видео сигнали до серверот кои потоа одат до екранот кај наслонот за раката.


Видео влезовите (E—H) доставуваат видео сигнали до опционалниот екран GreenStar™ 3 2630.

Видете го вашиот John Deere трговец за понатамошни информации околу видео-компатибилните решенија за камерата.

OUO6075,0004684-A8-20MAR17

GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Прилагодување на камери (ако има во опрема)



H116367—UN—25NOV15


A—Камера за резервоар на жито
B—Камера за сврделот за празнење
C—Ретровизорска камера
D—Камера за спрега

ЗАБЕЛЕШКА: Стиловите на камерите може да варира од она што е прикажано. Видете се со вашиот John Deere трговец или стручен сервисен услужител за повеќе информации.

Ако машината е опремена со камерите (A—D), прилагодете ги камерите според потребите.

OUO6075,00041A7-A8-28JAN16

Правила за безбедност при заменување халогенски светилки



TS266—UN—23AUG88



H59774—UN—30AUG99

A—Халогенска светилка

ВНИМАНИЕ: Халогенските светилки (A) содржат гас под притисок. Неправилното ракување со светилка може да предизвика нејзино распрскување во мали делови. За да избегнете можна повреда:


- **Исклучете го прекинувачот за светла и почекајте светилките да се изладат пред да ги променувате светилките. Оставете го прекинувачот исклучен сè додека не е готово заменувањето на светилката.**
- **Носете заштита за очи кога ја променувате светилката.**
- **Држете ја светилката за нејзината основа. Носете заштитни ракавици или избегнувајте да ја допирате површината на светилката.**
- **Користете чиста крпа и алкохол за да отстраните отпечатоци од прсти од**

стаклото на светилката пред да ја поставите. Ако се наталожи масло на светилката, тоа ќе предизвика прегревање и прерано откажување.


- **Немојте да ја испуштите или да ја гребете светилката.**
- **Држете ја светилката подалеку од влага.**
- **Не користете ја светилката надвор од нејзиниот затворен простор. Светилката има висок внатрешен притисок и ако напука или се скрши може да експлодира и да предизвика повреда.**
- **Поставете ја искористената светилка во пакувањето на новата светилка и отстранете ја прописно. Држете подалеку од деца.**

OUO6075,0001356-A8-12DEC12

Халогенски предни кабински светла - менување



H96621—UN—25MAY10



H96622—UN—25MAY10

A—Конектор
B—Склоп на предно светло
C—Склоп на сијаличката

ВНИМАНИЕ: Целосно подигнете го куќиштето за достава, активирајте го безбедносниот запирач на куќиштето за достава, ИЗГАСЕТЕ го моторот, активирајте ја паркирната сопирачка и извадете го клучот пред да ги заменувате или прилагодувате предните светла.

1. Одвојте го приклучокот на кабелскиот сноп (A) од склопот на предното светло (B).
2. Ротирајте го куќиштето на светлото кон надвор од кабината.
3. Завртете го склопот на светилката (C) во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот за да го извадете.


ЗАБЕЛЕШКА: Резервните светилки се осетливи на допир со кожата. Носете заштитни ракавици или избегнувајте да ја допирате површината на светилката.

4. Заменете ја светилката.
5. Притиснете го склопот на светилката и завртете го во насока на движењето на стрелките на часовникот во куќиштето.
6. Свртете го светлото на куќиштето во претходната работна позиција и поврзете го кабелскиот сноп.
7. Повторете кај останатите светла, по потреба.

OUO6075,00050F5-A8-05MAY21

Халогенски предни кабински светла - нагодување

Вертикално прилагодување



H96624—UN—25MAY10

A—Завртка

ВНИМАНИЕ: Целосно подигнете го куќиштето за достава, активирајте го безбедносниот запирач на куќиштето за достава, ИЗГАСЕТЕ го моторот, активирајте ја паркирната сопирачка и извадете го клучот пред да ги заменувате или прилагодувате предните светла.

ЗАБЕЛЕШКА: Склоповите на светло можат да се нагодуваат по потреба за да се постигнат точни агли на осветлување.

1. Олабавете ја завртката (A).
2. Завртете го склопот на светлото кон нагоре или надолу во посакуваната положба и затегнете ја завртката.
3. Повторете кај останатите светла, по потреба.

Хоризонтално прилагодување


1. Завртете го склопот на светлото налево или надесно во посакуваната положба.
2. Повторете кај останатите светла, по потреба.

OUO6075,00050F6-A8-05MAY21

Халогенски предни кабински светла (долги и кратки светла) – менување



H96625—UN—25MAY10



H96626—UN—25MAY10

A—Завртка (се користат 2)
B—Леќа на предна плоча
C—Држач
D—Склоп на сијаличката

ВНИМАНИЕ: Целосно подигнете го куќиштето за достава, активирајте го безбедносниот запирач на куќиштето за достава, ИЗГАСЕТЕ го моторот, активирајте ја паркирната сопирачка и извадете го клучот пред да ги заменувате или прилагодувате предните светла.

1. Отстранете ги завртките (A) и леќата на предната плоча (B) од куќиштето.
2. Стиснете ги држачите (C) за да го отстраните склопот на светилката (D).

ЗАБЕЛЕШКА: Резервните светилки се осетливи на допир со кожата. Носете заштитни ракавици или избегнувајте да ја допирате површината на светилката.

3. Извадете и заменете ја сијаличката.
4. Прикачете го склопот на светилката со користење на држачите на основата на светилката.
5. Порамнете ги леќите на предната плоча со приклучокот внатре во куќиштето и прицврстете ги со завртките.
6. Повторете кај останатите светла, по потреба.

OUO6075,00050F7-A8-14MAY21

Халогенски предни кабински светла (долги и средни светла) – нагодување



H96628—UN—25MAY10

A—Завртка


ВНИМАНИЕ: Целосно подигнете го куќиштето за достава, активирајте го безбедносниот запирач на куќиштето за достава, ИЗГАСЕТЕ го моторот, активирајте ја паркирната сопирачка и извадете го клучот пред да ги заменувате или прилагодувате предните светла.

ЗАБЕЛЕШКА: Склоповите на светло можат да се нагодуваат по потреба за да се постигнат точни агли на осветлување.

1. Олабавете ја завртката (A).
2. Завртете го склопот на светлото кон нагоре или надолу во посакуваната положба и затегнете ја завртката.
3. Повторете кај останатите светла, по потреба.

OUO6075,00050F8-A8-05MAY21

Кабински предни ЛЕД сијалички (долги и средни) (ако има во опремата) – менување



H134286—UN—04MAY21

Прикажани се кратки предни светла


A—Склоп на средни предни кабински светла
B—Конектор
C—Завртка

ВНИМАНИЕ: Целосно подигнете го куќиштето за достава, активирајте го безбедносниот запирач на куќиштето за достава, изгасете го моторот, активирајте ја паркирната сопирачка и извадете го клучот пред да ги заменувате или прилагодувате предните светла.

1. Одвојте го приклучокот на кабелскиот сноп (B) од склопот на предното светло (A).
2. Извадете ги завртката (C) и навртката.
3. Отстранете и заменете го склопот на предното светло.

OUO6075,00050FF-A8-14MAY21

Кабински предни ЛЕД сијалички (долги и средни) (ако има во опремата) – нагодување



H134287—UN—04MAY21

Прикажани се кратки предни светла


A—Завртка
B—Склоп на средни предни кабински светла
C—Склоп на долги предни кабински светла

ВНИМАНИЕ: Целосно подигнете го куќиштето за достава, активирајте го безбедносниот запирач на куќиштето за достава, изгасете го моторот, активирајте ја паркирната сопирачка и извадете го клучот пред да ги заменувате или прилагодувате предните светла.

1. Олабавете ја завртката (A).
2. Завртете го склопот на предното светло (B) или (C) кон нагоре или надолу во посакуваната положба и затегнете ја завртката.
   - **Кратки предни кабински светла:** Нагодете ја положбата на светлото (B) така што растојанието помеѓу склопот на предното светло и светлата/темната граница на земјата пред машината е помало од 30 m (98 ft).
   - **Долги предни кабински светла:** Нагодете ја положбата на светлото (C) така што светлината на земјата е видлива до максимум 100 m (328 ft) пред машината.
3. Повторете кај останатите светла, по потреба.

OUO6075,0005100-A8-14MAY21

Светла на халогенска светилка на контролната табла (ако има во опрема) — замена



H98976—UN—02NOV10

A—Конектор
B—Склоп на сијаличката

ВНИМАНИЕ: Целосно спуштете ја доставната комора пред да вршите заменување или нагодување на предните светла.


1. Одвојте го конекторот на кабелскиот сноп (A) од склопот на светилката (B).
2. Завртете го склопот на светилката во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот за да го извадете.

ЗАБЕЛЕШКА: Резервните светилки се осетливи на допир со кожата. Носете заштитни ракавици или избегнувајте да ја допирате површината на светилката.

3. Извадете и заменете ја сијаличката.
4. Притиснете го склопот на светилката и завртете го во насока на движењето на стрелките на часовникот во куќиштето.
5. Вметнете го приклучокот на кабелскиот сноп во склопот на светлото.
6. Повторете на останатите светла, по потреба.

OUO6075,00050F9-A8-05MAY21

Светла од светлосно емитирачки диоди (LED) мали светилки (ако има во опрема) — замена



ZX340912—UN—29MAY18


A—Конектор
B—Склоп на светлото

ВНИМАНИЕ: Целосно спуштете ја доставната комора пред да вршите заменување или нагодување на предните светла.

1. Одвојте го приклучокот на кабелскиот сноп (A) од склопот на светлото (B).
2. Отстранете и заменете го склопот на светлото.
3. Вметнете го приклучокот на кабелскиот сноп во склопот на светлото.
4. Повторете на останатите светла, по потреба.

OUO6075,00050FA-A8-05MAY21

Сијаличка за ниски светла за возење (ако има во опремата) – менување



H96629—UN—02NOV10

A—Конектор
B—Склоп на сијаличката

ВНИМАНИЕ: Целосно спуштете ја доставната комора пред да вршите заменување или нагодување на предните светла.


1. Одвојте го конекторот на кабелскиот сноп (A) од склопот на светилката (B).
2. Завртете го склопот на светилката во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот за да го извадете.

ЗАБЕЛЕШКА: Резервните светилки се осетливи на допир со кожата. Носете заштитни ракавици или избегнувајте да ја допирате површината на светилката.

3. Извадете и заменете ја сијаличката.
4. Притиснете го склопот на сијаличката и завртете го во насока на движењето на стрелките на часовникот во куќиштето и поврзете го кабелскиот сноп.
5. Повторете кај останатите светла, по потреба.

OUO6075,00050FB-A8-05MAY21

Ниски предни светла (ако има во опремата) – нагодување



H98977—UN—02NOV10

A—Завртка (се користат 3)

ВНИМАНИЕ: Целосно спуштете ја доставната комора пред да вршите заменување или нагодување на предните светла.

ЗАБЕЛЕШКА: Склоповите на светло можат да се нагодуваат по потреба за да се постигнат точни агли на осветлување.

1. Нагодете ги завртките (A) за да го завртите склопот на светлото нагоре или надолу во посакуваната положба и затегнете ги завртките.
2. Повторете кај останатите светла, по потреба.

OUO6075,00050FC-A8-14MAY21

Светла од светлосно емитирачки диоди (LED) (опција)—замена




H119680—UN—20OCT16

A—Светла од светлосно емитирачки диоди (LED)

ВНИМАНИЕ: Целосно подигнете го куќиштето за достава, активирајте го безбедносниот запирач на куќиштето за достава, ИЗГАСЕТЕ го моторот, активирајте ја паркирната сопирачка и извадете го клучот пред да ги заменувате или прилагодувате предните светла.

1. ЛЕД светлата (A) се наоѓаат од двете страни на кабината како што е прикажано.



H119681—UN—20OCT16


A—Завртка и подлошки (2 во употреба)
B—Завртка и подлошки (19 во употреба)
C—Кров на кабина
D—Антена

ЗАБЕЛЕШКА: Отстранете го GreenStar™ приемникот за позиционирање, доколку го има во опремата.


2. Отстранете ги завртките и подлошките (A и B).

GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company

3. Подигнете го кровот на кабината од предната лева страна (C) и откачете ја антената (D).
4. Извадете го предниот дел од кровот на кабината.



H119701—UN—25OCT16



H119683—UN—20OCT16


A—Завртка и навртка
B—Конектор
C—Заптивка

5. Извадете ја завртката и навртката (A).
6. Откачете го конекторот на кабелскиот сноп (B) и извадете го воведникот (C).
7. Отстранете го и отфрлете го склопот за светло.
8. Инсталирајте го склопот за светло по обратен редослед.
9. Инсталирајте го склопот за светло по обратен редослед.

Технички податоци (спецификации)

Навртка—Вртлив момент. . . . . 30 N·m (22 lb·ft)

10. Завртете го куќиштето на светлото во претходната работна позиција.
11. Повторете кај останатите светла, по потреба.



H119681—UN—20OCT16

A—Завртка и подлошки (2 во употреба)
B—Завртка и подлошки (19 во употреба)
C—Кров на кабина
D—Антена

12. Поврзете ја антената (D) и инсталирајте го покривот на кабината (C).
13. Поставете ги завртките и подлошките (B) според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент. . . . . 6 N·m (53 lb·in)

14. Поставете ги завртките и подлошките (A) според спецификациите.


Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент. . . . . 10 N·m (89 lb·in)

OUO6075,00050FD-A8-14MAY21

Светла од светлосно емитирачки диоди (LED) (опција)—прилагодување

Вертикално прилагодување



H119703—UN—26OCT16


A—Завртка

ВНИМАНИЕ: Целосно подигнете го куќиштето за достава, активирајте го безбедносниот запирач на куќиштето за достава, ИЗГАСЕТЕ го моторот, активирајте ја паркирната сопирачка и извадете го клучот пред да ги заменувате или прилагодувате предните светла.

ЗАБЕЛЕШКА: Склоповите на светло можат да се нагодуваат по потреба за да се постигнат точни агли на осветлување.

1. Олабавете ја завртката (A).
2. Завртете го склопот на светлото кон нагоре или надолу во посакуваната положба и затегнете ја завртката.
3. Повторете кај останатите светла, по потреба.

Хоризонтално прилагодување




H119681—UN—20OCT16

A—Завртка и подлошки (2 во употреба)
B—Завртка и подлошки (19 во употреба)
C—Кров на кабина
D—Антена

ЗАБЕЛЕШКА: Отстранете го GreenStar™ приемникот за позиционирање, доколку го има во опремата.

1. Отстранете ги завртките и подлошките (A и B).
2. Подигнете го кровот на кабината од предната лева страна (C) и откачете ја антената (D).
3. Извадете го предниот дел од кровот на кабината.



H119704—UN—26OCT16


A—Завртка и навртка

4. олабавете ја завртката и навртката (A).
5. Завртете го склопот на светлото налево или надесно во посакуваната положба.
6. Инсталирајте го склопот за светло по обратен редослед.

Технички податоци (спецификации)

Навртка—Вртлив момент. . . . . 30 N·m (22 lb·ft)

7. Повторете на останатите светла, по потреба.



H119681—UN—20OCT16

A—Завртка и подлошки (2 во употреба)
B—Завртка и подлошки (19 во употреба)
C—Кров на кабина
D—Антена

8. Поврзете ја антената (D) и инсталирајте го покривот на кабината (C).
9. Поставете ги завртките и подлошките (B) според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент. . . . . 6 N·m (53 lb·in)

10. Поставете ги завртките и подлошките (A) според спецификациите.


GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Технички податоци (спецификации)


Завртки со глава—Вртлив момент	10 N·m (89 lb·in)

OUO6075,00050FE-A8-14MAY21


Замена на ротирачки светла (стил A)



H111426—UN—12JUN14



H96614—UN—25MAY10



H96615—UN—25MAY10

A—Леќи
B—Држач
C—Јазиче за заклучување
D—Склоп на светилка
E—Приклучок

ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник пред да вршите заменување на светилниците.

Притиснете ја кон надолу леќата (A) и завртете во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот за да ја отстраните.

Отворете го држачот (B) од јазичето за заклучување (C).

Отстранете го склопот на светилката (D) од приклучокот (E).

ЗАБЕЛЕШКА: Резервните светилки се осетливи на допир со кожата. Носете заштитни ракавици или избегнувајте да ја допирате површината на светилката.

Заменете ја светилката и поставете во обратен редослед.


Повторете на останатите светла, по потреба.

OUO6075,0004582-A8-18JAN17

Замена на ротирачки светла (стил B)

ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник пред да вршите заменување на светилниците.

ЗАБЕЛЕШКА: Светлосно емитирачките диоди, се потребни за да се исполнат локалните и владините регулативи, поради потребните барања за висина при патен превоз зависно од величината на одредени гуми.



H135689—UN—01JUN22


A—Крилеста навртка
B—Сигнално светло

1. Олабавете ја крилестата навртка (A) и отстранете го сигналното светло (B) од електричниот приклучок.
2. Отстранете го и заменете го склопот на ротирачкото светло.
3. Притиснете надолу врз склопот на ротирачкото светло за да се осигурате дека има добро поврзување со електричната приклучница, потоа стегнете ја крилестата навртка.

4. Повторете на останатите светла, по потреба.

mh69740,1654108214832-A8-17JUN22

Работни светла на халогенска светилка (ако има во опрема) — замена



H96617—UN—25MAY10

Десно светло за стрниште

A—Приклучок

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаната постапка е за замена на светлата за стрниште. Оваа постапка е слична за следниве светла:

- *Светла за празнење*
- *Помошни теренски светла*
- *Работни светла за пристап на врата*
- *Светла за стрниште*
- *Светло на резервоарот за зрна*
- *Светло на растоварната спирала*


1. Одвојте го приклучокот на кабелскиот сноп (A) од склопот на светилката.
2. Завртете го склопот на светилката во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот за да го извадете.

ЗАБЕЛЕШКА: Резервните светилки се осетливи на допир со кожата. Носете заштитни ракавици или избегнувајте да ја допирате површината на светилката.

3. Извадете и заменете ја светилката.
4. Притиснете го склопот на светилката и завртете го во насока на движењето на стрелките на часовникот во куќиштето.
5. Вметнете го приклучокот на кабелскиот сноп во склопот на светлото.
6. Повторете на останатите светла, по потреба.

OUO6075,0004BCA-A8-19JUN19

Светла од светлосно емитирачки диоди (LED) работни светла (ако има во опрема) — замена



H126512—UN—17JUN19

Десно светло за стрниште

A—Приклучок
B—Склоп на светлото


ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаната постапка е за замена на светлата за стрниште. Оваа постапка е слична за следниве светла:

- *Светла за празнење*
- *Помошни теренски светла*
- *Работни светла за пристап на врата*
- *Светла за стрниште*
- *Светло на резервоарот за зрна*
- *Светло на растоварната спирала*

1. Одвојте го приклучокот на кабелскиот сноп (A) од склопот на светлото (B).
2. Отстранете и заменете го склопот на светлото.
3. Вметнете го приклучокот на кабелскиот сноп во склопот на светлото.
4. Повторете на останатите светла, по потреба.

OUO6075,0004BC8-A8-18JUN19

Халогенско странично светло за барање редови и светла на чистачот на зрна (ако има во опрема) — замена



H57680—UN—28MAY99

A—Приклучок
B—Фиксирачки прстен

ЗАБЕЛЕШКА: Постапката прикажана подолу е за замена на светло за барање редови. Оваа постапка е слична за следново:

- *Светла на чистачот на зрна*


1. Одвојте го приклучокот на кабелскиот сноп (A) од склопот на светилката.
2. Притиснете и завртете го фиксирачкиот прстен (B) во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот и отстранете.

ЗАБЕЛЕШКА: Резервните светилки се осетливи на допир со кожата. Носете заштитни ракавици или избегнувајте да ја допирате површината на светилката.

3. Извадете и заменете ја светилката.
4. Инсталирајте го склопот за светлото по обратен редослед.
5. Вметнете го приклучокот на кабелскиот сноп во склопот на светлото.
6. Повторете на останатите светла, по потреба.

OUO6075,0004BCB-A8-19JUN19

Светлечка диода (LED), хлогенско странично светло за барање редови и светла на чистачот на зрна (ако има во опрема) — замена



H126513—UN—17JUN19

A—Приклучок
B—Склоп на светлото
C—Завртка со глава и навртка (употребени се 2)
D—Картичка (употребени се 4)
E—Плочка

ЗАБЕЛЕШКА: Постапката прикажана подолу е за замена на светло за барање редови. Оваа постапка е слична за следново:

- *Светла на чистачот на зрна*


1. Одвојте го приклучокот на кабелскиот сноп (A) од склопот на светлото (B).
2. Извадете ги завртките и навртките (C).
3. Притиснете ги јазичињата (D) и одделете го склопот на светлото од плочката (E).
4. Извадете го склопот на светлото од надворешната страна на машината.
5. Поставете го новиот склоп на светлото од надворешната страна на машината.

ЗАБЕЛЕШКА: Јазичињата на склопот на светлото ја заклучуваат плочката на нејзиното место.

6. Прицврстете го склопот на светлото со претходно изваденатa плочка.
7. Монтирајте ги претходно изваденитe завртки и навртки.
8. Вметнете го приклучокот на кабелскиот сноп во склопот на светлото.
9. Повторете на останатите светла, по потреба.


OUO6075,0004BC9-A8-18JUN19

Светла за опасност/позиција, позициони/ сопирачки светла и задни светла за опасност—замена



H121705—UN—07JUN17

Светла за опасност/за означување



H100491—UN—28FEB11

Светла за означување/за сопирачки и задни светла за опасност

A—Завртки

Отстранете ги завртките (A) од посакуваниот капак на леќите


Отстранете ја светилката за светла со притискање кон внатре и вртење во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот.

ЗАБЕЛЕШКА: Резервните светилки се осетливи на допир со кожата. Носете заштитни ракавици или избегнувајте да ја допирате површината на светилката.

Инсталирајте ја светилката и посакуваниот капак на леќите по обратен редослед.

OUO6075,0004759-A8-07JUN17

Внатрешно светло во кабината — заменување



H96618—UN—02JUN10

A—Капак на леќа
B—Светилка


Отстранете го капакот на леќата (A) и заменете ја светилката (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Резервните светилки се осетливи на допир со кожата. Носете заштитни ракавици или избегнувајте да ја допирате површината на светилката.

Поставете ја светилката и капакот на леќата во обратен редослед.

OUO6075,0000783-A8-04NOV10

Светло за мапа — заменување



H97965—UN—13SEP10

A—Склоп на светлото за мапа
B—Приклучок


Отстранете го склопот на светлото за мапа (A) и одвојте го приклучокот на кабелскиот сноп (B).

Отстранете и заменете го склопот на светлото за мапа.

Поставете и ориентирајте го склопот на светлото за мапа во обратен редослед, како што е прикажано.

OUO6075,00009AF-A8-13SEP10

Безбедно сервисирање на гумите



TS211—UN—15APR13

ВНИМАНИЕ: Наглото отстранување на гумите и деловите на бандажот може да предизвикаат сериозни повреди или смрт.

Не обидувајте се да монтирате гума ако не ја поседувате соодветната опрема и искуство за да го сторите тоа.

Секогаш одржувајте го соодветниот притисок на гумата. Не пумпајте ги гумите над препорачаниот притисок.

Никогаш не ги заварувајте и не ги загревајте бандажите кои имаат монтирано гума. Затоплувањето може да предизвика зголемување во воздушниот притисок и да предизвика експлозија на гумата. Заварувањето може да ја оштети структурата на бандажот или да го деформира тркалото.

Кога ги пумпате гумите, користете рачка за закочување и продолжено црево кое е доволно долго да ви овозможи да стоите на страна, а НЕ пред или над бандажот со монтирана гума. Ако е можно, користете сигурносен кафез.

Проверете ги бандажите и гумите од низок притисок; засеци, меурчиња, оштетувања на бандажите или недостаток на забести завртки и навртки.

DX,RIM1-A8-27OCT08

Транспорт по патишта со прикачен хедер

Почитувајте ги националните и локалните законски прописи во врска со работењето со комбајнот по јавни патишта.

Превезувањето во сообраќајот во Германија мора да биде одобрен од страна на вашиот локален "TUEV" за да се достигне патна дозвола.

Пријавете се за одобрение кај вашиот застапник или производствената фабрика.

OUO6075,0004673-A8-16MAR17

Нега и сервисирање на гумите

ВАЖНО: Поставувањето на гуми што не ги исполнуваат оригиналните карактеристики на опремата за гуми може да предизвикаат дефект на машината. Советувајте се со вашиот трговец или набавувач на гуми за упатства.

Користењето на гуми со понизок стандард или поголеми од наведените во овој прирачник ќе ја поништи гаранцијата и може да ја намали стабилноста, да влијае на управувањето, да резултира со предвремен дефект на гумите или да предизвика други безбедносни проблеми или проблеми со издржливоста.

Проверувајте ги гумите дневно од оштетувања или од забележливо низок притисок.

Најмалку еднаш на секои 100 работни часови, проверете го притисокот во гумите. Ако гумите содржат течен баласт, користете специјален мерач на вода и воздух и мерете кога стеблото на вентилот е на дното.

Мала пукнатина во тубулес гума може да биде привремено поправена без да се вади гумата, што избегнува губење на време во работна сезона.

Заштитете ги гумите од изложеност на сончева светлина, деривати на нафта и хемикалии.

Возете внимателно. Обидете се да избегнувате камења и остри предмети.

ВАЖНО: За да се спречи понатамошно оштетување на гумата треба да се направи трајна поправка колку што е можно побргу.

ЗАБЕЛЕШКА: Информациите за гумите и спецификациите се базирани врз најновите информации достапни во времето на објавување. Задржано е правото да се прават промени во секое време без претходна најава. Погледнете го на интернет аграрниот прирачник за продажба на комбајни или вашиот трговец на John Deere за понатамошни информации околу табелите со притисок за гумите.

Притисоците на гума што се наведени во табелите може да се разликува од притисоците на гумата прикажани на бочно на гумите.

Усогласеноста на хедерот и наведените притисоци на напумпаност се врз основа на оптоварувањето врз предната осовина на конфигурација за крупна житарица.

Оптоварувањата варираат врз основа на конфигурацијата. Ова можеби нема да го рефлектира најлошото сценарио. Консултирајте се со локалниот трговец на гуми ако се двоумите.


Не се сите гуми достапни за сите машини или во сите производствени капацитети.

Вграден воздушен компресор (ако има во опрема) - не се препорачува за пумпање на гуми на машината или за работа со алатки на пневматика.

OUO6075,0004635-A8-20MAR17

Основни информации за гуми

Дијагонална (повеќеслојна) гума




H125004—UN—25SEP18

Дијагоналната (повеќеслојна) гума се именува со конвенционална номенклатура.

A—Нагазна широчина на гумата во инчи.
B—Означува дека гумата е дијагонална.
C—Го означува дијаметарот на обрачот во инчи.
D—Класа на слој, ја означува јачината на трупот, а не бројот на слоеви.
E—Тип и големина на гума со шрафови.

Радијална гума




H125005—UN—25SEP18

Радијалната гума може да се именува со конвенционална номенклатура или со интернационален систем.

Конвенционална номенклатура

A—Нагазна широчина на гумата во инчи.
B—Означува дека гумата е радијална.
C—Го означува дијаметарот на обрачот во инчи.
D—Тип и големина на гума со шрафови.




H125006—UN—25SEP18

Интернационален систем

A—Ја означува ширината на гумата во милиметри.
B—Ја означува (страничната) висина на гумата како процент од ширината.
C—Означува дека гумата е радијална.
D—Го означува дијаметарот на обрачот во инчи.
E—Тип и големина на гума со шрафови.
F—Го означува индексот на капацитетот за оптоварување на гумата.
G—Ја означува максималната брзина на гумата.

Гума со висока флотација



H125007—UN—25SEP18

Гумите со висока флотација се означуваат со мешана номенклатура.

A—Ја означува ширината на гумата во милиметри.
B—Ја означува (страничната) висина на гумата како процент од ширината.
C—Означува дека гумата е дијагонална.
D—Го означува дијаметарот на обрачот во инчи.
E—Тип и големина на гума со шрафови.

OUO6075,0004A27-A8-08JAN19

Типови на шари на гумите



H125003—UN—24SEP18

ЗАБЕЛЕШКА: Обликот на шарата зависи од производителот на гумите.

Постојат три вида на шари кои се најкористени за земјоделски машини.

A—Гума R1. Овие се најчести кај земјоделските машини и се погодни за речиси сите услови на почвата.
B—Гума R1W. Шрафовите се 20% споредено со гумата R1 што дава поголема издржливост кога се користи за возење по патишта.
C—Гума R2. Се користи на каллива и мокра почва со мала поддршка. На пример, навадено оризово поле.

OUO6075,0004A28-A8-24SEP18

Притисок на напумпаност на предни гуми (S760 и S770)

ЗАБЕЛЕШКА: За повеќе информации видете за грижа и сервис за гуми во овој дел.

ВАЖНО: Сиот патен превоз МОРА да се врши со притисоци што се прикажани во колоната без хедер/транспорт. Неправилниот притисок за време на превозот може да ја намали стабилноста на возилото. Правилен притисок резултира со зголемена заштеда на гориво и подолг работен век на гумата.

Брзина	**Брзина на возење по пат 40 km/h (25 mph)**		**Брзина на жнеење 10 km/h (6 mph)**				
Приближна маса	**Нема хедер/ транспорт[a]**	**4500— 5500 kg**	**1500— 2500 kg**	**2500— 3500 kg**	**3500— 4500 kg**	**4500— 5600 kg**	**5600— 6000 kg**
		9900— 12 100 lb	**3300— 5500 lb**	**5500— 7700 lb**	**7700— 9900 lb**	**9900— 12 300 lb**	**12 300— 13 200 lb**
Ременски собирач/рамен хедер, без сврдел	**Не е применливо**	**Не е применливо**	**BP15 620F 622F 625F**	**630F 635F 725D 722PF 725PF 722X 725X**	**RD30F RD35F 730D 735D 740D 735X 730PF 735PF**	**HD35R HD35F HD35X HD40R HD40X HD45X RD40F RD45F 740X 740PF**	**HD40F HD45R HD45F**
Големина на предни гуми	**S760 и S770 - притисок на напумпаност - bar/kPa (psi)**						
680/85R32 178A8	1,4/140 (20)	NR	2,4/240 (35)	2,8/280 (41)	3,2/320 (47)	NR	NR
680/85R32 CHO 178A8	1,4/140 (20)	NR	2,0/200 (29)	2,4/240 (35)	3,2/320 (47)	4,0/400 (58)	NR
IF 680/85R32 CFO 179A8	1,4/140 (20)	NR	1,6/160 (23)	2,0/200 (29)	2,2/220 (32)	NR	NR
VF 710/70R42 CFO 190B	1,6/160 (23)	NR	1,6/160 (23)	2,0/200 (29)	2,4/240 (35)	NR	NR
800/65R32 172A8	1,8/180 (26)	NR	2,8/280 (41)	2,8/280 (41)	NR	NR	NR
800/65R32 178A8	1,8/180 (26)	NR	2,8/280 (41)	2,8/280 (41)	3,2/320 (47)	NR	NR
IF 800/65R32 CFO 178A8-179A8	1,6/160 (23)	NR	2,0/200 (29)	2,4/240 (35)	NR	NR	NR
800/70R32 CHO 175A8	1,4/140 (20)	NR	1,8/180 (26)	2,0/200 (29)	2,0/200 (29)	NR	NR
IF 800/70R32 CFO 182A8	1,6/160 (23)	NR	1,8/180 (26)	2,0/200 (29)	2,2/220 (32)	NR	NR
800/70R38 173A8-181A8	1,4/140 (20)	NR	2,0/200 (29)	2,0/200 (29)	2,4/240 (35)	NR	NR
IF 800/70R38 CFO 184A8-187A8	1,2/120 (17)	NR	1,4/140 (20)	1,6/160 (23)	1,6/160 (23)	2,6/260 (38)	NR
VF 800/70R38 CFO 193A8	1,2/120 (17)	2,6/260 (38)	1,4/140 (20)	1,6/160 (23)	2,0/200 (29)	3,2/320 (47)	NR
LSW 800/55R46 CFO 190D	1,2/120 (17)	3,2/320 (47)	1,8/180 (26)	2,4/240 (35)	2,4/240 (35)	NR	NR
900/60R32 176A8	1,2/120 (17)	NR	2,4/240 (35)	2,4/240 (35)	2,8/280 (41)	NR	NR
900/60R38 181A8	1,2/120 (17)	NR	2,0/200 (29)	2,2/220 (32)	2,4/240 (35)	2,8/280 (41)	NR
IF 900/65R32 CFO 191A8	1,2/120 (17)	3,2/320 (47)	1,4/140 (20)	1,6/160 (23)	2,6/260 (38)	2,8/280 (41)	NR
VF 900/60R32 CFO 193A8	1,2/120 (17)	2,8/280 (41)	1,6/160 (23)	1,8/180 (26)	2,4/240 (35)	1,8/180 (26)	NR

Брзина	**Брзина на возење по пат 40 km/h (25 mph)**		**Брзина на жнеење 10 km/h (6 mph)**				
Приближна маса	**Нема хедер/ транспорт[a]**	**4500— 5500 kg**	**1500— 2500 kg**	**2500— 3500 kg**	**3500— 4500 kg**	**4500— 5600 kg**	**5600— 6000 kg**
		9900— 12 100 lb	**3300— 5500 lb**	**5500— 7700 lb**	**7700— 9900 lb**	**9900— 12 300 lb**	**12 300— 13 200 lb**
Ременски собирач/рамен хедер, без сврдел	**Не е применливо**	**Не е применливо**	**BP15 620F 622F 625F**	**630F 635F 725D 722PF 725PF 722X 725X**	**RD30F RD35F 730D 735D 740D 735X 730PF 735PF**	**HD35R HD35F HD35X HD40R HD40X HD45X RD40F RD45F 740X 740PF**	**HD40F HD45R HD45F**
Големина на предни гуми	**S760 и S770 - притисок на напумпаност - bar/kPa (psi)**						
VF 900/60R38 CFO+ 193A8	1,2/120 (17)	2,8/280 (41)	1,4/140 (20)	1,4/140 (20)	1,6/160 (23)	2,4/240 (35)	NR
LSW 1100/45R46 CFO 201D	1,2/120 (17)	2,4/240 (35)	1,2/120 (17)	1,4/140 (20)	2,4/240 (35)	1,6/160 (23)	NR
IF 1250/50R32 CFO 201B	1,2/120 (17)	2,4/240 (35)	1,2/120 (17)	1,2/120 (17)	1,4/140 (20)	1,6/160 (23)	NR
LSW 1250/35R46 CFO 202B	1,2/120 (17)	2,4/240 (35)	1,2/120 (17)	1,2/120 (17)	1,4/140 (20)	3,0/300 (44)	NR
520/85R42 157A8-165B ДУПЛИ	1,2/120 (17)	2,0/200 (29)	1,8/180 (26)	2,0/200 (29)	2,2/220 (32)	2,6/260 (38)	NR
IF 520/85R42 CFO 169D ДВОЈНИ	1,2/120 (17)	1,8/180 (26)	1,4/140 (20)	1,4/140 (20)	2,2/220 (32)	2,6/260 (38)	NR
VF 520/85R42 CFO 174A8 ДУПЛИ	1,2/120 (17)	1,8/180 (26)	1,4/140 (20)	1,4/140 (20)	2,2/220 (32)	2,2/220 (32)	NR
580/85R42 166D ДВОЈНИ	1,2/120 (17)	2,0/200 (29)	1,6/160 (23)	1,6/160 (23)	1,8/180 (26)	2,0/200 (29)	NR
650/85R38 173A8 ДУПЛИ	1,2/120 (17)	1,8/180 (26)	1,6/160 (23)	1,6/160 (23)	1,6/160 (23)	2,0/200 (29)	NR
NR = Не се препорачува							

[a]*Означува конфигурација за возење на пат (нема хедер, нема жито во резервоарот за жито).*

OUO6075,0005288-A8-09JUN22

Притисок на напумпаност на предни гуми (S780, S785 и S790)

ЗАБЕЛЕШКА: За повеќе информации видете за грижа и сервис за гуми во овој дел.

ВАЖНО: Сиот патен превоз МОРА да се врши со притисоци што се прикажани во колоната без хедер/транспорт. Неправилниот притисок за време на превозот може да ја намали стабилноста на возилото. Правилен притисок резултира со зголемена заштеда на гориво и подолг работен век на гумата.

Брзина	Брзина на возење по пат 40 km/h (25 mph)		Брзина на жнеење 10 km/h (6 mph)				
Приближна маса	Нема хедер/ транспорт[a]	4500—5500 kg	1500—2500 kg	2500—3500 kg	3500—4500 kg	4500—5600 kg	5600—6000 kg
		9900—12 100 lb	3300—5500 lb	5500—7700 lb	7700—9900 lb	9900—12 300 lb	12 300—13 200 lb
Ременски собирач/рамен хедер, без сврдел	Не е применливо	Не е применливо	BP15 620F 622F 625F	630F 635F 725D 722PF 725PF 722X 725X	RD30F RD35F 730D 735D 740D 735X 730PF 735PF	HD35R HD35F HD35X HD40R HD40X HD45X RD40F RD45F 740X 740PF	HD40F HD45R HD45F
Големина на предни гуми	S780, S785 и S790 - притисок на напумпаност - bar/kPa (psi)						
680/85R32 178A8	1,4/140 (20)	NR	2,8/280 (41)	3,2/320 (47)	4,0/400 (58)	NR	NR
680/85R32 CHO 178A8	1,4/140 (20)	NR	2,4/240 (35)	2,8/280 (41)	3,2/320 (47)	4,0/400 (58)	NR
IF 680/85R32 CFO 179A8	1,4/140 (20)	NR	2,2/220 (32)	2,4/240 (35)	NR	NR	NR
VF 710/70R42 CFO 193B	1,6/160 (23)	3,6/360 (52)	2,4/240 (35)	2,4/240 (35)	3,0/300 (44)	NR	NR
IF 800/65R32 CFO 178A8-179A8	1,6/160 (23)	NR	2,4/240 (35)	NR	NR	NR	NR
800/70R32 CHO 175A8	1,6/160 (23)	NR	2,0/200 (29)	2,4/240 (35)	2,4/240 (35)	NR	NR
IF 800/70R32 CFO 182A8	1,6/160 (23)	NR	2,0/200 (29)	2,2/220 (32)	2,6/260 (38)	NR	NR
800/70R38 173A8-181A8	1,6/160 (23)	NR	2,4/240 (35)	2,4/240 (35)	2,8/280 (41)	NR	NR
IF 800/70R38 CFO 184A8-187A8	1,2/120 (17)	NR	1,4/140 (20)	1,6/160 (23)	1,6/160 (23)	NR	NR
VF 800/70R38 CFO 193A8	1,2/120 (17)	2,6/260 (38)	1,6/160 (23)	2,0/200 (29)	2,2/220 (32)	2,6/260 (38)	NR
LSW 800/55R46 CFO 190D	1,2/120 (17)	3,2/320 (47)	2,0/200 (29)	2,6/260 (38)	2,8/280 (41)	3,2/320 (47)	NR
900/60R32 176A8	1,2/120 (17)	NR	2,4/240 (35)	2,8/280 (41)	2,8/280 (41)	NR	NR
900/60R38 181A8	1,2/120 (17)	NR	2,4/240 (35)	2,8/280 (41)	2,8/280 (41)	NR	NR
IF 900/65R32 CFO 191A8	1,2/120 (17)	3,2/320 (47)	1,6/160 (23)	2,0/200 (29)	2,8/280 (41)	2,8/280 (41)	NR
VF 900/60R32 CFO 193A8	1,2/120 (17)	2,8/280 (41)	1,8/180 (26)	2,2/220 (32)	2,6/260 (38)	2,8/280 (41)	NR
VF 900/60R38 CFO+ 193A8	1,2/120 (17)	2,8/280 (41)	1,6/160 (23)	1,6/160 (23)	1,6/160 (23)	1,8/180 (26)	NR
LSW 1100/45R46 CFO 201D	1,2/120 (17)	2,4/240 (35)	1,4/140 (20)	1,6/160 (23)	2,4/240 (35)	2,4/240 (35)	2,6/260 (38)

Брзина	**Брзина на возење по пат 40 km/h (25 mph)**		**Брзина на жнеење 10 km/h (6 mph)**				
Приближна маса	**Нема хедер/ транспорт[a]**	**4500—5500 kg**	**1500—2500 kg**	**2500—3500 kg**	**3500—4500 kg**	**4500—5600 kg**	**5600—6000 kg**
		9900—12 100 lb	**3300—5500 lb**	**5500—7700 lb**	**7700—9900 lb**	**9900—12 300 lb**	**12 300—13 200 lb**
Ременски собирач/рамен хедер, без сврдел	**Не е применливо**	**Не е применливо**	**BP15 620F 622F 625F**	**630F 635F 725D 722PF 725PF 722X 725X**	**RD30F RD35F 730D 735D 740D 735X 730PF 735PF**	**HD35R HD35F HD35X HD40R HD40X HD45X RD40F RD45F 740X 740PF**	**HD40F HD45R HD45F**
Големина на предни гуми	**S780, S785 и S790 - притисок на напумпаност - bar/kPa (psi)**						
IF 1250/50R32 CFO 201B	1,2/120 (17)	2,4/240 (35)	1,2/120 (17)	1,2/120 (17)	1,4/140 (20)	1,6/160 (23)	2,0/200 (29)
LSW 1250/35R46 CFO 202B	1,2/120 (17)	2,4/240 (35)	1,2/120 (17)	1,6/160 (23)	1,6/160 (23)	1,6/160 (23)	2,0/200 (29)
520/85R42 157A8-165B ДУПЛИ	1,2/120 (17)	2,0/200 (29)	2,0/200 (29)	2,4/240 (35)	3,0/300 (44)	3,0/300 (44)	3,2/320 (47)
IF 520/85R42 CFO 169D ДВОЈНИ	1,2/120 (17)	1,8/180 (26)	1,4/140 (20)	1,6/160 (23)	2,6/260 (38)	2,6/260 (38)	2,8/280 (41)
VF 520/85R42 CFO 174A8 ДУПЛИ	1,2/120 (17)	1,8/180 (26)	1,4/140 (20)	1,6/160 (23)	2,6/260 (38)	2,6/260 (38)	2,8/280 (41)
580/85R42 166D ДВОЈНИ	1,2/120 (17)	2,0/200 (29)	1,6/160 (23)	1,8/180 (26)	2,0/200 (29)	2,2/220 (32)	2,4/240 (35)
650/85R38 173A8 ДУПЛИ	1,2/120 (17)	1,8/180 (26)	1,6/160 (23)	1,6/160 (23)	1,6/160 (23)	2,0/200 (29)	2,0/200 (29)
NR = Не се препорачува							

Тип на корпа (Европа) ***(F)****	Мала/Мала/Голема	Мала/Мала/Голема
Капаци на решетката на сепараторот ***(D)****	Користење по потреба	Користење по потреба
Граничници на решетката на сепараторот	Во складирана положба	Во складирана положба
Транспортни лопатки на горниот капак ***(O)**** (ако постојат)	Стандардно	Стандардно
Брзина на вентилаторот (вртежи/мин.)	900-1250	900-1250
Прилагодливо предно вибрирачко гумно (ако има во опремата) (mm)	24	24
Зазор на вибрирачко гумно (mm) ***(R)****	13-18	13-18
Зазор за на задниот отстранувач на плева за нагодување од двојна зона (mm)	5 степени 10 за стрмнини	5 степени 10 за стрмнини
Зазор на ситото (mm)	3-8	3-8
Конкавна позиција кај системот за остатоци на плева (ако има во оопрема)	Зрна	Зрна
Пренасочувач на култура	Зрна	Зрна
Вклученост на блокот ножеви	Дозволено	Дозволено
Брзина на сецкач	Високо	Високо

OUO6075,000504F-A8-17MAR21

Страница за опис на фуснотите

(A)* *Се препорачува 32-запчен погонски запченик со за слаби култури на слама поради услови на високо количество, зелена слама или редови откос.*

(B)* *Употребете помала брзина за подобрен квалитет на слама при суви култури и квалитет на зрно. За сув, кршлив сончоглед може да се употреби 15-запчен погонски запченик.*

(C)* *За подобрен квалитет на зрното, употребете комплет за забавување до 320 врт/мин.*

(D)* *Во услови на преоптоварување на решетото при суви култури, со корпи со мала мрежа, најпрво поставете два реда на десната страна и три реда на левата страна од решетото на сепараторот. Со корпи со голема мрежа, најпрво поставете три реда на десната страна и два реда на левата страна од решетото на сепараторот. Нагодете го бројот и патеката по потреба според условите.*

(E)* *15 елементи е стандардната конфигурација. Во повеќето услови, 15 елементи ќе имаат потреба од помала моќност што води кон повисок капацитет, помалку оптоварување на решетото и помалку оштетување на сламата. Достапни се положби за дополнителни девет елементи (пакет за густина) на ротори за густи култури кои можат да се употребат во услови за ракување со густ материјал.*

(F)* *За подобрување на вршењето, примероците од резервоарот за зрна и дистрибуцијата при товарење плева кај мали зрна, најпрво поставете ги капаците за корпа на предната корпа. По потреба, може да се додадат дополнителни капаци на другите корпи.*

(G)* *Други препораки освен за назабена тешка*

култура ќе имаат потреба од конверзија на тупалката за достава.

(H) Се препорачува капак за коритото за отпадоци.*

(I) Можеби ќе биде потребно комплет за забавување на вентилаторот за чистење.*

(J) За зголемена контрола на материјалот користете голема брзина.*

(K) Мрежите може да се отстраната за зголемено фаќање на кочанот.*

(L) Може да се постават лопатки за празнење за подобрена контрола на материјалот ако се користи ротор TriStream™.*

(M) Користете решетки на одделувач за мешан пченкарен кочан.*

(N) Во услови на екстремно тешка контрола на материјалот, можат да се постават запци на вршалката наместо елементите на вршалката (може да се намалат перформансите на вршалката).*

(O) Напредна поставка може да биде искористена за подобрен квалитет на сламата и/или контрола на материјалот. Забелешка: Може да се зголеми загубата од сепараторот при напредните поставки.*

(P) Достапно преку сервисни делови.*

(Q) За конкавниот дел Kondex® Revolution™ (MaxThresh™, MaxRound™) препорачано поставување е 2-5 mm поотворено од малата жица, големата жица и конкавните кружни шипки на John Deere.*

(R) Препорачана поставка за вибрирачкото гумно со рамни запци е 2-3 mm поотворено отколку вибрирачкото гумно за општа намена.*

OUO6075,0005050-A8-14MAY21

Препораки за конкавен дел

ЗАБЕЛЕШКА: За препорачаните поставки за машината при различни посеви, за повеќе информации погледнете во делот Поставки за посеви.

Конкавни типови	Пченка	Соја	Пченица Јачмен Мали зрна	Ориз	Царевка Прехранбе-на пченка	Сорго (Мило) Сончогледи (деликатес)	Сончогледи (масло)	Канола
Со мала мрежа	NR	NR	Најдобро	NR	NR	NR	Просек	Најдобро
Со голема мрежа	Добро	Добро	Добро	Најдобро	NR	Најдобро	Најдобро	Добро
Со кружна шипка	Најдобро	Најдобро	Просек	Добро	Најдобро	Просек	Најдобро	Просек

Најдобро = Обезбедува најдобро ниво на перформанси.
Добро = Обезбедува добро ниво на перформанси.
Просечно = Обезбедува просечно ниво на перформанси.
NR = Не се препорачува.

Препорачани конфигурации

ЗАБЕЛЕШКА: За препорачаните поставки за машината при различни посеви, за повеќе информации погледнете во делот Поставки за посеви.

Можни се бројни комбинации на конкавни делови врз основа на условите и преференциите на операторот.

Конкавни типови	Пченка Соја	Пченица	Јачмен	Леќа	Леблебија	Канола
John Deere	RB, RB, RB	SW, SW, SW Капаци Plus	SW, SW, LW	SW, SW, SW	SW, RB, RB	SW, SW, SW
Kondex® Revolution™	MR, RB, RB	MT, SW, SW	MT, SW, LW	MT, SW, SW	MR, RB, RB	MT, SW, SW

SW = конкавен дел John Deere со мала жица
LW = конкавен дел John Deere со голема жица
RB = конкавен дел John Deere со кружна жипка
MT = два полуширок конкавни делови Kondex® Revolution™ MaxThresh™
MR = конкавен дел со една полуширина Kondex® Revolution™ MaxThresh™ и конкавен дел со една полуширина MaxRound™


MaxThresh е заштитен знак на Kondex Corporation
MaxThresh е заштитен знак на Kondex Corporation
MaxRound е заштитен знак на Kondex Corporation

OUO6075,0005079-A8-11MAY21

Постапка за исклучување на моќноста



H95321—UN—02NOV10



H120321—UN—20DEC16

A—Контактен клуч
B—Прекинувач за вклучување на хедерот
C—Прекинувач за вклучување на сепараторот

ЗАБЕЛЕШКА: Исклучувањето на моќноста се користи за одредување на перформансите на машината во површините за овршување и сепарација преку земање “слика од состојбата” од материјалот во сепараторот. Ова е корисно при одредување каде настануваат загубите зад машината и кои нагодувања може да се направат за да се коригира состојбата.

Осигурете дека условите на културата и влезниот материјал е сличен при секое исклучување.

1. Најдете го индикаторот за брзина на моторот кај екранот на аголниот постамент и отчитувањето за брзината на вршење од екранот кај наслонот за рака.
2. Блокирајте ги педалите за сопирачки заедно.
3. Работете со машината на степени за оптимизиран проток во посакуваната култура.
4. Поместете го воланот нанапред за слободно движење (потребни се и двете раце).
5. Притиснете го прекинувачот за ниска брзина во празен од на моторот на потпирачот за рака.
6. Притиснете ги педалите за сопирачките.
   a. **Машини кои се без-ProDrive™:** Целосно притиснете ги педалите за сопирачки (брзо ја намалува брзината на моторот преку оптоварување на погонскиот систем).
   b. **Машини ProDrive™:** Лесно притиснете ги педалите за сопирачките (Ако сопирачките се целосно притиснати, ProDrive™ ќе се обиде да ја надомести моќноста и ќе промени во помала брзина преку променување на динамиката на машината).
7. Ако брзината на моторот се намали до речиси ниска брзина во празен од (1200 вртежи/мин), **брзо исклучете ги прекинувачите за хедерот (B) и за вклучување на сепараторот (C) на потпирачот за рака.**
8. Брзо поместете ја повеќенаменската рачка во неутрална положба.
9. Дозволете моторот да се излади за една минута.
10. Завртете го контактниот клуч (A) за да го ИСКЛУЧЕТЕ моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.
11. Пред да вршите какви било нагодувања, проверете од зголемено оштетување на зрната, зрната со лушпа останати на кочаните и загуба на слободните зрна.
12. Одлучете кои нагодувања се потребни. Отворете го зазорот на вршалката и вклучете го сепараторот (ова избегнува непотребен стрес во површината на погонот на цилиндарот за време на чистењето).
13. Нагодете ја машината на посакуваната поставка и продолжете со жнеењето.
14. Повторете ја оваа постапка и осигурете го квалитетот на зрното и загубите зад машината.
15. Откако ќе се добијат прифатливи нивоа на загуби, калибрирајте го VisionTrak™ мониторот и продолжете со жнеењето.

OUO6075,0004571-A8-10JAN17

VisionTrak е заштитен знак на Deere & Company

Табела за стандардна влага и густина

Култура	Стандардна влажност (%)	Густина на културата (lbs/bushel)	Густина на културата (kg/bushel)
Луцерка	12.0	60	27
Јачмен	14.0	48	22
Јачмен (зима) [a]	14.5	48	22
Јачмен (пролет) [a]	14.5	48	22
Канола	10.0	52	24
Наут [a]	12.0	61	27
Пченка (сува или влажна)	15.0	56	25
Грав за јадење	14.5	60	27
Лен	7.0	56	25
Семиња за трева	12.0	22	10
Леќа	10.5	60	27
Лупина [a]	12.0	53	24
Просо	11.0	50	23
Горчица	8.0	60	27
Морнарски грав	14.5	62	28
Овес	14.0	32	15
Овес [a]	15.0	32	15
Грашок	10.5	60	27
Грашок [a]	12.0	60	27
Пуканки	14.0	60	27
Пуканки [a]	15.5	60	27
Семе за репка (суво или влажно) [a]	10.0	52	24
Ориз	14.0	45	20
'Рж	14.0	56	25
Шафран	6.0	45	20
Сорго (кинеска шеќерна трска)	13.0	56	25
Соја	13.0	60	27
Сончоглед	14.0	29	11
Сончоглед [a]	9.0	20	11
Тритикале [a]	14.5	58	26
Пченица (пролет)	13.0	60	27
Пченица (зима)	13.0	60	27

[a] *Листа само на европски култури.*

OUO6075,0000E89-A8-22MAR12


Табела на стандардни тежини

Единица	Тежина (lb)	Тежина (kg)
Барели	162.0	73.5
Вреќи	100.0	45.4
Сто килограми	100.0	45.4
Фунти (lb)	1.0	0.454
Килограми (kg)	2.204	1.0
Метрички тони	2204.0	1000.0
Тони	2000.0	907.0

OUO6075,0000435-A8-15APR10

Систем за порамнување HillMaster™ (ако има во опрема)

HillMaster™ систем (Општи информации)



ZX 002438

ZX002438—UN—16JUN95

ВНИМАНИЕ: HillMaster™ мора да се користи само во поле. Пред возење на јавни патишта, машината мора да се спушти во положба за транспорт, така што максималната висина да не е поголема од 4.0 m.

Мора да се внимава кога машината се врти на стрмнини. Следете ги овие предупредувања кога ја вртите машината на стрмнини за да не изгубите стабилност и да се превртите од машината:

- **Никогаш не вртете ја машината побрзо одошто системот за порамнување може да го одржи нивото на машината.**
- **Секогаш вртете на угорнина и никогаш на удолнина.**
- **Не движете се на поголеми стрмнини кога ќе се појави на дисплејот индикаторот за максимално ограничување на накосеноста.**


Избегнете повреди од згмечување. Секогаш спуштете го системот за нивелирање пред да дојдете под машината за сервисирање и прилагодување. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ВАЖНО: Пред да го активирате контролниот прекинувач за рачно порамнување, проверете сопирачката за паркирање да е ослободена.

Немојте да ја паркирате машината премногу блиску до други машини или ѕидови од зграда. Ова е многу важно бидејќи машината може да се накоси поради внатрешно губење на притисок на маслото кога е паркирана за подолг временски период. Тоа може да предизвика дефект на машината и соседните машини или ѕидови.

Стандардните завршни погонски механизми се монтирани на зглобни носечки плочки на предната осовина. Хидрауличниот цилиндер се користи за ротирањето на носечките плочи горе-долу за накосување на машината. Сепараторот го одржува нивото додека машината се движи низ нераман терен.

Системот се ракува мануелно со користење на копчињата за лево и десно HillMaster™ навалување или во автоматски режим.



H98380—UN—01OCT10

Сензор за накосување сместен на предната оска

A—Сензор за накосување

Во автоматскиот режим, сензорот за накосување (A) управува со телото на машината и го одржува нивото додека машината се движи низ поле.


Како што се менува наклонот на полето, сензорот за наваленост го мери аголот на навалувањето и обезбедува сигнал до контролната единица. Во соодветното време и аголот на накосување, контролно струјно коло праќа електронски сигнал до левиот или десниот соленоид за накосување на контролниот вентил за порамнување на накосувањето.

ЗАБЕЛЕШКА: Сензорот го одржува рамно нивото на одделувачот во рамките на еден аглов степен во текот на работа во поле. Во работата на груб и нерамен терен, положбата на нивото на сепараторот може да надминува тој еден степен за кратко време.

Системот за накосување одржува новото на сепараторот на стрмнини до 15%. Ако се работи на стрмнини поголеми од 15%, индикаторот за максимално ограничување на накосувањето се појавува на екранот.

HillMaster е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Работа на страничната наваленост




H84660—UN—07OCT05

A—Доставна комора

Страничното навалување помага хедерот да се одржува паралелно со почвата како што одделувачот на машината се навалува за да остане на ниво. Системот користи посебно опремена доставната комора (A) што овозможува хедерот да се накосува кон лево и десно.


HillMaster™-от заедно со функцијата за странично навалување овозможува хедерот да се навали лево и десно ± 9 степени. Двата системи овозможуваат хедерот правилно да коси до 15%.

Системот за навалување употребува местење со двојно-делувачки примарен/секундарен цилиндар за да го навали хедерот во однос на шасијата.



H84613—UN—04OCT05

Примарниот цилиндер е сместен на левата страна



H84661—UN—07OCT05

Секундарниот цилиндер за накосување на хедерот

A—Примарниот цилиндер за накосување на хедерот
B—Секундарниот цилиндер за накосување на хедерот

Примарниот цилиндар за навалување на хедерот (A) е поврзан меѓу предната осовина и носечката плоча на левиот завршен погон. Секундарниот цилиндар за навалување на хедерот (B) е на врвот од куќиштето за достава и ја поврзува рамката за навалување на куќиштето за достава. Во текот на нормалното работење, хедерот автоматски останува во паралелна положба со терен додека сепараторот се накосува кон лево или десно.

ЗАБЕЛЕШКА: Областите околу рамката за навалување на куќиштето за достава треба редовно да се чистат за да се спречи насобирање на материјал, кој што би можел да го ограничи целосното навалување.


Операторот може да ја надмине автоматската функција за навалување на хедерот со користење на прекинувачите за странично навалување на повеќе-функционалната рачка. Кога се притиснати прекинувачите за странично навалување, маслото од главниот хидрауличен вентилски распоредник се додава или одзема од колото за навалување на хедерот, овозможувајќи му на хедерот да се движи независно од куќиштето за достава и шасијата.

За автоматска работа, хедерот мора да биде опремен со сензори и калибриран пред првата употреба.

Овозможете го системот за странично навалување преку софтверот. Системот е активиран со притисок на активациските копчиња 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка.


Сигналите од сензорите од двата краја, левиот и десниот, се процесираат и се вклучува соодветниот хидрауличен контролен вентил за нивелирање на хедерот во однос на почвата.

Цилиндри за накосување на хедерот



H84613—UN—04OCT05

Примарниот цилиндер е сместен на левата страна



H84661—UN—07OCT05

Секундарниот цилиндер за накосување на хедерот

A—Примарниот цилиндер за накосување на хедерот
B—Секундарниот цилиндер за накосување на хедерот

Аголот на хедерот е одреден од поставеноста на примарниот/секундарниот цилиндар. Примарниот цилиндар (A) е поврзан меѓу шасијата и носечката плоча на левиот завршен погон. Секундарниот цилиндар (B) е поврзан меѓу куќиштето за достава и рамката за навалување.


Краевите на шипките од примарниот и секундарниот цилиндар се поврзани еден со друг и краевите од клипот на примарниот и секундарниот цилиндар се поврзани еден со друг. Како што левиот нивелирачки цилиндар се издолжува и вовлекува, носечката плоча на левиот завршен погон зглобно се подига и спушта и го издолжува или вовлекува примарниот цилиндар за навалување на хедерот. Придвижувањето на примарниот цилиндар го издолжува и вовлекува секундарниот цилиндар.

Како што се издолжува примарниот цилиндар преку движењето на носечката плоча на завршниот погон, маслото протекува од крајот на шипката на примарниот цилиндар до крајот на шипката на секундарниот цилиндар. Тоа предизвикува секундарниот цилиндер да се повлекува. Маслото од крајот на основата на секундарниот цилиндар протекува до крајот на основата на примарниот цилиндар за да го наполни просторот создаден дополнително како што се издолжува примарниот цилиндар.

Кога примарниот цилиндар се вовлекува преку придвижувањето на носечката плоча на завршниот погон, се случува спротивното.

OUO6075,00044CC-A8-10JAN17

Дневни работни подготовки за HillMaster™



H120033—UN—14NOV16

HillMaster™ прекинувачи

A—Контролен прекинувач за автоматско порамнување
B—Индикациско светло
C—Прекинувач за рачно накосување надесно
D—Прекинувач за рачно накосување налево

ВНИМАНИЕ: Не се обидувајте да работите со HillMaster™ машината освен ако сите од следниве работни проверки се успешно завршени. Ако една или повеќе од следните проверки се неуспешни (сепараторот не се накосува или времето за постигнување целосно накосување е предолго), контактирајте со Вашиот трговец со John Deere опрема за помош.

Пред да работите со HillMaster™ машината, следниве три работни проверки мора да бидат известени (дневно).

Системски барања:

- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт во положба за теренска работа.
- Притиснете го контролниот прекинувач за автоматско порамнување (A) за да го активирате системот за автоматско порамнување.
- Индикациското светло (B) се ВКЛУЧУВА покажувајќи дека е во автоматски режим.

Прва проверка: Притиснете и задржете го приближно 20 секунди десниот прекинувач за мануелно навалување (C) за да ја навалите шасијата на машината на десно.

Втора проверка: Притиснете и задржете го приближно 20 секунди левиот прекинувач за мануелно навалување (D) за да ја навалите шасијата на машината на лево.


HillMaster е регистриран заштитен знак на Deere & Company

ЗАБЕЛЕШКА: Времето потребно за да се доведе машината од положба на максимално лево накосување во положба на максимално десно накосување е околу 5-7 секунди.

Трета проверка: Притиснете и држете го прекинувачот за рачно накосување налево сè додека машината не се накоси целосно налево. Притиснете и задржете го десниот прекинувач за мануелно навалување се додека шасијата на машината биде потполно навалена на десно.

OUO6075,00044CD-A8-25JAN17

Контролни прекинувачи за порамнување HillMaster™



H120033—UN—14NOV16

HillMaster™ прекинувачи

A—Контролен прекинувач за автоматско порамнување
B—Индикациско светло
C—Прекинувач за рачно накосување надесно
D—Прекинувач за рачно накосување налево

Автоматско порамнување

Контролниот прекинувач за автоматско нивелирање (A) му овозможува на одделувачот на машината сам да се нивелира себе си како што машината се движи преку нерамен терен.

Системски побарувања:

- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт во положба за теренска работа.

1. Притиснете го контролниот прекинувач за автоматско порамнување за да го активирате системот за автоматско порамнување.
2. Индикациското светло (B) се ВКЛУЧУВА покажувајќи дека е во автоматски режим.
3. Дисплејот ја покажува положбата на шасијата на машината графички.

Како што машината се движи преку полето за да се почуствува наклонот се користи сензорот за наваленост.

ЗАБЕЛЕШКА: Со активиран контролен систем за автоматско нивелирање, прекинувачите за мануелно навалување може да се употребат за да се прескокнат автоматските функции (машината може рачно да се навали на лево или десно).

Рачно порамнување

Прекинувачите за рачно накосување и дозволуваат на шасијата на машината рачно да се накоси лево или десно како што машината се движи на лизгав терен.

Системски побарувања:

- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт во положба за теренска работа.

ЗАБЕЛЕШКА: Машини со менувач преку притискање на копче: Притиснете го десниот прекинувач за мануелно навалување (C) или левиот прекинувач за мануелно навалување (D) за да го овозможите HillMaster™ режимот. Притисниете го прекинувачот на сопирачката за паркирање за да ја ослободите сопирачката за паркирање.

Притиснете и задржете го десниот прекинувач за мануелно навалување (C) за да ја навалите шасијата на машината на десно.

Притиснете и задржете го левиот прекинувач за мануелно навалување (D) за да ја навалите шасијата на машината на лево.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога прекинувачот за рачно саканото накосување е ослободен, автоматскиот режим ја презема и автоматски ја нивелира шасијата на машината.

Дисплејот ја покажува положбата на шасијата на машината графички.

Како што машината се движи преку полето за да се почуствува наклонот се користи сензорот за наваленост.

ЗАБЕЛЕШКА: Со активиран контролен систем за автоматско нивелирање, прекинувачите за мануелно навалување може да се употребат за да се прескокнат автоматските функции (машината може рачно да се навали на лево или десно).

HillMaster е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Положба на патен транспорт

ВНИМАНИЕ: Избегнувајте да изгубите контрола за време на патен транспорт и сериозна повреда или смрт. Никогаш не ја транспортирајте машината на пат со HillMaster™ во автоматски режим. Никогаш не обидувајте се рачно да ја накосите машината додека ја транспортирате на пат.

Следново го заклучува системот за нивелирање кај HillMaster™ и осигурува системот за нивелирање да не ги префрла брзините на преносот за време на патниот превоз.

Системски побарувања:

- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт во положба за теренска работа.


1. Поместете ја машината на рамен терен.
2. Притиснете го контролниот прекинувач за автоматско порамнување **5 секунди** или додека не светне индикациското светло (B).
3. Притиснете и задржете го десниот прекинувач за мануелно навалување (C) за да ја навалите шасијата на машината на десно.
4. Притиснете и задржете го левиот прекинувач за мануелно навалување (D) за да ја навалите шасијата на машината на лево.

Машината е сега во неутрална положба и може да се вози на патишта.

OUO6075,0004941-A8-12APR18


Гасеници на John Deere (ако има во опремата)

Сликата на машината



H122227—UN—10AUG17
OUO6041,0000C1B-A8-25AUG17

Практики на безбедно работење со гасеници



H48148—UN—12DEC96


НЕ стојте близу гасениците кога машината работи.

Практиките за безбедно работење кај машини со гасенички погон не се различни од машините со погон на тркала.

СЕКОГАШ погледнете го вашиот прирачник за работа со комбајна, и прегледајте го делот за безбедност пред работа со машината. Прирачникот за работа со комбајната ги дава детално практиките за безбедно работење кои што мора да се следат за да се заштитите вие и останатите од случајна смрт и/или повреда.

OUO6075,00014B9-A8-03DEC13

Прирачник за користење




H122407—UN—03OCT17

Овој прирачник за користење ги содржи сите важни информации потребни за безбедна работа со машината. Внимателно почитувајте ги сите правила за безбедност за да избегнете несреќи.

OUO6041,0000CE6-A8-13NOV17

Акумулатор




H122408—UN—03OCT17

За избегнување повреда од придвижување на машината и изложување на течност под притисок, видете го трговецот за упатства за ослободување на притисокот пред сервисирање на хидрауличниот систем.

OUO6041,0000CE5-A8-13NOV17

Пристапна скала до кабина/платформа




H125749—UN—19MAR19

За да избегнете повреда од згмечување, држете ги рацете и прстите подалеку од оваа област.

OUO6075,0004ABE-A8-01MAR19

Положби за скалата за кабина (60.9 cm (24 in) Широки гусеници)



H124949—UN—31AUG18

A—Педал
B—Рачка
C—Рачка
D—Положба (поле)
E—Положба (возење на јавни патишта)

ВНИМАНИЕ: Избегнете повреда или смрт. Не возете се и не обидувајте се да се искачите на предните или на задните скали додека машината се движи.

Скалата може да биде позиционирана од приземјувачкиот дел на скалата со згазнување на педалата (A) и истовремено завртување на рачката (B). Во било која насока завртете ја рачката за да го завртите склопот на скалата.

Скалата може да се позиционира од земја користејќи ја рачката (C).

Ако резето на скалилата изгледа лабаво, исчистете го местото околу клинот на резето. Во овој дел не употребувајте масло или маст.

Свртете ги скалите на напред или на назад и блокирајте ги во следниве различни положби:


- **Позиција (D):** За нормални работни услови на работа.
- **Положба (E):** За превоз на машината по јавни патишта.

ВНИМАНИЕ: Внимавајте да не ја оштетите скалата на кабината. Секогаш ставајте ја скалата во склопена позиција (позиција нагоре) и вртете ја скалата во положбата (D) при нормални услови за работа во полето.

Избегнете несреќи. Секогаш поставете ја скалата (A) во склопена позиција (горна позиција) и завртете ја скалата во позицијата (E) пред превоз на јавни патишта за да се намали широчината на машината и да ги позиционирате ги светлата за позиција/опасност кон возачите што доаѓаат во пресрет.

OUO6075,0004ABF-A8-01MAR19

Положби за скалата за кабина (76.2 cm (30 in) and 91.4 cm (36 in) Широки гусеници)



H124944—UN—30AUG18

A—Рачка
B—Рачка
C—Положба (поле)
D—Положба (возење на јавни патишта)

ВНИМАНИЕ: Избегнете повреда или смрт. Не возете се и не обидувајте се да се искачите на предните или на задните скали додека машината се движи.

Скалата може да биде позиционирана од земја или од приземјувачкиот дел на скалата користејќи ја рачката (A) или рачката (B).

Ако резето на скалилата изгледа лабаво, исчистете го местото околу клинот на резето. Во овој дел не употребувајте масло или маст.

Свртете ги скалите на напред или на назад и блокирајте ги во следниве различни положби:

- **Позиција (C):** За нормални работни услови на работа.
- **Позиција (D):** За превоз на машината по јавни патишта.


ВНИМАНИЕ: Внимавајте да не ја оштетите скалата на кабината. Секогаш ставајте ја скалата во склопена позиција (позиција нагоре) и вртете ја скалата во положбата (C) при нормални услови за работа во полето.

Избегнете несреќи. Секогаш поставете ја скалата (A) во склопена позиција (горна позиција) и завртете ја скалата во позицијата (E) пред превоз на јавни патишта за да се намали широчината на машината и да ги позиционирате ги светлата за позиција/опасност кон возачите што доаѓаат во пресрет.

OUO6075,0004AC0-A8-07MAR19

Положби за скалата за кабина (Склопување/расклопување од земјата)

Склопување на скалата




H124945—UN—30AUG18

A—Држач за раце (употребени се 2)
B—Безбедносна рачка

ВНИМАНИЕ: Избегнете повреда за вас или за другите лица. Држете ги рацете настрана од подвижните делови додека ја склопувате или расклопувате скалата. Секогаш користете ги дршачи за раце за да го склопите или расклопите скалата.

Турнете ги нагоре гелендерите (A) за да ја подигнете скалата во горната позиција се додека рачката за заклучување (B) се забрави.

Расклопување на скалата



H124946—UN—30AUG18

A—Безбедносна рачка
B—Држач за раце (употребени се 2)


ВНИМАНИЕ: Избегнете повреда за вас или за другите лица. Држете ги рацете настрана од подвижните делови додека ја склопувате или расклопувате скалата. Секогаш користете ги дршачи за раце за да го склопите или расклопите скалата.

Турнете нагоре врз рачката за блокирање (A) и повлечете надолу врз гелендерот (B) за да ја спуштите скалата во долната позиција.

OUO6075,0004A23-A8-06SEP18

Положби на скалата за кабина (Склопување/расклопување за слегување од кабината)

Склопување на скалата




H124948—UN—30AUG18

A—Рачка
B—Попречна греда
C—Безбедносна рачка

ВНИМАНИЕ: Избегнете повреда за вас или за другите лица. Држете ги рацете настрана од подвижните делови додека ја склопувате или расклопувате скалата. Секогаш користете ги дршачи за раце за да го склопите или расклопите скалата.

1. Повлечете нагоре на рачката (A) се додека напречната греда (B) може да се досегне.
2. Продолжете со повлекувањето нагоре на напречната греда за да ја подигнете скалата се додека рачката за заклучување (C) се забрави и ја обезбеди скалата во горната позиција.

Расклопување на скалата



H124947—UN—30AUG18


A—Педала
B—Безбедносна рачка
C—Попречна греда
D—Скала

ВНИМАНИЕ: Избегнете повреда за вас или за другите лица. Држете ги рацете настрана од подвижните делови додека ја склопувате или расклопувате скалата. Секогаш користете ги дршачи за раце за да го склопите или расклопите скалата.

1. Турнете надолу на педалата (A) за да ја одбравите рачката за заклучување (B).
2. Турнете надолу на напречната греда (C) се додека таа ќе може да се досегне со вашето стопало.
3. Продолжете да притискате надолу врз напречната греда за да ја спуштите скалата (D) целосно надолу.

OUO6075,0004A24-A8-06SEP18

Деловите на гусениците




H122226—UN—10AUG17

A—Гумена лента на гасеница
B—Погонско тркало
C—Главната рамка
D—Боги тркала
E—Без погонски тркала

OUO6041,0000C2E-A8-10AUG17

Карактеристики и предности на лентите



H122227—UN—10AUG17

Карактеристики и предности на лентите:

- Набивање – се намалува набивањето
- Флотација – се зголемува флотацијата во неповолни услови
- Квалитетно возење–гумирани тркала и возење со боги перничиња
- Мало одржување – нема места за подмачкување
- Автоматска затегнатост - ефикасна апсорбција на ударите или ингестија на остатоците
- Интегрирани ленти – континуираните гумени ленти го минимизираат оштетувањето на површината
- Позитивно возење – нежно распоредување на вртливиот момент врз гумениот ремен со мал отпор на тркалање
- Брзина – еднаква брзина како кај тркалата

Лентите се инсталирани од левата и десната страна на предната осовина наместо на нормалните погонски тркала.

Силата на тежина се пренесува од главната рамка на без погонските тркала и боги тркалата.

Без погонските тркала и боги тркалата заедно со системот за амортизација го компензираат нерамниот почвен терен. Тоа резултира со израмнет притисок врз тлото преку целата област на лентата.

OUO6041,0000C2F-A8-11JAN18

Работење со машини на гасеници

ВАЖНО: Прописите за транспорт се разликуваат. Контактирајте ги локалните службеници во ваша близина околу вашите транспортни побарувања.

Големите патни брзини на движење ја зголемуваат брзината со која се абе нагазниот дел и создава прекумерно загревање, кое што може да го намали работниот век на погонските запци. За повеќе информации погледнете брзини на патен превоз подоцна во овој дел. Треба да се избегнува возење со голема брзина пред завршување на периодот на разработка, особено на патишта. Ако е неопходен патниот превоз со нови гасеници, намалете ја брзината на патување и нанесете сув лубрикант на погонските запци за да помогне во правилното третирање на ременот.

ЗАБЕЛЕШКА: Возењето на машина со гасеници е исто како и возењето на машина со гуми. Поради тоа, инструкциите како да се вози комбајна се дадени во прирачникот за работа со комбајната.

Не постои разлика меѓу работењето со машините со гасеници наспроти машините со тркала. Сите команди и функции на менување остануваат истите како и кај машината со тркала.

Однесувањето на машината на асфалтирани патишта е слично со однесувањето на машината со тркала. На не-асфалтирани патишта, патишта во лоша состојба и во поле, машината го компензира нерамниот терен и не е склона да потскокнува споредено со машината со тркала.

Погледнете во прирачникот за работа со комбајна за работни информации што не се поврзани со лентите.

Максимизирање на работниот век на гасениците

ВАЖНО: За да избегнете оштетување деловите на гасениците и системот за гасениците, припремете ги гасениците.

- **Проверете ја состојбата на гасениците пред да ја возите машина на пат за прв пат. За повеќе информации во периодот на разработката погледнете Грижа и кондиционирање на ремени.**
- **Избегнувајте патување по патишта со големи брзини со нов комплет на гусеници и тркала, особено во текот на првите 100 часа.**

Насобраната нечистотија може да предизвика пожар од зголеменото триење. Отстранете ја нечистотијата од местата каде што тоа се насобрало меѓу лентите и рамката на машината.

Избегнувајте работа на гусениците во маст, масло или други нафтени хемикалии. Избегнувајте истурање на овие материјали врз гусениците и тркалата во текот на сервисирање.

Основите на гасениците се дизајнирани да се надмине абењето на нагазниот дел, сè додека се одржува интегритетот на основата. Од критично значење е да се заштити од влага челичниот дел на основата и да се избегнат ситуации каде може да дојде до локално преоптоварување на жичената арматура во гумата. На сопствениците на машините со гасеници им се дава совет да ги следат овие насоки за да постигнат максимален работен век на гасениците и да избегнат проблеми во работата, сето тоа резултира со пониски трошоци по работен час:

- **Минимизирајте го возењето по пат. Прекумерно возење по патишта со гусениците може да го зголемат абењето на нагазниот слој до 15 пати во однос на возењето во поле**
  - Минимизирајте ја превозната тежина во текот на превезување по пат.
  - Намалете ја максималната брзина на движење особено во високи амбиентални услови.
- **Користете правилни работни техники**
  - Избегнете пролизгување и триење на нагазниот дел на тврди површини за да го намалите абењето на гусениците.
  - Бидете внимателни кога преминувате преку канали или преминувања додека правите вртење. Дијагоналното преминување на канали причинува гасениците да останат без поддршка што предизвикува моментално губење на затегнатоста и поголем ризик за откачување на гасениците при вртење.
  - Не надминувајте работење на странична падина со наклон поголем од 10° или работа на падини напред/назад со наклон поголем од 22°.
- **Одржување на правилна затегнатост на гасеници**
  - Слабата затегнатост предизвикува брзо абење на гасениците и на внатрешната површина на ременот како последица од пролизгување и потенцијално причинува насобирање на материјал.
  - Пре-затегнатост додава дополнително оптоварување и стрес на лежиштата на подвозјето, внатрешните жици во гасениците и рамката на гасениците.

- **Чистете го целиот невообичаен материјал навлезен во гасениците**

  Остар тврд материјал внатре во гасеницата е примарна причина за кинење на гасеницата и подоцнежна влезна точка за влага внатре во основата на гасеницата.

OUO6075,0004F5F-A8-04NOV20

Брзини на патен превоз

ЗАБЕЛЕШКА: Максимално дозволено време на пат за максимизирање на работен век на гумата од ремен/тркало.


Без прикачен хедер (сите ширини на ремен)						
Амбиентна температура		**Брзина**				
		25	**30**	**35**	**40**	**km/h**
°C	**°F**	**15**	**18**	**21**	**25**	**mph**
0	32	>5,0				Часа
5	41					
10	50					
15	59					
20	68	>5,0			4,5	
25	77	>5,0	4,5		4,0	
30	86	4,0		3,5		
35	95	3,5		3,0		
40	104	3,0	2,5		2,0	

Со прикачен хедер (60.9 cm (24 in) лента)						
Амбиентна температура		**Брзина**				
		25	**30**	**35**	**40**	**km/h**
°C	**°F**	**15**	**18**	**21**	**25**	**mph**
0	32	>5,0			1,5	Часа
5	41					
10	50					
15	59	>5,0	4,5		1,0	
20	68	4,5	4,0			
25	77	4,0	3,5			
30	86	3,5	3,0			
35	95	3,0	2,5			
40	104	2,5	2,0	1,5		

Со прикачен хедер (76.2 cm (30 in) лента и 91.4 cm (36 in) лента)						
Амбиентна температура		**Брзина**				
		25	**30**	**35**	**40**	**km/h**
°C	**°F**	**15**	**18**	**21**	**25**	**mph**
0	32	>5,0			1,0	Часа
5	41	>5,0		4,5		
10	50			1,0		
15	59	>5,0	4,5			
20	68	4,5	4,0		0,5	
25	77	4,0	3,5			
30	86	3,5	3,0			
35	95	3,0	2,5			
40	104	2,5	1,5			

OUO6075,0004872-A8-14JUN18

Систем за затегнување на лентите



H122229—UN—15AUG17

ВАЖНО: Проверете го притисокот на цилиндарот за затегнување пред користење на машината.

Притисок на азот

Хидрауличниот цилиндар има внатрешен сад со акумулиран азот кој претходно е наполнет во фабриката. Притисокот нема потреба да се провери освен доколку одеднаш падне хидрауличниот притисок без знаци дека има губитоци на течности. За повеќе информации, видете го вашиот John Deere трговец.


Хидрауличен притисок

Мерачот за хидрауличниот притисок се наоѓа над предните без погонски тркала, на прикажаното место. Мерачот се користи за да обезбеди брза визуелна проверка за потврда дека притисокот е во рамките на препорачаниот работен опсег.

Ако притисокот е надвор од овие опсези тој мора да биде прилагоден. Ако притисокот е многу низок, тоа укажува дека некаде постои истекување во хидрауличниот систем и мора да се направи подетална проверка. За повеќе информации, видете го вашиот John Deere трговец.

OUO6041,0000C31-A8-10MAY18

Чистење на лентите



H122230—UN—15AUG17


ВАЖНО: Лентите мора да се чистат веднаш после работа во влажни и калливи услови.

Секогаш одржувајте ги погоските тркала и главната рамка исчистени од нечистотии и остатоци.

Областите околу главната рамка и тркалата мора периодично да се чистат за да се спречи насобирање на нечистотија и остатоци. Насобраниот материјал може да предизвика предвремено абење на ременот од гумените ленти, боги тркалата, и без погонските тркала.


OUO6041,0000C32-A8-15AUG17

Области за чистење на лентите



H122231—UN—15AUG17

Надворешен поглед



H122232—UN—15AUG17

Внатрешен поглед

A—Области околу главната рамка и тркала

Областите околу главната рамка и тркалата (A) мора периодично да се чистат за да се спречи насобирање на нечистотија и остатоци. Насобраниот материјал може да предизвика предвремено абење на ремент од гумените ленти, боги тркалата, и без погонските тркала.

OUO6041,0000C33-A8-16AUG17

Табела за интервал на сервисирање


ВАЖНО: Времињата за сервисирање се за просечни услови. Сервисирајте почесто ако машината се користи во екстремни услови.

Сервисирање	Првите 10 работни часови	На секои 10 работни часови	Првите 100 работни часови	На секои 400 работни часови	На секои 1000 работни часови
Исчистете ги нечистотија и остатоци од погонските тркала		•			
Исчистете ги нечистотија и остатоци од централната рамка		•			
Проверка на ниво на масло на затегнувачот на главина				•	
Проверка на ниво на масло во главина				•	
Проверка на поставки за притисок			•	•	
Проверете следење на ременот			•	•	
Проверка на вртлив момент на завртка	•		•	•	
Проверете го тркалцето за возење и затегнатоста на винтовите на тркалата	•		•	•	
Промена на масло на главнина					•
Промена на затегнувачот на масло на главина					•
Замена на ремени лево/десно [a]					•

[a] *Замена на ременот е потребна само врз основа на носење на влечење.*

OUO6075,0004A25-A8-06SEP18

Грижа за ремен и кондиционирање во период на разработка



H122233—UN—16AUG17

A—Места на погонот на предните и задните тркала

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Следнава процедура за периодот на разработка е за модуларен систем на лента после инсталација на нов систем на ленти, или инсталација на нов ремен за ленти. Пред да се работи со машината, мора да се нанесе сув лубрикант на погонските запци на ременот на гумената лента како помош за правилно кондиционирање на ременот.

Сипете една чаша сув лубрикант на областите кај погонските тркала напред и назад (A) како што е прикажано.

Поместете ја машината напред или во рикверц за да го распространите сувиот лубрикант преку погонските запци.

Уверете се дека наведувачките/погонските запци имаат на сите површини сув лубрикант.

Секогаш изложете ги новите или чисти ленти на сува почва и прашина, колку е можно поскоро.


Машината нека работи приближно 10 часа после инсталирање.

Проверете го хидрауличниот притисок на системот за затегнување на лентите и прилагодете според потребното.

Проверете го вртливиот момент со кој е затегнат хардверскиот модул за лентите и ако е потребно презатегнете.

OUO6041,0000C34-A8-11OCT17

Критериум за замена на ленти



H124521—UN—15JUN18


A—Шипка за растојание
B—Погонски запци

За спречување оштетување и/или губење на перформансите, лентите мора да се заменат кога ќе се достигне еден од следниве критериуми:

- Висината на нагазните запци (A) е помал од 12 mm (0.5 in) за влечните ленти
- Ако недостасуваат повеќе од три нагазни запци во ред
- Недостасуваат повеќе од три погонски запци (B) сите еден до друг
- Изабеноста на погонските запци е повеќе од 50%
- Се случува вадење на лентите како резултат на изабеност или недостаток на погонски запци.
- Главните сајли се скинати во повеќе од една третина (1/3) од широчината на лентата
- Главните сајли се видливи на внатрешната површина на лентите
- Запчаникот прерипува запци како последица на изабени погонски запци/запци што недостасуваат

OUO6041,0000D63-A8-15JUN18

Масло на хидрауликата



TS1660—UN—10OCT97

Изберете вискозитет на маслото приспособен кон очекуваната надворешна температура на воздухот во периодот до следната промена на маслото.

Се препорачуваат следните масла:


- John Deere Hy-Gard™
- John Deere ниска вискозност Hy-Gard™

Другите масла можат да се користат ако задоволуваат еден од следните услови:

- John Deere Standard JDM J20C
- John Deere Standard JDM J20D

OUCC002,0005875-A8-13JUN18

Проверка на масло



H133714—UN—16MAR21

A—Испусен чеп

B—Главина на без погонски елемент (употребени се 2)


ВНИМАНИЕ: Избегнете повреди со изгореници. Носете заштитни ракавици или дозволете компонентите со текот на времето да се оладат. Боги тркалата, без погонските тркала и ременот на гумената лента обично работат на високи температури и може да бидат жешки на допир.

ЗАБЕЛЕШКА: Проверката на масло направете ја САМО на главината кај надворешните без погонски тркала, бидејќи садот со масло е заеднички помеѓу главините на надворешните и внатрешните без погонски тркала.

Исчистете ја областа околу испусните чепови пред да ги извадите.

Соберете сито масло во чист сад.

1. Возете ја машината нанапред или во рикверц така што испусниот чеп (A) на една од надворешните безпогонски главини (B) е во позиција како три или девет часот.
2. Отстранете го испусниот чеп и уверете се дека нивото на масло е на долниот дел од дупката на отворот. Додајте масло по потреба.
3. Поставете го чепот за испуштање.
4. Повторете ги чекорите за останатите главини на без погонските тркала.



H133715—UN—16MAR21

A—Испусен чеп
B—Главина на боги елементот (употребени се 3)

ЗАБЕЛЕШКА: Проверката на масло направете ја САМО на главината кај надворешните боги тркала, бидејќи садот со масло е заеднички помеѓу главините на надворешните и внатрешните боги тркала.


5. Возете ја машината нанапред или во рикверц така што испусниот чеп (A) на една од надворешните

осовински главини (B) е во позиција како три или девет часот.

6. Отстранете го испусниот чеп и уверете се дека нивото на масло е на долниот дел од дупката на отворот. Додајте масло по потреба.
7. Поставете го чепот за испуштање.
8. Повторете ги чекорите за останатите главини на боги тркалата.

OUO6075,000503E-A8-14MAY21

Променете го маслото



H122234—UN—24OCT17

A—Испусен чеп
B—Главина на без погонски елемент (употребени се 2)

⚠ ВНИМАНИЕ: Избегнете повреди со изгореници. Носете заштитни ракавици или дозволете компонентите со текот на времето да се оладат. Боги тркалата, без погонските тркала и ременот на гумената лента обично работат на високи температури и може да бидат жешки на допир.

ЗАБЕЛЕШКА: Промената на масло направете ја САМО на главините кај надворешните без погонски тркала, бидејќи садот со масло е заеднички помеѓу главините на надворешните и внатрешните без погонски тркала.

Исчистете ја областа околу испусните чепови пред да ги извадите.


Соберете сито масло во чист сад.

1. Возете ја машината нанапред или во рикверц така што испусниот чеп (A) на една од надворешните безпогонски главини (B) е најдолу.
2. Отстранете го чепот за испуштање и испуштете го маслото.
3. Возете ја машината нанапред или во рикверц така што истиот испусен чеп е во позиција како три или девет часот.
4. Наполнете масло согласно спецификацијата Hy-Gard™.

Технички податоци (спецификации)

Главина на без погонско тркало—Капацитет. . . . . 0,8 L (0,85 qt)

5. Поставете го чепот за испуштање.
6. Повторете ги чекорите за останатите главини на без погонските тркала.



H122253—UN—24OCT17

A—Испусен чеп
B—Главина на боги елементот (употребени се 3)

ЗАБЕЛЕШКА: Промената на масло направете ја САМО на главините кај надворешните боги тркала, бидејќи садот со масло е заеднички помеѓу главините на надворешните и внатрешните боги тркала.

7. Возете ја машината нанапред или во рикверц така што испусниот чеп (A) на една од надворешните осовински главини (B) е најдолу.
8. Отстранете го чепот за испуштање и испуштете го маслото.
9. Возете ја машината нанапред или во рикверц така што истиот испусен чеп е во позиција како три или девет часот.
10. Наполнете масло согласно спецификацијата Hy-Gard™.

Технички податоци (спецификации)

Главини на боги—Капацитет. . . . . 0,8 L (0,85 qt)

11. Поставете го чепот за испуштање.

Hy-Gard е регистриран заштитен знак на Deere & Company

12. Повторете ги чекорите за останатите главини на боги тркалата.

OUO6075,000503F-A8-14MAY21

Спецификации


Спецификации за лентите		
Капацитет за оптоварување	22 650 kg (49 935 lb)	
Тежина	60.9 cm (24 in)	2710 kg (5975 lb)
	76.2 cm (30 in)	2840 kg (6262 lb)
	91.4 cm (36 in)	3000 kg (6615 lb)
Периметар на тркалање	6032 mm (238 in)	

Капацитети	
Главини на без погонско тркало	0,8 l (0,85 qt)
Главини на боги	0,8 l (0,85 qt)
Тип на масло	Hy-Gard™ Масла кои го исполнуваат стандардот на John Deere JDM J20C

Hy-Gard е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,0005040-A8-14MAY21

Димензии на модулот на лентите



H122256—UN—19OCT17

Легенда	**Димензија**
A	60.9 cm (24 in) 76.2 cm (30 in) 91.4 cm (36 in)
B	1165 mm (46 in)
C	18 111 mm (71 in)
D	2767 mm (109 in)

OUO6041,0000CF8-A8-05DEC17

Димензии на комбајнот

ЗАБЕЛЕШКА: Димензиите се приближни и се подлежни на промени без претходно известување.


Легенда	Димензија
A	11,02 m (36 ft 2 in) со 6,9 m (22 ft 6 in) крут и погон на преклоплива растоварна спирала 11,72 m (38 ft 5 in) со 7,9 m (26 ft 0 in) крута растоварна спирала 11,98 m (39 ft 4 in) со 7,9 m (26 ft 0 in) погон на преклоплива растоварна спирала 12,46 m (40 ft 11 in) со 8,7 m (28 ft 6 in) крута растоварна спирала
B	9,14 m (30 ft 0 in) со 6,9 m (22 ft 6 in) погон на преклоплив сврдел 9,93 m (32 ft 7 in) со 7,9 m (26 ft 0 in) погон на преклоплив сврдел
C	8,52 m (27 ft 11 in)
D	4,91 - 4,99 m (16 ft 1 in - 16 ft 5 in) со 10 572 L (300 bu) капаци 3,92 - 3,99 m (12 ft 10 in - 13 ft 1 in) со 14 096 L (400 bu) капаци
E	4,61 - 4,84 m (15 ft 2 in - 15 ft 11 in) со товарна спирала за чисто жито со 10 572 L (300 bu) продолжетоци 4,77 - 4,85 m (15 ft 8 in - 15 ft 11 in) со товарна спирала за чисто жито со 14 096 L (400 bu) продолжетоци
F	4,30 - 4,39 m (14 ft 1 in - 14 ft 5 in) со 10 572 L (300 bu) продолжетоци 4,57 - 4,65 m (15 ft 0 in - 15 ft 3 in) со 14 096 L (400 bu) продолжетоци
G	4,04 - 4,13 m (13 ft 3 in - 13 ft 7 in)
H	3,96 - 4,04 m (13 ft 0 in - 13 ft 3 in)
I	0,63 - 0,76 m (2 ft 1 in - 2 ft 6 in)
J	3,53 m (11 ft 7 in)
K	7.66 m (25 ft 2 in) со 6.9 m (22 ft 6 in) крут сврдел за празнење 7,67 m (25 ft 2 in) со 6,9 m (22 ft 6 in) погон на преклоплива растоварна спирала 8.97 m (29 ft 5 in) со 7.9 m (26 ft 0 in) крут сврдел за празнење 8.72 m (28 ft 7 in) со 7.9 m (26 ft 0 in) погон на преклоплив сврдел за празнење 9.42 m (30 ft 11 in) со 8.7 m (28 ft 6 in) крут сврдел за празнење
L	5,23 - 5,33 m (17 ft 2 in - 17 ft 6 in) со 6,9 m (22 ft 6 in) крут и погон на преклоплива растоварна спирала 5,48 - 5,58 m (18 ft 0 in - 18 ft 4 in) со 7,9 m (26 ft 0 in) крута растоварна спирала 5,42 - 5,52 m (17 ft 9 in - 18 ft 1 in) со 7,9 m (26 ft 0 in) погон на преклоплива растоварна спирала 5,59 - 5,69 m (18 ft 4 in - 18 ft 8 in) со 8,7 m (28 ft 6 in) крута растоварна спирала
M	4,51 - 4,62 m (14 ft 10 in - 15 ft 2 in) со 6,9 m (22 ft 6 in) крут и погон на преклоплива растоварна спирала 4,61 - 4,71 m (15 ft 2 in - 15 ft 5 in) со 7,9 m (26 ft 0 in) крута растоварна спирала 4,32 - 4,65 m (14 ft 2 in - 15 ft 3 in) со 7,9 m (26 ft 0 in) погон на преклоплива растоварна спирала 4,72 - 4,82 m (15 ft 6 in - 15 ft 10 in) со 8,7 m (28 ft 6 in) растоварна спирала
N [a]	4,58 - 4,69 m (15 ft 0 in - 15 ft 5 in) со 6,9 m (22 ft 6 in) крут и погон на преклоплива растоварна спирала 4,91 - 5,01 m (16 ft 1 in - 16 ft 5 in) со 7,9 m (26 ft 0 in) крута растоварна спирала 4,84 - 4,95 m (15 ft 11 in - 16 ft 3 in) со 7,9 m (26 ft 0 in) погон на преклоплива растоварна спирала 5,02 - 5,12 m (16 ft 6 in - 16 ft 10 in) со 8,7 m (28 ft 6 in) крута растоварна спирала
O [b]	3.70—4.14 m (12 ft 1 in—13 ft 6 in) задни гуми
P [b]	3.46 m (11 ft 4 in) без продолжетоци за оска 60.9 cm (24 in) Патеки 3.59 m (11 ft 7 in) со 65 mm (2-1/2 in) осовински продолжетоци 60.9 cm (24 in) Патеки 3.75 m (12 ft 3 in) со 65 mm (2-1/2 in) осовински продолжетоци 76.2 см (30 in) Патеки 4.40 m (14 ft 4 in) со 394 mm (15-1/2 in) осовински продолжетоци 76.2 см (30 in) Патеки 4.54 m (14 ft 9 in) со 394 mm (15-1/2 in) осовински продолжетоци 91.4 cm (36 in) Патеки

[a]Измерена е должина 1,22 m (4 стапки) од точката на исипување на житото. Ова ја претставува растоварната спирала кога е центрирана над количката за зрна.


[b]Поради различните конфигурации на гумите, простор меѓу редови, осовински конфигурации, изместеност кај тркалата, осовинските позиции и типовите на вретената, широчината на машината ќе варира. Мерките дадени во табелата се за минимални и максимални ширини. За подетални информации за ширината, посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

OUO6075,0004EBC-A8-07JUL20

Референтни точки за димензии



H122741—UN—14NOV17



H122742—UN—14NOV17

OUO6041,0000CF5-A8-13JUN18

Декларација на ЕС за вградување на делумно завршени машини

ДЕКЛАРАЦИЈА НА ЕС ЗА ВГРАДУВАЊЕ НА ДЕЛУМНО ЗАВРШЕНИ МАШИНИ

ДИРЕКТИВА 2006/42/EC, прилогот 2, дел B

Производител:
Soucy International Inc.
5450 rue St-Roch
Drummondville (Quebec) J2B 6W3
КАНАДА

Технички Контакт:
Ryan Black
46 Heralds Close
Wildnes
WA88AS
АНГЛИЈА

Декларација:

Soucy International Inc. со ова потврдува дека нивниот земјоделски систем за наведување GTS ги исполнува сите релевантни одредби од директивата за машини 2006/42/EC како делумно завршени машини. Системот не смее да се стави во употреба пред машините во кои ќе биде инкорпориран да се прогласат за усогласени со директивата за машини 2006/42/EC, додаток 2, дел A.

Потпишување на Drummondville, Јули 1, 2020

Julie Tremblay

H122667—UN—26OCT17

Инженерски менаџер, Земјоделство

OUO6075,0004EB3-A8-06JUL20

Декларација на ОК за вградување на делумно завршени машини

UK DECLARATION OF INCORPORATION OF PARTLY COMPLETED MACHINERY

MACHINERY DIRECTIVE S.I. 2008/1597

Manufacturer:

Soucy International Inc.
5450 rue St-Roch
Drummondville (Quebec) J2B 6W3
CANADA


Technical Contact:

Ryan Black
46 Heralds Close
Widnes, WA88AS
ENGLAND

Declaration:

Soucy International Inc. hereby certifies that its agricultural track system GTS fulfill all the relevant provisions of the Machinery Directive S.I. 2008/1597 as a partly completed machinery. The system may not be put into service before machinery in which it will be incorporated is declared to comply to the machinery directive S.I. 2008/1597.


Signed at Drummondville, May 27th, 2021



Pierre-Yves Pépin
Engineering manager, Agricultural


H134553—UN—27MAY21
OUO6075,0005151-A8-27MAY21

Плочки за идентификација на лентите



H122614—UN—14NOV17

Примерок на плочка за идентификација (лента од лева страна)



H122615—UN—14NOV17


Примерок на плочка за идентификација (лента од десна страна)

ЗАБЕЛЕШКА: 76.2 cm (30 in) приказ на плочка со сериски број на лента.

60.9 cm (24 in) и 91.4 cm (36 in) сличен приказ на плочките со сериски број на лентите.

OUO6041,0000CFA-A8-05DEC17

Локација на плочка за идентификација



H122290—UN—06SEP17

Се наоѓа од внатре на секој модул на лентата.

OUO6041,0000C3C-A8-25AUG17

Спречување на пожари

Противпожарни препораки

Машината мора да биде прегледана периодично во текот на денот на жнеење. Наталожувањето на материјал од посевите и на други отпадоци мора да биде отстрането за да се осигури соодветно работење на машината и да се намали ризикот од пожар.

Редовното и темелното чистење на машината, во комбинација со другите рутински постапки на одржување на опремата наведени во овој Прирачник за користење, значително го намалува ризикот од пожар и можноста за скапи застои и ги подобрува перформансите на машината.

Секогаш следете ги сите постапки за безбедност поставени на машината и во овој Прирачник за користење. Пред да извршите каква било проверка или чистење, секогаш ИЗГАСНЕТЕ го моторот, кренете ја рачната кочница, и отстранете го клучот.

Вашата машина е опремена со противпожарен апарат за општа намена со прав и течен противпожарен апарат под притисок. Противпожарните апарати треба дневно да се проверуваат кога влегувате или излегувате од кабината и кога работите околу машината за да се осигурите дека се во работната состојба. Противпожарните апарати мора да се заменат или професионално да се сервисираат по секое користење.

За повеќе информации, можете да прочитајте го поглавјето Чистење на машината.

OUO6075,00042AA-A8-15JUN16

Работа со противпожарниот апарат

Вашата машина е опремена со противпожарен апарат за општа намена со прав и течен противпожарен апарат под притисок. Противпожарните апарати треба да се проверуваат секојдневно - кога влегувате или излегувате од кабината и кога работите околу машината за да се осигурите дека се во работната состојба. Противпожарните апарати мора да се заменат или професионално да се сервисираат по секое користење.

Препораки за противпожарниот апарат


ВАЖНО: Прочитајте ги ознаките на противпожарните апарати и запознајте се со инструкциите и рестрикциите за нивно користење.

Противпожарен апарат за општа намена со прав:

- Противпожарниот апарат користете го при пожари на масти, масла, електрика и хемиски материјали.

Течен противпожарен апарат под притисок:

- Противпожарниот апарат користете го при опожарување на насобран материјал од посев или остатоци од културите.



H132365—UN—12NOV20

Користење на противпожарниот апарат

Дијаграмот ја покажува препорачаната метода за гаснење пожар. Секогаш насочувајте ја млазницата кон средиштето на пожарот.

Следните се основни чекори за користење на противпожарниот апарат:

1. Отстранете го противпожарниот апарат од носачот и пренесете го до просторот каде што е огнот.
2. Приближете со до просторот со оган, така што ветрот да дува во Вашиот грб.
3. Повлечете го безопасниот клин од врвот на противпожарниот апарат.
4. Држете го противпожарниот апарат за рачките во вертикална положба и насочете го цревото кон **подножјето** на пламенот.
5. Притиснете ги рачките за да го испразните противпожарниот апарат.
6. Прскалката движете ја напред и назад, прекривајќи го пламенот со облак од прашина.

Листа за проверка

Најмалку еднаш месечно, прегледајте ги противпожарните апарате и проверете го следново:

1. Дали противпожарните апарати се положени на означенато место во подестот на скалата во кабината и на задниот крај на машината?
2. Дали постојат пречки кои оневозможуваат правилен пристап или видливост?
3. Дали упатството за работа што се наоѓа на плочката со називот на производот е читливо и свртено кон надвор?
4. Дали безбедносните пломби се скршени или исчезнати?
5. Дали противпожарниот апарат е полн? (Утврдено со мерење или “вагање”)
6. Дали има некое физичко оштетување, корозија, протекување или затната прскалка?

7. Дали каишите за држење на противпожарниот апарат се во добра состојба?
8. Дали каишите за држење на противпожарниот апарат цврсто го држат противпожарниот апарат?

Кога со преглед ќе се утврдат недостатоци на противпожарниот апарат, истиот мора да се сервисира или замени.

OUO6075,0004F79-A8-12NOV20

Полнење на течен противпожарен апарат (Европа, Австралија и Нов Зеланд) (ако е потребно)



H117901—UN—28MAR16

ЗАБЕЛЕШКА: Течниот противпожарен апарат може да биде испорачан не наполнет. Пред достава на машината течниот противпожарен апарат мора да биде наполнет.

Кога е употребен антифриз при полнење на овој противпожарен апарат за заштита од замрзнување, потребно е целосно негово празнење и техничко одржување.

Прикажаниот противпожарен апарат може да варира зависно од барањата на земјата и производителите на противпожарните апарати.

ВНИМАНИЕ: Пред да се обидете да надополните, осигурајте се овој противпожарен апарат да е целосно со испуштен притисок.

1. Погледајте ги информациите што се обезбедени со противпожарниот апарат за правилно полнење.
2. Инсталирајте го противпожарниот апарат на машината.

OUO6075,0004A04-A8-28JUN18

Безбедно ракување со горивото—Избегнување пожари



TS202—UN—23AUG88

Внимателно ракувајте со горивото: тоа е лесно запаливо. Не полнете ја машината со гориво додека пушете и внимавајте во близина да нема отворен пламен или извор на искри.

Секогаш исклучете го моторот пред полнењето на машината со гориво. Полнете го резервоарот за гориво само на отворено.

Спречете пожари со тоа што ќе ја одржувате машината чиста од насобрана нечистотија, масло и отпадоци. Секогаш исчистете го прелиеното гориво.


Употребувајте само одобрен сад за гориво кога пренесувате запаливи течности.

Никогаш не полнете сад за гориво во пикап камион со пластична долна обвивка. Секогаш поставувајте го садот за гориво на земја пред повторно да го полните. Допрете го садот за гориво со млазникот за полнење гориво пред да го отстранете капакот на садот. Додека полните гориво држете го млазникот за полнење гориво во допир со отворот на садот за гориво.

Не складирајте го садот со гориво на места каде има отворен оган, искри или индикаторска светилка како што е грејач за вода или друг уред.

DX,FIRE1-A8-12OCT11

Подготовка за итни случаи



TS291—UN—15APR13

Бидете подготвени во случај на пожар.

Држете ги при рака кутијата за прва помош и апаратот за гасење на пожар.

Во близина на Вашиот телефон, држете ги броевите на лекарите, службата за итна помош, болницата и противпожарната служба.

DX,FIRE2-A8-03MAR93

Безбедно ракување со течност за стартување



TS1356—UN—18MAR92

Течноста за стартување е лесно запалива.

При користењето, држете подалеку секакви искри или оган. Држете ја течноста за стартување подалеку од акумулатори и кабли.

За да избегнете случајно испарување кога го складирате садот под висок притисок, држете го капакот на садот и складирајте ја на ладна, заштитена положба.

Не палете или пробивајте контејнер со течност за стартување.

Не употребувајте течности за почетно палење кај мотор опремен со греачи или со греач за доводен воздух.

DX,FIRE3-A8-14MAR14

Отстранување на акумулираните растителни остатоци



TS227—UN—15APR13

Наталожувањето на плевел и на растителни остатоци во моторниот простор, на моторот и во близината на подвижните делови претставува опасност од пожар. Често проверувајте ги и чистете ги овие делови. Пред извршувањето на било каква проверка или сервисирање, исклучете го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот.

HX,9010SA,B-A8-23AUG97

Противпожарен апарат (Европа)



H92841—UN—16SEP08

Противпожарен апарат за општа намена со прав / течност

⚠ ВНИМАНИЕ: Противпожарните апарати мора да ги исполнуваат законите и прописите на локалната власт:

- **Противпожарен апарат за општа намена со прав кој е најмалку 6 kg (13 lb)**
- **Течен противпожарен апарат под**

притисок (ако има во опрема) со минимална зафатнина од 8 L (2.1 gal)

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаните противпожарни апарати може да варираат зависно од барањата на земјата и производителите на противпожарните апарати.

Противпожарен апарат за општа намена со прав и течен противпожарен апарат под притисок со монтажни држачи се инсталирани на вашата машина.

Прочитајте ги ознаките на противпожарните апарати и запознајте се со инструкциите за тоа како да ги користите и одржувате. Штом еднаш противпожарниот апарат ќе се испразни, без разлика за колку долго, тој мора да биде повторно наполнет или заменет.

ВАЖНО: Течниот противпожарен апарат под притисок не смее да биде изложен на замрзнувачки температури, освен ако е заштитен со средство против замрзнување. Погледнете ги инструкциите на ознаката на противпожарниот апарат за понатамошни информации.

OUO6075,00042F6-A8-20JUN16

Противпожарни апарати (Австралија и Нов Зеланд)



H117754—UN—17MAR16

Противпожарен апарат за општа намена со прав / течност

ВНИМАНИЕ: Противпожарните апарати мора да ги исполнуваат законите и прописите на локалната власт:

- **Противпожарен апарат за општа намена со прав кој е најмалку 4 kg (10 lb)**
- **Течен противпожарен апарат под притисок со минимална зафатнина од 8 L (2.1 gal)**

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаните противпожарни апарати може да варираат зависно од барањата на земјата и производителите на противпожарните апарати.

Противпожарен апарат за општа намена со прав и течен противпожарен апарат под притисок со монтажни држачи се инсталирани на вашата машина.

Прочитајте ги ознаките на противпожарните апарати и запознајте се со инструкциите за тоа како да ги користите и одржувате. Штом еднаш противпожарниот апарат ќе се испразни, без разлика за колку долго, тој мора да биде повторно наполнет или заменет.

ВАЖНО: Течниот противпожарен апарат под притисок не смее да биде изложен на замрзнувачки температури, освен ако е заштитен со средство против замрзнување. Погледнете ги инструкциите на ознаката на противпожарниот апарат за понатамошни информации.

OUO6075,00042F7-A8-20JUN16

Противпожарни апарати (ЕвроАзиската економска унија)



H117754—UN—17MAR16

Противпожарен апарат за општа намена со прав / комбинација течност-пена

ВНИМАНИЕ: Противпожарните апарати мора да ги исполнуваат законите и прописите на локалната власт:

- **Противпожарен апарат за општа намена со прав кој е најмалку 6 kg (13 lb)**
- **Противпожарен апарат со комбинација на течност-пена што се под притисок со минимална зафатнина од 8 L (2.1 gal)**

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаните противпожарни апарати може да вариpаат зависно од барањата на земјата и производителите на противпожарните апарати.

Противпожарен апарат за општа намена со прав и противпожарен апарат со комбинација на течност-пена кој е под притисок, тие со монтажни држачи се инсталирани на вашата машина.

Прочитајте ги ознаките на противпожарните апарати и запознајте се со инструкциите за тоа како да ги користите и одржувате. Штом еднаш противпожарниот апарат ќе се испразни, без разлика за колку долго, тој мора да биде повторно наполнет или заменет.

ВАЖНО: Противпожарниот апарат со комбинација на течност-пена кој е под притисок, не смее да биде изложен на температури под нулата. Погледнете ги инструкциите на ознаката на противпожарниот апарат за понатамошни информации.

OUO6075,00049FE-A8-28JUN18

Места за противпожарен апарат



H123653—UN—02MAR18

Предно место на противпожарниот апарат



H123654—UN—02MAR18

Место на задниот противпожарен апарат

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаните противпожарни апарати може да вариpаат зависно од барањата на земјата и производителите на противпожарните апарати.

Противпожарен апарат за општа намена се наоѓа на предната платформа кај скалата.

Течниот противпожарен апарат под притисок (ако има во опрема) е во внатрешноста на задната десна пристапна врата за моторот.

OUO6075,0004911-A8-02MAR18

Во случај на пожар



TS227—UN—15APR13

ВНИМАНИЕ: Избегнете лична повреда.

Веднаш запрете ја работата на машината на првиот знак на оган. Тоа може да се идентифицира по мирисот на час или појавата на оган. Со оглед на тоа што огнот напредува и се шири брзо, веднаш слезете од машината и внимателно оддалечете се од огнот. Не се враќајте до машината! На прво место е безбедноста.

Повикајте ја противпожарната служба. Преносливиот противпожарен апарат може да изгасне мал оган или да го стави под контрола додека не дојде противпожарната служба, но преносливите противпожарни апарати имаат

ограничувања. Секогаш на прво место треба да биде безбедноста на возачот и на луѓето во околината. Ако се обидувате да го изгаснете огнот, грбот нека Ви биде свртен кон ветерот, со непречен пат по кого ќе можете брзо да се оддалечите ако пожарот не може да биде изгаснат.

Внимателна прочитајте го упатството за противпожарниот апарат и запознајте се со неговата локација, деловите и работата, пред да се појави пожар. Локалната противпожарна служба или набавувачите на противпожарна опрема можат да понудат обука и препораки за противпожарни апарати.

Ако Вашиот противпожарен апарат нема упатства, следете ги овие општи насоки:


1. Повлечете го осигурувачот. Задржете го противпожарниот апарат со прскалка насочена далеку од вас, и ослободете го механизмот за блокирање.
2. Насочете ниско. Противпожарниот апарат насочете го во подножјето на огнот.
3. Стиснете ја рачката пополека и рамномерно.
4. Поместувајте ја прскалката од една на друга страна.

DX,FIRE4-A8-22AUG13

ВНИМАНИЕ: Не чистете го моторот или оддел за моторот додека моторот работи. Нечистота, масло, плева и отпад од култура во оддел за моторот и на моторот може да предизвикат пожар. Насока на ветер, вид на култура и содржината на влага од содржина може да имаат влијание врз тоа каде и колку многу се наталожуваат отпад и плева. Почесто го преверувајте и чистете ова пордачје.

OUO6075,0000575-A8-17MAR10

Чистење на одделот за мотор



H95319—UN—11FEB10

Прочистување на машината

Општи насоки за чистење

Машината мора да биде прегледана периодично во текот на денот на жнеење. Наталожувањето на материјал од посевите и на други отпадоци мора да биде отстрането за да се осигури соодветно работење на машината и да се намали ризикот од пожар. Зачестеноста на контроли и чистења ќе варира во зависност од многубројни фактори, вклучувајќи ги работните услови, поставките на машината, условите на културата, работната брзина и временските услови. Контролите и чистењата може ќе бидат потребни повеќекратно во текот на денот на жнеење, особено во суви, топли и ветровити услови.

ВАЖНО: Редовното и темелното чистење на машината, во комбинација со другите рутински постапки на одржување на опремата наведени во овој Прирачник за користење, значително го намалува ризикот од пожар и можноста за скапи застои и ги подобрува перформансите на машината.

Материјалот од културата и друг отпадок може да се акумулира во различни подрачја. Насоката на ветер, вид на културата и содржината на влага може да имат влијание врз тоа колку материјалот од културата и отпадокот може да се акумулура. Бидете свесни за условите на жнеење и нагодете го Вашиот распоред за чистење за да се осигури соодветно функционирање на машината и да се намали ризикот од пожар. Проверете ги и исчистете ги овие подрачја колку е потребно во текот на денот на жнеење.

Жнеењето на одредените култури може да предизвикува особени проблеми. Некои култури се многу “лепливи” и често е тешко машината да се исчисти кога тие култури се жнеат. Во примероци на овие култури вклучени се сончоглед, канола и шафраника. Особено се погрижете за чистењето на машината кога жнеете овие култури.

Секогаш следете ги сите постапки за безбедност поставени на машината и во овој Прирачник за користење. Пред да извршувате каква било проверка или чистење, секогаш ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот за стартување.

OUO6075,0001167-A8-21JUN12

Код за брз одговор (QR)

H129714—UN—01APR20
Англиски QR-код

H129715—UN—01APR20
Француски QR-код

H129716—UN—01APR20
Германски QR-код

H129717—UN—01APR20
Шпански QR-код

На врвот на Водичот за чистење е кодот за брз одговор (QR) што се поврзува со кратко видео со упатства за чистење. Пристапете до содржини од QR-кодот со преземање на апликација за QR скенер на вашиот паметен телефон. Отворете ја апликацијата и насочете ја камерата на вашиот телефон kon кодот за да се поврзете со содржината.

OUO6075,0004DE7-A8-01APR20

Чистење на машината (повремено чистење)

Фотографиите во ова поглавје прикажуваат порачја од машината кои што побаруваат редовна контрола и чистење. Постојат и други подрачја што треба редовно да се чистат, но овие подрачја бараат посебно внимание за да се овозможи што подобра противпожарна заштита.

Некои од тие фотографии прикажуваат наталожувањата на материјалот на култура и останатиот отпад пред чистењето. Овој вид на наталожување не е нормален, се дозволува само за илустрација.

ВАЖНО: Тие подрачја треба почесто да се чистат, дури и повеќекратно на ден, во зависност од условите на жнеење. Бидете свесни за условите на жнеење и нагодете го Вашиот распоред за чистење за да се осигури соодветно функционирање на машината и да се намали ризикот од пожар.

Во други подрачја неспомнати во ова поглавје исто така може да се собира отпад од културата и ТРЕБА да се исчисти периодично за подобар изглед и функција на машината. Внимателно ја прегледувајте целата машина редовно во текот на сезоната на жнеење.

Секогаш следете ги сите постапки за безбедност


поставени на машината и во овој Прирачник за користење. Пред да извршите каква било проверка или чистење, секогаш ИЗГАСНЕТЕ го моторот, кренете ја рачната кочница, и отстранете го клучот.

Внимателно ја исчистете машината од врвот до дното со компримиран воздух. Прво исчистете ги сите достапни места од палубата на моторот. Започнете со просторот каде што е сместен моторот и работете нанадвор и обратно од стрелките на часовникот кон другите области околу моторот, подот под моторот, горниот заден дел од роторот и задната палуба, вклучувајќи ги и областите околу преградиниот дел за дополнителна обработка на издувот (ако има во опремата). Откако горните места на машината се очистени, преминете со чистење на местата што се достапни од подот.


Од подот, исчистете го местото околу задната долна страна на резервоарот за горивото и врвот од задната врата на системот за одложување на остатоци. Област околу преградиниот дел за дополнителна обработка на издувот (ако има во опремата) исто така ќе треба да се исчисти почнувајќи од основата. Откако ќе завршите со чистење од подот, повторно проверете го моторниот простор да не има некој остаток од посев што бил внесен внатре со дување при чистењето од подот.

ЗАБЕЛЕШКА: Некои заштитни прегради се отстранети за поголема јасност на сликата.

Оддел со моторот (горни подрачја)




H116932—UN—09MAY16




H116933—UN—09MAY16

(1) — Горниот дел од мотор и турбополначи

Оддел со моторот (горни подрачја)



H116934—UN—09MAY16



H105226—UN—02MAY12


(2) — Издувна разводна цевка и разводна преграда, турбо меѓуфазна цевка, цевка од ладилникот за рециркулација на издувните гасови (EGR)

(3) — Околу моторот

Оддел со моторот (горни подрачја)



H108963—UN—29AUG13



H108986—UN—29AUG13

(4) — Под моторот

(5) — Горен заден дел на ротор и областите околу погонот на роторот

Оддел со моторот (горни подрачја)



H108987—UN—29AUG13



H108988—UN—29AUG13




H134391—UN—12MAY21


(6) — Главно моторно погонско куќиште

(7) — Места околу и под пригушувачот или дополнителната обработка на издувот

Оддел со моторот (горни подрачја)



H108990—UN—29AUG13



H108989—UN—29AUG13

(8) — На врвот од резервоарот за гориво

(9) — Систем за ладење на моторот

Достапно од теренот (подрачја од дно)



H100574—UN—20JUN11



H105229—UN—19APR12

(1) — Под резервоарот за гориво

(2) - Области околу лежишта и штитници на лежишта (различни локации)

Достапно од теренот (подрачја од дно)



H108991—UN—29AUG13

Центар за осигурувачи (Стил А)



H105230—UN—02MAY12

ВАЖНО: Ознаки за подмачкување прикажуваат различни локации за помачкување околу машината. Следете ги времињата за подмачкување како што е опишано на ознаките и за повеќе информации прочитајте за часовни интервали наведени во поглавјето Подмачкување и одржување.

Дефекти во лагерите и прегревање може да предизвикаат пожар. За намалување на неуспешна работа на лежиштето или прегревање, секогаш прочитајте ги ознаките за подмачкување на машината.

(3) — Центар со осигурувачи и подрачја на кутија на акумулаторот

(4) — Погони за елеватор за чисти зрна

Достапно од теренот (подрачја од дно)



H105336—UN—02MAY12



H105231—UN—02MAY12

(5) — Место за стапнување при сервисирање, на десната страна

(6) — Бочни штитници од кал

Достапно од теренот (подрачја од дно)



H105337—UN—02MAY12



H105338—UN—02MAY12

(7) — Штитници од десната страна на доставната комора

(8) — Штитници од левата страна на доставната комора

Достапно од теренот (подрачја од дно)



H105232—UN—02MAY12




H134392—UN—12MAY21

(9) — Пренос


(10) — Сервисно скалило, електрични кабелски снопови, странични лимови и сепаратор

Достапно од теренот (подрачја од дно)



H114749—UN—18JUN15

Центар за осигурувачи (Стил B)



H105341—UN—02MAY12

(11) — Центар со осигурувачи и подрачја на кутија на акумулаторот

(12) — Погони за битер за празнење


Достапно од теренот (подрачја од дно)




H105233—UN—02MAY12

(13) — Левата страна од подрачјето на ротор

Достапно од теренот (подрачја од дно)



H105234—UN—02MAY12



H118356—UN—09MAY16

(14) — Погони на ротор

(15) - Области на лев страничен лим


Достапно од теренот (подрачја од дно)



H108951—UN—28AUG13

(16) — Погони за отстранување остатоци

Достапно од теренот (подрачја од дно)




H108993—UN—29AUG13

(17) — Области околу и под прегрдниот дел за дополнителна обработка на издувот (ако има во опремата)

OUO6075,0005121-A8-19MAY21

Чистење на машината (годишно чистење и специјални култури)



H97186—UN—02NOV10

A—Сирена
B—Контактен клуч

ВНИМАНИЕ: За да спречите повреда, никогаш не чистете ја машината додека моторот работи или сепараторот е вклучен. ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.

Следните упатства се препорачуваат кога се чисти машината за сертифицирани семенски посеви или при меѓудржавен транспорт на машината.

ВНИМАНИЕ: Безбедно блокирајте го хедерот така што да не може да се движи. Спуштете ги безбедносните граничници на намотката.

1. Отстранете го хедерот од машината.
2. Возете ја машината над крајот од редовите или над испакнатини да за ги ослободите нечистотиите.
3. ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.
4. Отворете или отстранете ги сите врати и отвори за испуштање.

ВНИМАНИЕ: Свирнете со сирената (A) за да ја исчистете површината од други лица. Бидете подалеку од машината кога вршите празнење на плевата.

5. Завртете го контактниот клуч (B) за да го стартувате моторот.
6. Одделувачот нека биде активен се додека плевата не престане да излегува од позади машината.
7. Намалете ги моторните вртежи за да ја успорите брзината и да го вклучите неколку пати одделувачот. Работењето на одделувачот при мали брзини ја остранува нечистотијата од внатрешноста на роторот.

ВНИМАНИЕ: Погрижете се други лица да бидат подалеку од машината при празнењето на плевата.

8. Поместете ја гаста до високи вртежи/мин и работете неколку минути. Повторете го циклусот додека од задниот дел на машината не престане да излегува плева.




H39607—UN—11OCT88

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСЕТЕ го моторот, активирајте ја паркинг сопирачката, блокирајте ги тркалата и спуштете го безбедносниот запирач на куќиштето за достава.


При работење со компримиран воздух во прашливи услови, поради лична заштита, мора да носите очила и маска за заштита од прашина.

9. Почнете од горниот дел на машината и работете надолу.



H125413—UN—30NOV18

Стил A




H125414—UN—30NOV18

Стил B

A—Врата за чистење
B—Врата за чистење
C—Врата за чистење

10. Отворете ги вратите за чистење (A-C) на левата страна на машината.




H125415—UN—30NOV18

A—Резе (употребени се 2)
B—Врата за чистење (се користат 2)

11. Ослободете ги резињата (А) и отворете ги вратите за чистење (Б) на десниот крај кај двете напречни спирали на резервоарот за жито.
12. Исчистете ги зрната под напречните спирали на резервоарот за жито.
13. Исчистете ги зрната од рабовите на коритото на растоварната спирала кон дното. Житото мора да се исчисти од вратите додека стоите на земја.
14. Доколку има како опрема, исчистете ја товарната спирала од резервоарот за жито.

Сврдел за полнење на резервоарот за жито (продолжетоци на резервоарот за жито)




H123557—UN—21FEB18

A—Стегалка

1. Ослободете ги стегачите (А) и спуштете ја спиралата.
2. Исчистете ја горната област и долната внатре во лифтот за чисто жито за да го исчистите ланецот на лифтот. Исчистете ги сите страни.

Сврдел за полнење на резервоарот за жито (капаци на резервоарот за жито)




H123561—UN—21FEB18

A—Клин
B—Клин за брзо заклучување
C—Клин
D—Затезна спојка
E—Рачка
F—Спирала

ВНИМАНИЕ: НЕМОЈТЕ да го влечете или отстранувате клинот (A) за да ја спуштите товарната спирала на резервоарот за зрна. Отстранувањето на клинот може да резултира во лична повреда или оштетување на машината.

Товарната спирала на резервоарот за жито е тешка. Бидете посебно внимателни кога ја подигнувате или спуштате спиралата.


1. Отстранете го клинот за брзо заклучување (B) и клинот (C) од затегата (D).
2. Употребете ја рачката (E) како помош при спуштањето на сврделот за полнење на резервоарот за жито (F).
3. Исчистете ја горната област и долната внатре во лифтот за чисто жито за да го исчистите ланецот на лифтот. Исчистете ги сите страни.



H76204—UN—28APR03

A—Стегалка (употребени се 2)
B—Прозорец на резервоарот за зрна


15. Олабавете ги стегачите (A) и завртете го прозорецот на резервоарот за зрна (B) нагоре.
16. Исчистете ја областа позади кабината, околу примарното помошно вратило и над одделувачот.



H113138—UN—06MAR15

A—Пристапна врата


17. Отстранете ја пристапната врата (A) (ако има во опрема) од предната страна на резервоарот со жито.
18. Исчистете го материјалот околу повеќе-брзинското погонско куќиште на куќиштето за достава (ако има во опрема).



H118329—UN—04MAY16

A—Блокирачки клин
B—Гелендер
C—Капак за пристап до моторот

19. Повлечете го блокирачкиот клин (A) и завртете го гелендерот (B) нагоре се додека тој да се заклучи во место.
20. Отворете ги капаците за пристап до моторот (C) и исчистете ја горната страна на прегрaдниот простор на моторот и околу одделувачот (кај предната страна на моторот).
21. Исчистете ја целата површина на одделот за моторот, особено површината под моторот.
22. Избришете какво било масло или подмачкувач во површината на моторот.




H95353—UN—25AUG10

A—Блокирачки клин
B—Скала
C—Капак

23. Повлечете го блокирачкиот клин (A) и завртете ја скалата (B) нагоре се додека скалата да се заклучи на нејзиното место.
24. Отворете го пристапниот капак на филтерот (C) за да го ослободите од магнетот.
25. Исчистете ја задната страна на површината на одделот за моторот.

26. Исчистете ја целата површина на одделот за моторот, особено површината под моторот.
27. Избришете какво било масло или подмачкувач во површината на моторот.
28. Доколку има како опрема, исчистете го радијаторот и другите области.

Ниво 2/фаза II (Стил A)




H106852—UN—08FEB13

A—Радијатор
B—Вакуумски канал
C—Преносен канал


ЗАБЕЛЕШКА: Исчистете ги површините со компримиран воздух, дувајќи од внатре кон надвор.

1. Отворете ја вратата на ротационото сито.
2. Исчистете ги следниве површини во правец од внатре кон надвор:
   - Радијатор (A)
   - Кондензатор
   - Ладилник на маслото
   - Ладилник на воздушното полнење
3. Исчистете ја нечистотијата од долниот канал за вакум (B) и каналот за пренесување (C).

Ниво 2/Фаза II (стил B) и Конечно ниво 4/Фаза V



H106853—UN—08FEB13



H106854—UN—08FEB13

A—Блокирачки клин
B—Ладилник на горивото
C—Радијатор
D—Вакуумски канал
E—Кондензатор
F—Врата на ротационото сито
G—Преносен канал


ЗАБЕЛЕШКА: Исчистете ги површините со компримиран воздух, дувајќи од внатре кон надвор.

1. Отворете ја вратата на ротационото сито.
2. Повлечете го клинот за блокирање (A) и завртете го ладилникот за гориво (B) за да исчистите.
3. Исчистете ги следниве површини во правец од внатре кон надвор:
   - Радијатор (C)
   - Ладилник на маслото
   - Ладилник на воздушното полнење


4. Исчистете ја нечистотијата од долниот канал за вакум (D).
5. Исчистете ги кондензаторите (E) на ротирачката решеткаста врата (F).
6. Исчистете ја нечистотијата од каналот за пренесување (G).

29. Доколку има како опрема, исчистете ги површините на лифтот за чисто жито и на лифтот за остатаци од плева.

Лифт за чисто жито и лифт за плева (стил A)



H62232—UN—19JAN00




H62233—UN—19JAN00

A—Врата на елеваторот за отпад
B—Врата на елеваторот за чисти зрна
C—Крилеста навртка

1. Отворете ја вратата на долниот елеватор за отпад (A) и вратата на елеваторот за чисти зрна (B).
2. Отстранете ги крилестите навртки (C) и отстранете ја вратата кај горниот крај од лифтот за плева.
3. Отстранете го материјалот по потреба и исчистете ги страните на елеваторот.


Лифт за чисто жито и лифт за плева (стил B)



H97193—UN—30JUN10

A—Рачка
B—Врата на елеваторот за чисти зрна
C—Врата на елеваторот на системот за отпад


1. Употребете ги рачките (A) за да ја отворите вратата на лифтот за чисто жито (B) и вратата на лифтот за остатоци од плева (C).
2. Отстранете го материјалот по потреба и исчистете ги страните на елеваторот.



H97194—UN—30JUN10


A—Рачка
B—Врата на спиралата на системот за отпад

3. Употребете ја рачката (A) за да ја отворите вратата за сврделот кај системот за остатоци на плева (B).
4. Отстранете го материјалот по потреба и исчистете ги страните на елеваторот.




H100541—UN—02MAR11

30. Исчистете ја плевата помеѓу сепараторот и страните на машината.



H100486—UN—28FEB11




H90905—UN—27FEB08

A—Навртка
B—Врата на доставната комора
C—Врата на доставната комора

31. Олабавете ги навртките (A) од двете страни на вратата на куќиштето за достава и притиснете ги навртките кон центарот на куќиштето за достава.
32. Повлечете ја вратата нанапред за да ја отстраните.
33. Исчистете ја доставната комора низ горните врати (B) и (C).
34. Подигнете го преносниот синџир и дозволете синџирот да се поврати неколку пати додека го чистите.
35. Доколку има како опрема, исчистете ги површините на плочата за достава.

Плоча за достава (Стил A)




H52761—UN—17MAY99

A—Рачка

1. Извадете го клинот за брзо заклучување и поместете ја рачката (A) надолу и наназад за да се отвори доставната плоча.
2. Исчистете ја површината на доставната плоча.
3. Притиснете ја рачката нанапред и нагоре за да ја затворите доставната плоча. Прицврстете со претходно отстранетиот брзо-заклучувачки клин.


Плоча за достава (Стил B)



H120113—UN—29NOV16

A—Навртка
B—Завртка со заоблена глава
C—Клин за брзо заклучување
D—Рачка

1. Отстранете ги навртките (A) и завртката со заоблена глава (B) од двете страни на машината.
2. Отстранете го брзо-заклучувачкиот клин (C) и поместете ја рачката (D) надолу и наназад за да ја отворете плочата за достава.
3. Исчистете ја површината на доставната плоча.
4. Притиснете ја рачката нанапред и нагоре за да ја затворите доставната плоча. Прицврстете со претходно отстранетиот брзо-заклучувачки клин.
5. Инсталирајте ја претходно отстранетата завртка со заоблена глава (B) и навртките (A) на двете страни на машината.




H99239—UN—01DEC10

A—Клин за брзо заклучување
B—Рачка

36. Извадете го клинот за брзо заклучување (A) и поместете ја рачката (B) за да се отвори собирачот на камења.
37. Исчистете ја површината на собирачот на камења.
38. Поместете ја рачката надолу за да се затвори собирачот на камења. Прицврстете со брзо-заклучувачкиот клин.
39. Доколку има како опрема, исчистете го запчаникот на прочистувачкиот чевел на спиралата.

Запчаници на спиралата на прочистувачкиот чевел (стил A)




H102538—UN—29JUN11

A—Врата за чистење

1. За да ја исчистите површината, отстранете ги завртките од вратите за чистење (A).
2. Кога ќе завршите со чистење, поставете ги вратите за чистење и завртките со глава.


Запчаници на спиралата на прочистувачкиот чевел (стил B)



H91139—UN—15APR08


A—Блокирачки клин
B—Рачка
C—Врата за чистење

1. Повлечете го клинот за заклучување (A) и поместете ја рачката (B) до вратата за чистење на киперот (C).
2. Поместете ја рачката надолу и заклучете ја вратата за чистење.




H111240—UN—13MAY14

Капак за проверка (стил A)



H111241—UN—13MAY14


Капак за проверка (стил B)



H52708—UN—23MAR99

A—Клин за брзо заклучување
B—Поклопец за проверка

40. Отстранете ги брзо заклучувачките клинови (A) и поклопецот за проверка (B). Со стругалката олабавете го материјалот и потоа темелно исчистете ги страните на машината.



H99165—UN—22NOV10

Приказ на машина со менувач преку притискање на копче

41. Исчистете го горниот дел од оската и преносот.




H115550—UN—20AUG15

42. Отворете го ситото и отстранувачот на плева колку е можно повеќе и исчистете ги.



H115551—UN—20AUG15


43. Исчистете ја задната површина на оската.



H96806—UN—09JUN10

A—Клин за брзо заклучување
B—Штитник
C—Клин за брзо заклучување
D—Брава
E—Штитник

44. Извадете ги клинот за брзо заклучување (A) и отворете го штитникот (B).
45. Извадете го клинот за брзо заклучување (C) и завртете ја бравата (D) да се отклучи.
46. Подигнете ги и тргнете ги задниот штитник (B) и штитникот на средниот вентилатор (E).
47. Исчистете ја површината на вентилаторот.



H96803—UN—09JUN10


A—Клин за брзо заклучување
B—Брава
C—Штитник

48. Отстранете го брзо-заклучувачкиот клин (A) и свртете го резето (B) за да го отстраните штитникот (C).
49. Исчистете ја површината.



H123359—UN—08FEB18


50. Исчистете ја површината околу вентилаторот.



H97565—UN—14SEP10

A—Прекинувач


51. Подигнете ја дробилката (ако постои) преку прекинувачот (A).



H98137—UN—20SEP10

A—Крилеста навртка
B—Рачка

52. Рачно прилагодување на наслон за нож: Олабавете ја крилестата навртка (A) и употребете ја рачката (B) за да го исклучите наслонот на ножот и исчистете го сецкачот.



H98906—UN—27OCT10

53. Исчистете ја плевата од површината на погонот на распрскувачот (ако постои) и од хаубата на распрскувачот.
54. Поставете ги сите претходно отстранети штитници и затворете ги сите претходно отворени врати пред да ракувате со машината.

OUO6075,0004D3C-A8-29JUN20

Безбедно ракување со горивото—Избегнување пожари



TS202—UN—23AUG88

Внимателно ракувајте со горивото: тоа е лесно запаливо. Не полнете ја машината со гориво додека пушете и внимавајте во близина да нема отворен пламен или извор на искри.

Секогаш исклучете го моторот пред полнењето на машината со гориво. Полнете го резервоарот за гориво само на отворено.

Спречете пожари со тоа што ќе ја одржувате машината чиста од насобрана нечистотија, масло и отпадоци. Секогаш исчистете го прелиеното гориво.

Употребувајте само одобрен сад за гориво кога пренесувате запаливи течности.

Никогаш не полнете сад за гориво во пикап камион со пластична долна обвивка. Секогаш поставувајте го садот за гориво на земја пред повторно да го полните. Допрете го садот за гориво со млазникот за полнење гориво пред да го отстранете капакот на садот. Додека полните гориво држете го млазникот за полнење гориво во допир со отворот на садот за гориво.


Не складирајте го садот со гориво на места каде има отворен оган, искри или индикаторска светилка како што е грејач за вода или друг уред.

DX,FIRE1-A8-12OCT11

Избегнете го ризикот од појава на статичен електрицитет при полнење на гориво



RG22142—UN—17MAR14



RG21992—UN—21AUG13

Отстранувањето на сулфур и на други компоненти во дизел горивото со ултра ниска содржина на сулфур (ULSD), ја намалува неговата спроводливост и го зголемува ризикот од акумулирање на статичен електрицитет.


Рафинериите можеби го третирале горивото со антистатични додатоци. Меѓутоа, постојат многу фактори кои можат да ја намалат ефикасноста на тие додатоци со текот на времето.

Статичниот електрицитет може да се акумулира во дизел горивото со ултра ниска содржина на сулфур додека тоа тече низ системите за полнење со гориво. Празнењето на статичниот електрицитет во присутност на запаливи пареи би можело да резултира со оган или експлозија.

Затоа е важно да се обезбеди целиот систем кој се користи за полнење со гориво на Вашата машина (резервоар за гориво, пумпа, доводно црево, пиштол за полнење и др.) да е правилно заземјен и меѓусебно поврзан. Побарајте совет од Вашиот снабдувач со гориво или со систем за гориво, за да бидете сигурни дека системот за испорака е во согласност со стандардите за снабдување со гориво во однос на практиката за правилно заземјување и поврзување.


DX,FUEL,STATIC,ELEC-A8-12JUL13

Резервоар за гориво — полнење



H125474—UN—10DEC18

Капаче на резервоарот за гориво (не се заклучува)



H130126—UN—30APR20

Капаче на резервоарот за гориво (се заклучува)

A—Резервоар за гориво

ВНИМАНИЕ: Внимателно ракувајте со горивото. Не полнете ја машината со гориво додека пушите. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и извадете го клучот пред да го полните резервоарот.

Не пренаполнувајте го резервоарот за гориво. Може да настане телесна повреда предизвикана од испрскување на гориво. Може да настанат протекувања поради ширењето на горивото. Ако резервоарот за гориво е преполн и ако се остави на директна сончева светлина или ако температурата стане премногу висока, резервоарот ќе прелие.

ВАЖНО: Мотори од Конечно ниво 4/Фаза V: Користете САМО гориво со ултра ниско ниво на сулфур. За понатамошни информации, погледнете во Дизел гориво и биодизел гориво во ова поглавје.

Наполнете го резервоарот за гориво (A) на крајот од секој ден. Ова спречува кондензирање во резервоарот за гориво како што се лади влажниот воздух.

OUO6075,0004E1B-A8-30APR20

Ракување и складирање на дизел гориво

ВНИМАНИЕ: Намалете го ризикот од пожар. Внимателно ракувајте со горивото. НЕ полнете го резервоарот за гориво додека работи моторот. НЕ пушете кога го полните резервоарот со гориво или додека го сервисирате системот за вбризгување на гориво.

Полнете го резервоарот со гориво на крајот на секој ден работа, за да спречите кондензирање на водата и замрзнување за време на ладни временски услови.

Одржувајте ги контејнерите за складирање практично полни за да ја намалите кондензацијата.

Проверете дали сите капачки и поклопувачи за контејнерите со гориво се соодветно наместени за спречите појава на влага. Редовно проверувајте ја содржината на вода во горивото.

Кога користете биодизел гориво, филтерот за гориво можеби ќе треба да се менува почесто поради прераното затнување.

Проверете го нивото на масло на моторот дневно пред стартување на моторот. Зголемено ниво на масло може да индицира растворање на горивото или на маслото на моторот.

Кога горивото е складирано на подолг временски период или постои мал обрт на гориво, додадете кондиционер за гориво за да го стабилизирате горивото и да спречите кондензација на вода. За препораки, контактирајте го Вашиот трговец со горива или Вашиот трговец со John Deere опрема.

OUO6075,000163E-A8-06SEP13

Дизел гориво

Консултирајте се со вашиот локален дистрибутер на горива за карактеристиките на дизел горива достапни во вашиот крај.

Најчесто дизел горивата се така мешани за да ги задоволат условите на ниски температури на географското подрачје каде се продаваат.

Препорачливи се дизел горива според спецификацијата EN 590 или ASTM D975. Обновливото дизел гориво произведено од хидро-обработени животински масти и растителни масла во основа е идентично со нафтеното дизел гориво. Обновливото дизел гориво што ги исполнуваат

стандардите EN 590, ASTM D975, или EN 15940 е прифатливо за употреба со сите процентни нивоа на мешавина.

Потребни карактеристики на горивото

Во секој случај, горивото треба да ги задоволува следниве карактеристики:

Цетанскиот број да биде 40 минимално. Пожелно е цетанскиот број да биде поголем од 47, посебно за температури под –20 °C (–4 °F) или надморски височини над 1675 m (5500 ft.).

Точката на заматување треба да биде под очекуваната најниска температура на околината или **точка на затнување на филтерот при ладно** (CFPP) треба да биде максимум 10 ° C (18 ° F) под точката на заматување на горивото.

Мазивоста на горивото треба да го помине максималниот дијаметар на трага од 0,52 mm кога се мери според спецификацијата ASTM D6079 или ISO 12156-1. Се препорачува максималниот дијаметар на трага од 0.45 mm.

Квалитетот на дизел горивото и содржината на сулфур мора да се во согласност со постојните прописи за издувни гасови во пределот каде што работи машината. НЕ користете дизел гориво со содржина на сулфур поголема од 10 000 mg/kg (10 000 ppm).

Материјалите како што се бакар, олово, цинк, калај, месинг и бронза треба да се избегнуваат при опрема за ракување, дистрибуција и складирање на гориво, бидејќи овие метали можат да ги катализираат реакциите за оксидација на горивото што можат да доведат до таложење на системот за гориво и вклучени филтри за гориво.

Е-Дизел гориво

НЕ користете Е-Дизел (дизел гориво и мешавина на етанол). Употребата на Е-Дизел гориво во било која машина на John Deere може да ја поништи гаранцијата за машината.

ВНИМАНИЕ: Избегнете тешко повредување или смрт поради ризикот од опожарување и експлозија од употребата на Е-Дизел гориво.

Сулфурна содржина за мотори што припаѓаат на привременониво 4, конечнониво 4, фаза III A и B, фаза IV мотори и фаза V мотори над 560 kW

- Користете САМО дизел гориво со максимална содржина на сулфур од 500 mg/kg (500 ppm).

Сулфурна содржина за мотори што припаѓаат на привременониво 4, конечнониво 4, фаза III B, фаза IV мотори и фаза V мотори

- Користете САМО дизел гориво со ултра ниска содржина на сулфур (ULSD) со максимална содржина на сулфур од 15 mg/kg (15 ppm).

Содржина на сулфур за моторите Tier 3 и Степен III A

- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур помала од 1000 mg/kg (1000 ppm) е ПРЕПОРАЧАНА.
- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур од 1000 - 2000 mg/kg (1000 - 2000 ppm) го НАМАЛУВА интервалот на промена на маслото и на филтерот.
- ПРЕД користењето на дизел гориво со содржина на сулфур поголема од 2000 mg/kg (2000 ppm), контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Содржина на сулфур за моторите Tier 2 и Степен II

- СЕ ПРЕПОРАЧУВА употреба на дизел гориво со содржина на сулфур помала од 2000 mg/kg (2000 ppm).
- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур од 2000 - 5000 mg/kg (2000 - 5000 ppm) го НАМАЛУВА интервалот на промена на маслото и на филтерот.[1]
- ПРЕД користењето на дизел гориво со содржина на сулфур поголема од 5000 mg/kg (5000 ppm), контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Содржина на сулфур за други мотори

- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур помала од 5000 mg/kg (5000 ppm) е ПРЕПОРАЧАНА.
- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур поголема од 5000 mg/kg (5000 ppm) ги НАМАЛУВА интервалите на промена на маслото и на филтерот.

ВАЖНО: Не мешајте користено масло за дизел мотори или било кој друг тип подмачкувач со дизел гориво.

Несоодветно користење на адитиви за гориво може да предизвика оштетување на опремата за вбризгување на гориво кај дизел мотори.

DX,FUEL1-A8-13JUL20

Биодизел гориво

Биодизел горивото се состои од моноалкилни естери на долго ланчести масни киселини добиени од растителни масла или животински масти. Биодизел

[1] *Погледнете DX,ENOIL12,OEM, DX,ENOIL12,T2,STD, или DX, ENOIL12,T2,EXT за повеќе информации околу сервисните интервали на моторното масло и филтерот.*

мешавините се мешавина на биодизел со дизел гориво од нафта на волуменска основа.

Пред користење на гориво што содржи биодизел, прегледајте ги барањата и препораките за користење биодизел во прирачникот за работа.

Законите за заштита на околината можат да го поттикнуваат или забрануваат користењето на биодизелот. Пред да ги користат биогоривата, возачите треба да се консултираат со соодветните државни органи.

John Deere мотори од фаза V кои работат во европската унија

Кога моторот ќе се користи за работа во рамките на унијата, за дизел или црвена нафта, се употребува гориво со содржина на FAME не поголема од 8% волумен/волумен (B8).

John Deere мотори со издувен филтер освен моторите на John Deere од фаза V кои работат во европската унија

Мешавината на биодизелот до B20 може да се користи САМО ако биодизелот (100% биодизел или B100) ги исполнува прописите ASTM D6751, EN 14214 или еквивалентната спецификација. Очекувајте 2% намалување на силата и 3% намалување во економичноста на горивото при користење на B20.

Концентрациите на биодизелот над B20 можат да им наштетат на системите за контрола на емисијата на издувните гасови на моторот и не треба да се користат. Вклучени ризици, но не се ограничуваат само на нив, се почесто стационарно регенерирање, акумулација на саѓи и зголемени интервали за отстранување на пепел.

Одобрените уреди за гориво од John Deere или еквивалентните, што содржат детергент и дисперзанти адитиви, се потребни при употреба на BioDiesel мешавини од B10 до B20, и се препорачани кога се користат помали мешавини на биодизел.

John Deere мотори без John Deere издувен филтер

Мешавината на биодизелот до B20 може да се користи САМО ако биодизелот (100% биодизел или B100) ги исполнува прописите ASTM D6751, EN 14214 или еквивалентната спецификација. Очекувајте 2% намалување на силата и 3% намалување во економичноста на горивото при користење на B20.

Овие John Deere мотори може да работат на биодизел мешавина над B20 (па до 100% биодизел). Работи на нивоа кои се над B20, САМО ако биодизелот е дозволен со законот и ги исполнува спецификациите EN 14214 (првенствено достапни во Европа). Моторите што работат на биодизел мешавини кои се над B20 можеби не се целосно усогласени или не се дозволени со сите важечки прописи за емисија издувни гасови. Очекувајте до 12% намалена моќност и 18% намалена економичноста за потрошувачката на гориво кога користите биодизел од 100%.

Одобрените уреди за гориво од John Deere или еквивалентните, што содржат детергент и дисперзанти адитиви, се потребни при употреба на BioDiesel мешавини од B10 до B100, и се препорачани кога се користат помали мешавини на биодизел.

Препораки и барања за користење на биодизел

Делот на дизел од нафтата за сите мешавини на биодизелот мора да ги исполнува барањата на комерцијалните стандарди ASTM D975 (САД) или EN 590 (ЕУ).

Корисниците на биодизелот во САД силно се охрабруваат да купуваат мешавини на биодизел од трговец сертифициран со BQ-9000 и кои потекнуваат од акредитирани производители на BQ-9000 (како што е потврдено од националниот одбор за биодизел). Сертифицираните трговци и акредитираните произведувачи можат да се најдат на следната интернет страница: http://www.bq9000.org.

Биодизелот содржи остаток на пепел. Нивоата на пепел кои го надминуваат дозволениот максимум според ASTM D6751 или EN14214 можат да резултираат со побрзо натрупување на пепелот и бараат почесто чистење на филтерот за издувни гасови (ако постои).

Ако наставката за подмачкување недостига, заменете ја веднаш. Исчистете ги наставките темелно пред да употребувате пиштол за подмачкување.

Број на производ	Опис
TY6341	Повеќенаменски подмачкувач за висока температура и екстремен притисок, особено ефективен при работење со контакти при превртување.

HX,AG,SF7350-A8-26OCT99

Течност за сопирачки (ако е вградено)

ВАЖНО: Кога го отстранувате капакот од резервоарот, внимавајте загадувачи да не доспеат во резервоарот.

Течност треба да биде 6 mm (1/4 in.) од врвот.

Наполнете го резервоарот со SAE J1703d, DOT-3 или DOT-4 хидраучична течност за сопирачки.

OUO6075,0000AE9-A8-10DEC10

Филтри за масло

Филтрирање на маслото е од огромна важност за соодветно работење и подмачкување. Марките на филтри за масло John Deere се дизајнирани и произведени специјално за John Deere примени.

Филтрите John Deere се усогласени со техничките спецификации за квалитет на материјалот на филтерот, степенот на ефикасност на филтерот, јачината на врската помеѓу материјалот на филтерот и завршниот капак на елементот, животниот век на кутијата (ако постои) и капацитетот за притисок на капакот на филтерот. Филтрите за масло кои не се од John Deere можеби нема да ги задоволуваат овие клучни спецификации на John Deere.

Секогаш редовно менувајте ги филтрите за масло како што тоа е наведено во овој прирачник.

DX,FILT1-A8-11APR11

Филтри за гориво

Важноста на филтрирање на горивото е особено важна при новите модерни системи за гориво. Комбинацијата од сè поголемиот број регулативи за ограничување на емисиите како и барањата за поефикасни мотори бараат системите за гориво да работат на многу повисоки притисоци. Високите притисоци може да се постигнат само со користење на компоненти за вбризгување на гориво кои имаат многу мали отстапувања. Овие строги производствени отстапувања имаат значително намалени капацитети за отпад и вода.

Марките на филтри за гориво John Deere brand се дизајнирани и произведени специјално за John Deere мотори.

За да се заштити моторот од отпад и вода, секогаш менувајте ги филтрите за гориво на моторот како што е тоа наведено во овој прирачник.

DX,FILT2-A8-14APR11

Алтернативни и синтетички подмачкувачи

Условите во некои географски предели може да побаруваат подмачкувачи различни од оние наведени во овој прирачник.

Некои видови John Deere разладни средства и подмачкувачи можеби не се достапни во вашата локација.

Консултирајте се со вашиот трговец со John Deere опрема за да добиете информации и препораки.

Синтетички подмачкувачи може да се користат ако ги задоволуваат техничките побарувања наведени во овој прирачник.

Температурните ограничувања и сервисни интервали прикажани во овој прирачник се однесуваат на John Deere брендирани течности или течности кои се биле тестирани и/или одобрени за употреба во опрема John Deere.

Рециклираните масла можат да се користат ако ги задоволуваат побарувањата на техничките податоци.

DX,ALTER-A8-13JAN18

Складирање на подмачкувач

Вашата опрема може да работи со максимална ефикасност само ако се употребуваат чисти подмачкувачи.

Користете чисти контејнери за чување на сите подмачкувачи.

Складирајте ги подмачкувачите и контејнерите во простории заштитени од прашина, влага и други извори на загадување. Чувајте ги контејнерите хоризонтално за да избегнете акумулирање на вода и прашина.

Осигурете се дека секој контејнер е соодветно означен за да се знае што содржи.

Соодветното отстранете ги старите контејнери и каков било подмачкувач што е останало во нив.

DX,LUBST-A8-11APR11

Мешање на подмачкувачи

Општо, избегнувајте мешање на различни видови подмачкувачи или видови масло. Произведувачите на масла мешаат адитиви во нивните масла за да исполнат одредени спецификации и побарувања на перформанси.

Мешањето на различни масла може да влијае на соодветното функционирање на овие адитиви и да ги намали перформансите на подмачкувачот.

Консултирајте се со Вашиот трговец со John Deere опрема за да добиете информации и препораки.

DX,LUBMIX-A8-18MAR96

Сервисен интервал—Поставување или чистење


ВНИМАНИЕ: За да избегнете повреди, никогаш не ја подмачкувајте сервисната машина, хедерот или моторот додека работи. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ВАЖНО: Времињата за сервисирање се за просечни услови. Сервисирајте почесто ако машината се користи во екстремни услови.

Видете го делот за помош кај апликациите за калибрација или помош кај делот за операторската станица за понатамошни информации во врска со сервисните интервали за поставување или чистење.


OUO6075,0004552-A8-20DEC16

Локации на ознаки за подмачкување



H97176—UN—30JUN10

Ознаки за подмачкување на лева страна



H97177—UN—30JUN10

Ознака за подмачкување од десна страна

A—Ознаки за подмачкување

ВАЖНО: Машини HillMaster: Избегнете повреди од згмечување. Секогаш целосно спуштето го системот за нивелирање на машината пред да дојдете под машината за сервисирање, прилагодување, или поправки. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Ознаките за подмачкување (A) прикажуваат различни локации за подмачкување околу машината. Следете ги времињата за подмачкување како што е опишано на ознаките и за повеќе информации прочитајте за часовни интервали.

Дефекти во лагерите и прегревање може да предизвикаат пожар. За да ги намалите неуспешни работи на лежиштето или прегревање, следете ги интервалите на времиња наведени во ова поглавје за повеќе информации.

Материјалот од културата и друг отпад може да се наталожува околу лежиштата и капаците на лежишта. Проверете ги и исчистете ги овие подрачја периодично во текот на денот на жнеење.

OUO6075,00044AF-A8-14NOV16

Замена на хидраулично црево

Хидрауличните црева треба почесто да се проверуваат од истекување, замотување, исекотини, абразија, меури, корозија, оголени жици или било какви други знаци на абење или оштетување. Истрошеното или оштетеното црево може неуспешно да работи во текот на користењето и треба веднаш да се замени. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема ако треба да ги замените цревата.

ВНИМАНИЕ: Ако се користи црево со неправилни димензии, може да дојде до оштетување на машината, повреди или смрт.


Ако цревата треба да се произведат, осигурете да тие црева бидат со исти димензии како она што се заменува. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема за замената со цревата со правилни димензии.

Неправилната должина или неправилните димензии на цревото може да предизвикат абење или оштетување на цревото. Користете го старото црево како мерка за должината и димензијата на цревото.

Неправилните наставки може да оштетат деловите за поврзување или да предизвика истекнување. Погиржете се да ги користите челични наставки одобрени за користење од производувач на цревото. Користете ја правилната должина и вид на навој во заменувањето на цревото.

OUO6075,00043CC-A8-12OCT16

Чистота на хидрауличен систем



X9811—UN—23AUG88

⚠ ВНИМАНИЕ: Истекувањето на течноста под висок притисок може да ја пробие кожата и да предизвика сериозни повреди. Избегнувајте ги несреќите со испуштање на притисокот од хидрауличните и од другите црева пред нивно одвојување. Затегнете ги сите приклучоци пред повторно да воспоставите притисок во системот. Со парче картон проверете нешто да не истекува. Заштитете ги рацете и телото од течностите под висок притисок.

Ако се случи несреќа, веднаш одете на лекар. Ако некоја течност продре под кожата, мора по хируршки пат да се отстрани во рок од неколку часови, во спротивно може да предизвика гангрена. Лекарите незапознаени со овој вид на повреда можат да контактират Медицинскиот оддел на Deere & Company во Молин, Илиноис, или друг релевантен медицински извор.

Чистота

Ако хидрауличниот систем треба да се откачи за сервис, заштитете ги краевите на цревата, цевките и приклучоците на компонентите да не се извалкаат, со чисти крпи без влакна или чисти пластични кеси.

Пред инсталирање на секакво заменско црево, исплакнете ја внатрешноста со некористено дизел гориво или неискористен комерцијален нафтен растворувач, најмалку 10-на минути. Не користете вода, водорастворливи средства за чистење или компримиран воздух.

ВАЖНО: За да спречите навлегување на нечистотија во хидрауличниот систем, исчистете ги површините на хидрауличната компонента со средство за чистење електрични контакти.

Отстранете го капакот од повеќеспојката и прикачете на приклучната станица на хедерот. Кога спојувате на хедерот исчистете ја површината на повеќеспојката за да ја отклоните нечистотијата и остатоците.


OUO6075,0004897-A8-12APR18

Притисок на акомулатор

ЗАБЕЛЕШКА: Поради температурните разлики, притисоците на акомулаторот можат значително да се менуваат и потребно е нивно прилагодување. За повеќе информации, видете го вашиот John Deere трговец.

OUO6075,00043CE-A8-12OCT16

Користење на машини за перење под висок притисок




T6642EJ—UN—18OCT88

ВАЖНО: Прскалките под висок притисок се ефикасни средства за чистење на машината. За да избегнете оштетување на машината, не се приближувајте поблизу до 1 m (39 in) и прскајте под агол помеѓу 45—90 степени кога чистите заптивни површини, заптивки и лепенки. Максимален притисок не смее да надмине 12 000 kPa (120 bar) (1740 psi).

Не прскаје, перете, во никој случај, компоненти (пример; мотор) со ладна вода кога тој е жежок. Не употребувајте ротирачки млазеви или вода со температура поголема од 50°C (122°F), и не ги насочувајте кон заптивките. Секогаш водниот млаз одржувајте го во движење. Намалете го притисокот кога користите уред за перење под висок притисок за чистење на разладните единици, лежиштата и електронската/електричната опрема. Насочување на вода под притисок врз електронските/електричните делови, приклучоци, лежишта и заптивки кај хидрауликата, пумпите за вбризгување на гориво или други осетливи делови може да предизвика појава на дефекти. Следете ги упатствата од прирачникот за користење на машините за перење под силен притисок и прирачниците за приклучната опрема.

OUO6075,0004977-A8-17MAY18

Користење на компримиран воздух



RW56455—UN—30JUN97

ВАЖНО: Насочувањето на компримиран воздух во електронските/електричните компоненти или приклучоци може да предизвика насобирање на статичен електрицитет и дефект на производот.

OUO6075,0004976-A8-17MAY18

Симболи за подмачкување

ВНИМАНИЕ: Никогаш не подмачкувајте ниту сервисирајте ја машината додека моторот работи.

Подмачкувајте со John Deere Multipurpose SD Polyurea Grease High Temperature/Extreme Pressure lubricant или со SAE Multipurpose High Temperature Grease за работа во ектремен притисок (EP) во времињата прикажани на симболот.

Подмачкувајте со масло John Deere SAE 30 или потешко масло во временските интервали наведени на симболите.

ВАЖНО: Препорачаните интервали на сервисирање се однесуваат на просечни услови. Сервисирајте почесто ако машината работи во неповолни услови.

OUO6075,0004F7E-A8-12NOV20

Сервирајте ја вашата машина на определените интервали

Направете подмачкување, проверки и прилагодувања во определените интервали во следниве табели. Направете сервсирање на ставките што се содржат во изворните барања. На пример, на 1000 работни часа исто така сервисирајте ги оние ставки наведени под интревал на секои 500 работни часа, секои 250 работни часа, на секои 100 работни часа и на секои 25 работни часа или дневно.

SS43267,00006D2-A8-12AUG15

Важни размислувања

ВАЖНО: Фитинзите чистете ги пред и после секое нанесување на маст. Веднаш заменете го секој фитинг што е оштетен или што недостасува.


Интервалите за подмачкување и одржување се наведени во овој дел.

Местата и постапките се наведени во делот за тој интервал.

OUO6075,00045A8-A8-25JAN17

Одржување – на секои 10 работни часа

Табела за интервал на сервисирање—секои 10 часа




H132951—UN—18JAN21

Легенда	Сервисирање	Секои 10 работни часови
A	Проверка на нивото на масло	•
B	Проверете го нивото на разладно средство во моторот	•
C	Чистење на ротирачки барабани-сита, ладилникот за масло, кондензаторот, радијаторот и разладувачот на воздух од турбополначот	•
D	Проверка на хидростатично/хидраулично масло	•
E	Проверете го нивото на масло во куќиштето на моторниот пренос	•
F	Испуштање вода од боца на воздушен компресор (ако има во опрема)	•
G	Проверка на филтерот за предчистење на гориво	•
H	Подмачкување со маст на двобрзински зглобови кај мотор со погон на четири тркала Подмачкување со маст на лежишта/клинови на зглобови на погон на две тркала за тешки работни услови и на осовинско вретено за многу тешки работни услови (калливи услови)	•
I	Подмачкување со маст надворешните лежишта на завршниот погон (калливи услови)	•
J	Чистење на испусно црево на клима	•
K	Подмачкување со маст на погонското куќиште за рикверц на куќиштето за достава со променлива брзина (машини S760 и S770) (екстремни услови)	•
L	Проверка на замката за камења	•
M	Подмачкување со маст на лизгачко квачило на лифт за плева (тешки услови кај културата) (машини S780, S785, и S790)	•
N	Чистење на камера ActiveVision™ кај системот за остатоци на плева (ако има во опрема)	•
O	Чистење на камерата ActiveVision™ кај лифтот за чисто жито (ако има во опрема)	•
P	Централен блок за подмачкување (ако има во опремата) (HillMaster™ машини) • Подмачкување на зглобен носечки дел на завршен погон • Подмачкување на примарен цилиндар за накосување на хедер • Подмачкување на цевка на нивелирачкиот цилиндар	•
Q	Без централен блок за подмачкување (HillMaster™ машини) • Зглобен завршен погон	•
R	Без централен блок за подмачкување (HillMaster™ машини) • Подмачкување на примарен цилиндар за накосување на хедер • Подмачкување на цевка на нивелирачкиот цилиндар	•

ActiveVision е заштитна марка на Deere & Company
HillMaster е регистриран заштитен знак на Deere & Company


OUO6075,0004FB2-A8-14MAY21

Ниво на масло во моторот




H95375—UN—16FEB10

Ниво 2/фаза II (Стил A)




H95419—UN—19FEB10

Ниво 2/фаза II (Стил B)




H95306—UN—11FEB10

Конечно ниво 4/Фаза V (Стил A)




H95396—UN—17FEB10

Конечно ниво 4/Фаза V (Стил B)



H112961—UN—17FEB15

Ниво 2/фаза II



H113142—UN—11MAR15

Конечно ниво 4/Фаза V

A—Шипка за мерење
B—ADD Ознака (за додавање)
C—FULL Ознака (за полно)

ВАЖНО: Од суштинско значење е да го одржувате пропишаното ниво на моторно масло за да обезбедите долг сервисен век. Проверете го нивото на моторното масло кога машината е паркирана на рамна површина.

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека шипката за мерење е завртена или притисната целосно во куќиштето пред да ја отстранувате за да го проверите нивото на масло.

Дневно проверувајте го нивото на масло во моторот со шипката за мерење (A). Не работете со моторот кога нивото на маслото е под ознаката "ADD" (ДА СЕ ДОДАДЕ) на шипката за мерење.

Извадете ја шипката за мерење и проверете го нивото на маслото. Нивото на маслото треба да биде помеѓу ознаката "ADD" (ДА СЕ ДОДАДЕ) и врвот на штрафираното подрачје на шипката за мерење. Ако нивото на масло е под ознаката ”ADD”, додадете масло колку што е потребно. Погледнете во делот за горива и подмачкувачи за препораки во врска со маслото.

OUO6075,00047E7-A8-13NOV17

Разладно средство на моторот



H115495—UN—19AUG15


A—Напливен резервоар

Нивото на разладното средство мора да биде помеѓу линиите "Max Cold" (макс. ладно) и "Min Cold" (мин. ладно). Ако разладното средство е под линијата "Min Cold" (мин. ладно), додајте разладно средство по потреба.

Проверете го нивото на разладното средство во компензациониот сад (A) при ладен мотор. Нивото мора да биде до линијата ”Max Cold” (макс. ладно).

OUO6075,00043FB-A8-21DEC16

Ротирачки барабани-сита, ладилникот за масло, кондензаторот, радијаторот и разладувачот на воздух од турбополначот




H106847—UN—08FEB13

A—Брави
B—Врата на ротационото сито

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Повлечете ги бравите (A) за да ја отворите вратата на ротационото сито (B).

Ниво 2/фаза II (Стил A)



H106852—UN—08FEB13

A—Кондензатор
B—Вакуумски канал
C—Преносен канал

ЗАБЕЛЕШКА: Исчистете ги површините со компримиран воздух, дувајќи од внатре кон надвор.

Проверувајте го ротационото сито секој ден за да бидете сигурни дека слободно се врти.

Чистете ги ротирачките барабани-сита со четка и компримиран воздух кога има насобрано нечистотија и плева на или позади ситата.


Исчистете го кондензаторот (A), ладилникот на маслото, ладилникот на воздушното полнење и радијаторот.

Исчистете ја нечистотијата од долниот канал за вакум (B) и каналот за пренесување (C).


ВАЖНО: Намалете го притисокот на уредот за перње под висок притисок или компримираниот воздух, кога ги чистите разладувачите. За спречување оштетување на перките, водата или воздухот насочете ги низ перките за да не ги свиткате. Користете чешел за перки за да ги исправите искривените перки. Искривените перки ги намалуваат перформансите на ладилникот.

Затворете ја и заклучете ја ротирачката решеткаста врата.

Ниво 2/Фаза II (стил B) и Конечно ниво 4/Фаза V



H106853—UN—08FEB13



H106854—UN—08FEB13

A—Блокирачки клин
B—Ладилник на горивото
C—Радијатор
D—Вакуумски канал
E—Кондензатори
F—Врата на ротационото сито
G—Преносен канал

ЗАБЕЛЕШКА: Исчистете ги површините со компримиран воздух, дувајќи од внатре кон надвор.

Проверувајте го ротационото сито секој ден за да бидете сигурни дека слободно се врти.

Чистете ги ротирачките барабани-сита со четка и компримиран воздух кога има насобрано нечистотија и плева на или позади ситата.

Повлечете го клинот за блокирање (A) и завртете го ладилникот за гориво (B) за да исчистите.

Исчистете го радијаторот (C), разладувачот за масло и разладувачот на воздух од турбополначот.

Исчистете ја нечистотијата од долниот канал за вакум (D).

Исчистете ги кондензаторите (E) на ротирачката решеткаста врата (F).


Исчистете ја нечистотијата од каналот за пренесување (G).

ВАЖНО: Намалете го притисокот на уредот за перње под висок притисок или компримираниот воздух, кога ги чистите разладувачите. За спречување оштетување на перките, водата или воздухот насочете ги низ перките за да не ги свиткате. Користете чешел за перки за да ги исправите искривените перки. Искривените перки ги намалуваат перформансите на ладилникот.

Затворете ја и заклучете ја ротирачката решеткаста врата.

OUO6075,0004975-A8-17MAY18

Хидростатично/хидраулично масло



H115659—UN—28AUG15

A—Окно за проверка


Проверете со хедерот на земја.

Нивото на масло мора да биде на врвот на окното за проверка (A) со целосно спуштено куќиште за достава.

Додадете масло по потреба.

OUO6075,0004413-A8-21DEC16

Масло на главно моторно погонско куќиште



H121743—UN—12JUN17

A—Шипка за мерење

ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч пред да го проверите хидрауличното масло во моторното погонско куќиште.


Оставете го моторот да мирува 5 минути овозможувајќи му на воздухот да се оддели од маслото.

Нивото на маслото не смее да биде под ознаката "ADD" на шипката за мерење (A).

Додадете масло по потреба.

OUO6075,000493D-A8-12APR18

Боца на компресорот на воздух (ако има во опрема)




H115497—UN—19AUG15

A—Кабел за испуштање на резервоарот за воздух

Повлечете ја сајлата (A) за испуст на резервоарот за воздух и испуштете ја водата од резервоарот.

OUO6075,00043FD-A8-21DEC16

Филтер за предчистачот за гориво




H117746—UN—17MAR16

A—Филтер за предчистачот за гориво

Проверете го филтерот за предчистење на гориво (A) да не има наслаги и исчистете го ако е неопходно.

OUO6075,00043FE-A8-21DEC16

Дво-брзински зглобови кај мотор со погон на четири тркала (калливи услови)



H115499—UN—19AUG15


ЗАБЕЛЕШКА: Кога работите во кал и вода, ставајте маст на зглобовите кај моторот на секои 10 часа. При нормални услови, подмачкајте на секои 50 часови.

Подмачкајте ја опремата се дури не се исчисти маста од горните и долни заптивки кај вртливите делови на моторот.

Ставете маст на двата фитинга (двете страни).

OUO6075,0004687-A8-22MAR17

Лежишта/клинови на зглобови на погон на две тркала за тешки работни услови и на осовинско вретено за многу тешки работни услови (калливи услови)



H115500—UN—19AUG15


ЗАБЕЛЕШКА: Кога работите во кал или вода, подмачкајте ги лежиштата на вретеното на задната оска и моторните оски на секои 10 часови. При нормални услови, подмачкајте на секои 50 часови.

Подмачкајте ја опремата се дури не се исчисти маста од горните и долни заптивки кај вртливите делови на моторот.

Кога работите во кал и вода, ставајте маст на фитинзите (од двете страни) на секои 10 часа.

OUO6075,0004688-A8-22MAR17

Надворешните лежишта на завршниот погон (калливи услови)



H135707—UN—10JUN22


Стил A / Стил B

ЗАБЕЛЕШКА: Кога работите во кал и вода, ставајте маст на надворешните лежишта на завршниот погон на секои 10 часа. При нормални услови, подмачкајте на секои 50 часови.

Кога работите во кал и вода, ставете маст на фитингот (од двете страни) на секои 10 часа.

mh69740,1654887775821-A8-13JUN22

Испусно црево на клима




H115502—UN—19AUG15

A—Црево за испуштање

Исчистете го испусното црево за климата (A) од двете страни на кабината.

OUO6075,0004402-A8-21DEC16

Погонско куќиште за рикверц на куќиштето за достава со променлива брзина (машини S760 и S770) (екстремни услови)



H115503—UN—19AUG15

ЗАБЕЛЕШКА: Користете John Deere TY6341 повеќенаменска маст или SD Polyurea маст или John Deere TY25744 синтетичка маст кога подмачкувате погонско куќиште за рикверц на куќиштето за достава.

Премногу ставање на маст може да предизвика мастта да се распрска на ременот и да причини дефект кај ременот.

Завртете ја макарата така да фитинзите се во позиција како на стрелките од часовникот кога се на дванаесет и два часот.


Кога работите во екстремни услови или кај високо приносна пченка, нанесете маст на фитинзите на "дванаесет часовна позиција", 5—8 пумпања на секои 10 часа.

Вишокот на маст се чисти од под пружината.

Нанесете маст на фитинзите на "два часовна позиција", 2—3 пумпања на секои 10 часа.

OUO6075,000493E-A8-12APR18

Собирач на камења




H115496—UN—19AUG15

A—Рачка

Отстранете го брзо-заклучувачкиот клин и истоварете го со рачката (A) делот за заробување камења. Затворете го собирачот на камења и задржете го со клинот за брзо заклучување.

OUO6075,0004404-A8-21DEC16

Лизгачко квачило на лифт за плева (тешки услови кај културата) (машини S780, S785, и S790)




H115504—UN—19AUG15

ЗАБЕЛЕШКА: Кога работите во тешки услови кај културата, подмачкувајте го со маст лизгачкото квачило на лифтот за плева на секои 10 часа. При нормални услови, подмачкајте на секои 50 часови.

Подмачкајте го со маст фитингот на лизгачкото квачило на лифтот за плева.

OUO6075,00048A0-A8-08FEB18

Камера ActiveVision™ кај системот за остатоци на плева (ако има во опрема)



H119876—UN—01NOV16

Стил A / Стил B


A—Камера ActiveVision™ кај системот за остатоци на плева

ЗАБЕЛЕШКА: Честотата на чистење зависи од бројни фактори, вклучително работни услови, времето и условите на културата. Леќите на камерата чистете ги со мека, чиста и навлажнета крпа.

Отворете го резето и исчистете ја ActiveVision™ камерата (A) кај системот за отпадоци на плева.

OUO6075,0004FAF-A8-27APR21

Камера кај лифтот за чисто жито ActiveVision™ (ако има во опрема)



H125313—UN—06NOV18


A—Камера кај лифтот за чисто жито ActiveVision™

ЗАБЕЛЕШКА: Честотата на чистење зависи од бројни фактори, вклучително работни услови, времето и условите на културата. Леќите на камерата чистете ги со мека, чиста и навлажнета крпа.

Отворете го резето и исчистете ја ActiveVision™ камерата (A) кај лифтот за чисто жито.

OUO6075,0004FB0-A8-27APR21

Централен блок за подмачкување (ако има во опремата) (HillMaster™ машини)



H123115—UN—19JAN18

A—Носач

ActiveVision е заштитна марка на Deere & Company

Подмачкајте ги фитинзите на држачот (A) на следниве локации:

- Оски на крајниот погон (двете страни)
- Наслонувачки клин на примарен цилиндар за накосување на хедер
- Цевки на нивелирачки цилиндар (двете страни)

Нанесувајте маст на овие фитинзи се дури не се исчисти маста од овие специфични области.

OUO6075,0004B3F-A8-07JUN19

Зглобен завршен погон (без централно место за подмачкување) (HillMaster™ машини)




H120022—UN—14NOV16

Нанесувајте маст на фитинзите (од двете страни) се додека да почне да излегува чиста маст.

OUO6075,000488F-A8-07FEB18

Наслонувачки клин на примарен цилиндар за накосување на хедер (без централно место за подмачкување) (HillMaster™ машини)




H120023—UN—14NOV16

Нанесувајте маст на фитинзите (од двете страни) се додека да почне да излегува чиста маст.

OUO6075,0004B41-A8-09APR19

Цевка на нивелирачкиот цилиндар (без централно место за подмачкување) (HillMaster™ машини)




H120024—UN—14NOV16

Нанесувајте маст на фитинзите (од двете страни) се додека да почне да излегува чиста маст.

OUO6075,0004891-A8-07FEB18

Одржување – на секои 50 работни часа

Табела за интервал на сервисирање—секои 50 часа




H132953—UN—18JAN21

Легенда	Сервисирање	Секои 50 работни часови
A	Подмачкување со маст на двобрзински зглобови кај мотор со погон на четири тркала Подмачкување со маст на лежишта/клинови на зглобови на погон на две тркала за тешки работни услови и на осовинско вретено за многу тешки работни услови (вообичаени услови)	•
B	Подмачкување со маст надворешните лежишта на завршниот погон (вообичаени услови)	•
C	Подмачкување со маст на погонското куќиште за рикверц на куќиштето за достава со променлива брзина (машини S760 и S770) (нормални услови)	•
D	Проверка на масло во механизмот за рикверц на куќиштето за достава	•
E	Подмачкување со маст на горни макари на куќиштето за достава со променлива брзина (машини S760 и S770)	•
F	Проверка на куќиште за достава со странично навалување	•
G	Погонски/гонети макари на цикличен одделувач со променлива брзина	•
H	Подмачкување со маст на придвижувани/погонски макари со променлива брзина на одделувач (S770 опција, S780, S785 и S790 машини)	•
I	Подмачкување со маст на варијабилни горни макари на прочистувачкиот вентилатор	•
J	Подмачкување со маст на варијабилни долни макари на прочистувачкиот вентилатор	•
K	Проверка на филтерот за предчистење на гориво	•
L	Проверка на масло на погонот на дво-брзинскиот одделувач	•
M	Проверка на примарен филтер на гориво кај одделувачот на вода	•
N	Проверка на радијатор, полнење на воздушниот разладувач, разладувачот на масло, и кондензаторот	•
O	Проверка на сензорот за проток на маса	•
P	Чистење/замена на филтер за свеж воздух во кабина	•
Q	Чистење на сензор за влажност Исчистете го сврделот за заобиколување на сензорот за влага (по потреба) Чистење на камерата ActiveVision™ кај лифтот за чисто жито (ако има во опрема)	•
R	Чистење на сврделот за заобиколување на сензорот за влага (по потреба) Чистење на камера ActiveVision™ кај системот за остатоци на плева (ако има во опрема)	•
S	Подмачкување со маст на лизгачко квачило на лифт за плева (во услови на нормална култура) (машини S780, S785 и S790)	•
T	Подмачкување на спојки на завршен погон	•

ActiveVision е заштитна марка на Deere & Company

OUO6075,0004FB9-A8-14MAY21

Дво-брзински зглобови кај мотор со погон на четири тркала (нормални услови)



H115499—UN—19AUG15


ЗАБЕЛЕШКА: Кога работите во кал и вода, ставајте маст на зглобовите кај моторот на секои 10 часа. При нормални услови, подмачкајте на секои 50 часови.

Подмачкајте ја опремата се дури не се исчисти маста од горните и долни заптивки кај вртливите делови на моторот.

Ставете маст на двата фитинга (двете страни).

OUO6075,000468A-A8-22MAR17

Двокомпонентни погонски и екстра тешки лежишта за осцилации на осцилации и завртки (нормални услови)



H115500—UN—19AUG15


ЗАБЕЛЕШКА: Кога работите во кал или вода, подмачкајте ги лежиштата на вретеното на задната оска и моторните оски на секои 10 часови. При нормални услови, подмачкајте на секои 50 часови.

Подмачкајте ја опремата се дури не се исчисти маста од горните и долни заптивки кај зглобните делови.

Кога работите во нормални услови, ставајте маст на фитинзите (од двете страни) на секои 50 часа.

OUO6075,000468B-A8-22MAR17

Надворешните лежишта на завршниот погон (нормални услови)



H135707—UN—10JUN22


Стил A / Стил B

ЗАБЕЛЕШКА: Кога работите во кал и вода, ставајте маст на надворешните лежишта на завршниот погон на секои 10 часа. При нормални услови, подмачкајте на секои 50 часови.

Кога работите во нормални услови, ставете маст на фитингот (од двете страни) на секои 50 часа.

mh69740,1654890255263-A8-13JUN22

Погонското куќиште за рикверц на куќиштето за достава со променлива брзина (машини S760 и S770) (нормални услови)



H115503—UN—19AUG15

ЗАБЕЛЕШКА: Користете John Deere TY6341 повеќенаменска маст или SD Polyurea маст или John Deere TY25744 синтетичка маст кога подмачкувате погонско куќиште за рикверц на куќиштето за достава.

Премногу ставање на маст може да предизвика мастта да се распрска на ременот и да причини дефект кај ременот.


Завртете ја макарата така да фитинзите се во позиција како на стрелките од часовникот кога се на дванаесет и два часот.

Кога работите во вообичаени услови, нанесете маст на фитинзите на дванаесет часовна позиција (10—15 пати) и дво-часовно нанесување на фитинзите (5—8 пати) на секои 50 часа.

После подмачкувањето, менувајте ги променливите ременици низ опсегот на брзината неколку пати за да осигурете дека подмачкувачот рамномерно се распространува над површините на брегастото вратило.

OUO6075,000493F-A8-12APR18

Масло за погонско куќиште за рикверц на куќиштето за достава



H115651—UN—27AUG15

Погонско куќиште за рикверц со променлива брзина/повеќе-брзински

А—Шипка за мерење

Подигнете ја доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник.


ЗАБЕЛЕШКА: Погонските куќишта со ладилник за масло бараат погонскиот механизам да работи неколку минути. Ова овозможува ладилникот да се наполни со масло.

Нивото на маслото мора да се покаже на закривениот дел од шипката за мерење.

Извадете ја шипката за мерење (А) и проверете го нивото на маслото.

OUO6075,00046D1-A8-28MAR17

Горни макари на куќиштето за достава со променлива брзина (машини S760 и S770)



H115652—UN—27AUG15


ЗАБЕЛЕШКА: Можеби ќе биде потребно да ја завртите макарата за да пристапите до фитинзите.

Подигнете ја доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник.

Подмачкајте ги фитинзите од долната страна на куќиштето за достава.

OUO6075,000440C-A8-21DEC16

Странично навалување на куќиштето за достава




H115653—UN—28AUG15

A—Површини за чистење

Проверете ги местата за чистење (A) дали има насобрано материјал кој би можел да му пречи на хедерот при навалување. Исчистете ако е неопходно.


OUO6075,000440D-A8-21DEC16

Придвижувани/погонски макари со променлива брзина на одделувач



H120802—UN—13FEB17

Придвижувани макари / погонски макари (мал дијаметар)




H120803—UN—13FEB17

Придвижувани макари / погонски макари (голем дијаметар)

Макари со променлива брзина на одделувач: Стартувајте ја машината и макарите нека направат работен циклус преку брзинскиот опсег ако цело време работите на големи брзини. Вртењето на ремениците помага во пополнување на чаурите со подмачкувач кој е веќе внатре во празнината на ременикот.

OUO6075,00045D9-A8-13FEB17

Придвижувани/погонски макари со променлива брзина на одделувач (S770 опција, S780, S785 и S790 машини)



H120804—UN—13FEB17

Придвижувани макари / погонски макари

ЗАБЕЛЕШКА: На машините S770 опремени со опционални погонски макари со голем дијаметар, на фитингот МОРА да му се нанесува маст на секои 50 часа.

ВАЖНО: Управувачки и погонувани ременици на сепараторот со променлива брзина: Пумпајте 20 — 25 капки подмачкувач во наставката. НЕ СТАВАЈТЕ ПРЕМНОГУ ПОДМАЧКУВАЧ.

Придвижувани макари со променлива брзина на


одделувач: Завртете ја макарата за да пристапите до фитингот.

ЗАБЕЛЕШКА: Стартувајте ја машината и менувајте го сепараторот низ целиот опсег на брзината неколку пати за рамномерна распределба на подмачкувачот.

Погонски макари со променлива брзина на одделувач: Зближете ги макарите (голема брзина) пред нанесување на маст на фитингот на средината од надворешната макара. Завртете го ременикот за да пристапите до наставката. Менувајте ја брзината на цилиндарот за да го распоредите подмачкувачот ако постојано се работи во висока брзина.

OUO6075,00045DA-A8-20MAR17

Горни и долни варијабилени макари на прочистувачкиот вентилатор



H115656—UN—28AUG15


Горни макари / долни макари

Варијабилни горни макари на прочистувачкиот вентилатор: Подмачкајте ги со маст двата фитинга во средината на надворешната макара. Завртете ги ремениците за пристап до наставката.

Варијабилни долни макари на прочистувачкиот вентилатор: Подмачкајте го со маст фитингот што се наоѓа во средината на внатрешната макара. Завртете ги ремениците за пристап до наставката.

OUO6075,0004410-A8-21DEC16

Филтер за предчистачот за гориво



H115657—UN—28AUG15

A—Филтер за предчистачот за гориво

Визуелно проверете го филтерот за предчистење на гориво (A) и исчистете го ако има видливо насобран материјал на ситото.

Затворете го вентилот за исклучување од резервоарот за гориво.

Отстранете го филтерот за претчистење на гориво и исчистете го ситото.

Инсталирајте екран и филтер. Отворете го вентилот за исклучување од резервоарот за гориво за да наполните. Погледнете одржување на гориво—Според потребното, за повеќе информаци делот за течности кај моторот и филтери.

OUO6075,0004411-A8-21DEC16

Масло за погон на дво-брзински одделувач




H115658—UN—28AUG15

A—Шипка за мерење

Извадете ја шипката за мерење (A) и проверете го нивото на маслото. Додадете масло по потреба за да го коригирате нивото според шипката за мерење.


OUO6075,0004412-A8-21DEC16

Примарен филтер на гориво кај одделувачот на вода



H119923—UN—02NOV16

Ниво 2/фаза II (Стил А / Стил В)



H119924—UN—02NOV16

Конечно ниво 4/Фаза V (стил А / стил В).

А—Одвод

Проверете го садот на одделувачот дали има вода.

Отворете го одводот (А) и испуштете ја водата од садот на сепараторот.

OUO6075,00047EA-A8-13NOV17

Радијатор, полнење на воздушниот разладувач, разладувачот на масло, и кондензаторот



H115662—UN—28AUG15

Исчистете го радијаторот со дување компримиран воздух од внатрешна страна према надвор.

Проверете ги површините од наталожување на плева и исчистете ако има потреба.

OUO6075,0004415-A8-21DEC16

Сензор за протокот на маса




H123564—UN—22FEB18

ЗАБЕЛЕШКА: Ако машината е опремена со капаците на резервоарот за жито, неопходно е да се отстрани долната потпорна шипка за да се спушти сврделот за полнење на резервоарот за жито.

Спуштете го сврделот за полнење на резервоарот за жито и исчистете ја плочката од сензорот за проток на маса.

OUO6075,0004882-A8-22FEB18

Филтер за свеж воздух во кабина



H115664—UN—28AUG15

А—Копче
В—Филтер за свеж воздух


ЗАБЕЛЕШКА: Филтерот за свеж воздух во кабина може да бара порано чистење од предвиденото во прашливи услови.

Завртете го копчето (А) и спуштете го пристапниот

капак. Отстранете го филтерот за свеж воздух (B) за да го исчистите или замените.

OUO6075,0004417-A8-21DEC16

Сензорот за влага (ако е вградено)



H125315—UN—06NOV18

A—Сензор за влажност

ВАЖНО: Статичниот електрицитет може да го оштети модулот на сензорот за влажност. За да избегнете оштетување, осигурете дека секогаш ја допирате металната површина на машината со најмалку една дланка или рака пред да работите или да чистите.

Сензорот за влажност има внатрешни компоненти кои може да се олабават ако се испушти од раце и падне, што може не биде веднаш забележливо. Внимателно ракувајте со сензорот за влажност кога работите со него или го чистите.


Отстранете и исчистете го сензор отза влажност (A) кога работите во плевел, зелени култури или со ситни култури(канола).

- Не користете растворувачи или други средства за чистење кај лицето на сензорот.
- Се препорачува чистење со сува крпа. Ако тоа не е доволно, тогаш избришете го само со крпа и вода.
- Не мијте го под притисок лицето на сензорот за влажност.

Поставете го сензорот за влажност и направете калибрација на сензорот за влажност. За повеќе информации погледнете за помош кај апликациите за калибрација или помош кај операторската станица.

OUO6075,0004FB5-A8-14MAY21

Сврдел за заобиколување на сензорот за влага (по потреба)



H132959—UN—18JAN21


A—Клин (се користат 2)
B—Крајно капаче
C—Сврдел

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСЕТЕ го моторот, активирајте ја паркирната сопирачка и извадете го клучот.

1. Извадете ги клиновите (A) и крајното капаче и (B).
2. Извадете го сврделот (C) од заобиколувањето на сензорот за влага.
3. Исчистете го сврделот и површината во заобиколувањето на сензорот за влага.
4. Поставете и порамнете го сврделот.
5. Поставете го крајнот капаче и затегнете го со клинови.

OUO6075,0004FB6-A8-18JAN21

Камера кај лифтот за чисто жито ActiveVision™ (ако има во опрема)



H125313—UN—06NOV18


A—Камера кај лифтот за чисто жито ActiveVision™

ЗАБЕЛЕШКА: Честотата на чистење зависи од бројни фактори, вклучително работни услови, времето и условите на културата. Леќите на камерата чистете ги со мека, чиста и навлажнета крпа.

Отворете го резето и исчистете ја ActiveVision™ камерата (A) кај лифтот за чисто жито.


OUO6075,0004FB4-A8-27APR21

Сврдел за заобиколување на сензорот за остатоци од плева (по потреба)



H132960—UN—18JAN21

Стил A



H132961—UN—19JAN21

Стил B


A—Клин (се користат 2)
B—Крајно капаче
C—Сврдел

⚠ ВНИМАНИЕ: ИЗГАСЕТЕ го моторот, активирајте ја паркирната сопирачка и извадете го клучот.

1. Извадете ги клиновите (A) и крајното капаче и (B).
2. Извадете го сврделот (C) од заобиколувањето на сензорот за влага.
3. Исчистете го сврделот и површината во заобиколувањето на сензорот за влага.
4. Поставете и порамнете го сврделот.
5. Поставете го крајнот капаче и затегнете го со клинови.

OUO6075,0004FB8-A8-18JAN21

Камера ActiveVision™ кај системот за остатоци на плева (ако има во опрема)



H119876—UN—01NOV16

Стил A / Стил B


A—Камера ActiveVision™ кај системот за остатоци на плева

ЗАБЕЛЕШКА: Честотата на чистење зависи од бројни фактори, вклучително работни услови, времето и условите на културата. Леќите на камерата чистете ги со мека, чиста и навлажнета крпа.

Отворете го резето и исчистете ја ActiveVision™ камерата (A) кај системот за отпадоци на плева.

OUO6075,0004FB7-A8-27APR21

Лизгачко квачило на лифт за плева (нормални услови кај културата) (машини S780, S785, и S790)



H115504—UN—19AUG15


ActiveVision е заштитна марка на Deere & Company

ЗАБЕЛЕШКА: Кога работите во тешки услови кај културата, подмачкувајте го со маст лизгачкото квачило на лифтот за плева на секои 10 часа. При нормални услови, подмачкајте на секои 50 часови.

Подмачкајте го со маст фитингот на лизгачкото квачило на лифтот за плева.

OUO6075,00048A1-A8-08FEB18

Спојки на завршен погон



H124886—UN—10AUG18

Машини кои не се HillMaster™ / HillMaster™ машини

ЗАБЕЛЕШКА: Нанесувајте маст на фитинзите се дури не се исчисти маста преку жлебовите.

Машините кои не се HillMaster™ имаат по еден приклучок за подмачкување во секоја спојка на завршниот погон.

HillMaster™ машините Level land имаат по два фитинзи за подмачкување за една спојка на завршниот погон.

Подмачкајте ги приклучоците на спојката на завршниот погон (од двете страни).

Затегнете ја инбус завртката на спојката на завршниот погон (од двете страни) според спецификациите.


Технички податоци (спецификации)

Завртки со машинска глава—Вртлив момент	10 N·m (89 lb·in)

OUO6075,0004ECC-A8-09JUL20

HillMaster е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Табела за интервал на сервисирање—првите 100 часа




H119631—UN—13OCT16

Легенда	Сервисирање	Првите 100 работни часови
A	Замена на главен филтер на куќиштето за пренос (S760 и S770 ProDrive™ машини)	•
B	Замена на главен филтер за подмачкувачот во куќиштето за пренос (ProDrive™ машини)	•

ProDrive е заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,00046D2-A8-28MAR17

Главен филтер на куќиштето за пренос (ProDrive™ машини S760 и S770)



H115506—UN—27AUG15


A—Филтер

ЗАБЕЛЕШКА: Не е неопходно да го испуштате системот кога го заменувате филтерот.

Извадете и заменете го филтерот (A). Премачкајте ја заптивката на филтерот со масло. Затегнете со рака, а потоа затегнете за уште 1/2 круг.

OUO6075,00046D3-A8-28MAR17

Главен филтер за подмачкувачот во куќиштето за пренос (ProDrive™ машини)



H115507—UN—27AUG15


A—Филтер

ЗАБЕЛЕШКА: Не е неопходно да го испуштате системот кога го заменувате филтерот.

Извадете и заменете го филтерот (A). Премачкајте ја заптивката на филтерот со масло. Затегнете со рака, а потоа затегнете за уште 1/2 круг.

OUO6075,00046D4-A8-28MAR17

Интервал на сервисирање—секои 100 часа



H119634—UN—13OCT16

A—Притисок на гуми и локации на завртки

Легенда	Сервисирање	На секои 100 работни часови
A	Проверка на притисок на гуми и момент на затегнатост на завртки	•

OUO6075,000441C-A8-20DEC16

Притисок во гумите и затегнатост на винтовите




H115666—UN—28AUG15

Проверете го притисокот во предните и задните гуми и вртливиот момент на затегнатост на завртка. За повеќе информации погледнете го делот за погон за движење и задна осовина.

OUO6075,000441D-A8-21DEC16

Табела за интервал на сервисирање—секои 200 часа



H119635—UN—13OCT16

Легенда	Сервисирање	На секои 200 работни часови
A	Филтер за рециркулација, чистење/замена	•
B	Подмачкување со маст на примарното помошно вратило (повеќе-брзински погон на куќиштето за достава на S770, S780, S785, и S790 машините)	•
C и D	Подмачкување со маст на погонски/гонети макари на одделувач со променлива брзина (машини S760 и S770)	•

OUO6075,00045E0-A8-13FEB17

Филтер за рециркулација




H115668—UN—28AUG15

A—Филтер за рециркулација

Отстранете го капакот за да го исчистете или замените филтерот за рециркулација (A).

OUO6075,000441F-A8-21DEC16

Примарното помошно вратило (повеќе-брзински погон на куќиштето за достава на S770, S780, S785, и S790 машините)




H119656—UN—17OCT16

ЗАБЕЛЕШКА: Машините кои не се опремени со повеќе-брзински погон на куќиштето за достава имаат еден фитинг за подмачкување со маст и тој треба да се подмачкува на секои 400 часа.

Завртете за да пристапите до петте фитинзи и да подмачкате.

OUO6075,00044B8-A8-21DEC16

Придвижувани/погонски макари со променлива брзина за одделувачот (машини S760 и S770)



H120805—UN—13FEB17

Придвижувани макари / погонски макари

ЗАБЕЛЕШКА: На машините S770 опремени со опционални погонски макари со голем дијаметар, на фитингот МОРА да му се нанесува маст на секои 50 часа.

ВАЖНО: Управувачки и погонувани ременици на сепараторот со променлива брзина: Пумпајте 20 — 25 капки подмачкувач во наставката. НЕ СТАВАЈТЕ ПРЕМНОГУ ПОДМАЧКУВАЧ.


Придвижувани макари со променлива брзина на одделувач: Завртете ја макарата за да пристапите до фитингот.

ЗАБЕЛЕШКА: Стартувајте ја машината и менувајте го сепараторот низ целиот опсег на брзината неколку пати за рамномерна распределба на подмачкувачот.

Погонски макари со променлива брзина на одделувач: Зближете ги макарите (голема брзина) пред нанесување на маст на фитингот на средината од надворешната макара. Завртете го ременикот за да пристапите до наставката. Менувајте ја брзината на цилиндарот за да го распоредите подмачкувачот ако постојано се работи во висока брзина.

OUO6075,00045DB-A8-20MAR17

Табела за интервал на сервисирање—секои 250 часа




H119636—UN—14OCT16

Легенда	Сервисирање	На секои 250 работни часови
A	Замена на моторното масло и филтерот (ниво 2/фаза II) Замена на моторното масло и филтерот (кнечно ниво 4/фаза V)	•
B	Проверка на оддишник на резервоар за гориво	•
C	Проверка на оддишник на резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF) (конечно ниво 4/фаза V)	•


OUO6075,00047ED-A8-15NOV17

Моторно масло и филтер (ниво 2/фаза II)




H115672—UN—28AUG15

Стил A / Стил B



H115673—UN—28AUG15



H115674—UN—28AUG15

Стил А / Стил В

A—Капак
B—Филтер за маслото
C—Одвод
D—Шипка за мерење
E—Капак
F—Шипка за мерење

ВАЖНО: Променете го маслото на секои 100 работни часови ако се користи гориво со висока содржина сулфур. За повеќе информации за сооджината на Сулфур, погледнете го делот за гориво и подмачкувачи.

Наполнете го картерот со масло со сезонски вискозитет или со Torq-Gard™ (интервал на сервисирање на секои 250 работни часови). Ако користите John Deere Plus-50™ или Plus-50™ II моторно масло и John Deere филтер, сервисниот интервал може да биде продолжен за 50 проценти. Пример: 250 работни часови се продолжува на 375 работни часови.

1. **Стил А:** Картер на мотор со филтер за масло што се става од горе: Отстранете го капак (A) и отстранете го филтерот. Заменете го филтерот и поставете го капакот. Затегнете според спецификацијата.

Технички податоци (спецификации)

Капак на филтер за масло—Вртлив момент	40 N·m (30 lb·ft)


Стил В: Зафатнина на масло во моторниот картер: Извадете и заменете го филтерот за масло (B).

2. Отворете го испустот (C) за да го извадите маслото.
3. **Стил А:** Картер на мотор со филтер за масло што се става од горе: Извадете ја шипката за мерење (D) за да наполните и да го проверите нивото на масло после полнењето.

Стил В: Зафатнина на масло во моторниот картер: Отстранете го капачето (E) за да наполните и да го проверите маслото со шипката за мерење (F) после полнењето.


OUO6075,00044BA-A8-25JAN17

Моторно масло и филтер (Конечно ниво 4/Фаза V)




H115675—UN—28AUG15

Стил А / Стил В



H115673—UN—28AUG15



H115676—UN—28AUG15

A—Капак
B—Филтер на маслото
C—Одвод
D—Шипка за мерење

Torq-Gard е регистриран заштитен знак на Deere & Company
PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere и Company

ВАЖНО: Променете го маслото на секои 250 работни часови кога се користи друго моторно масло освен оние наведени во поглавјето Горива и подмачкувачи.

Променете го маслото на секои 400 работни часови кога се користи моторно масло John Deere Plus-50™ II и филтер John Deere. За понатамошни информации погледнете во делот за горива и подмачкувачи.

Моторите од Конечно ниво 4/фаза V бараат моторно масло Plus-50™ II или API CK-4, API CJ-4, ACEA E9, ACEA E6 сертифицирани масла.

Користете само дизел гориво со ултра ниска содржина на сулфур (ULSD) со максимална содржина на сулфур од 15 mg/kg (15 ppm).

1. **Стил А:** Картер на мотор со филтер за масло што се става од горе: Отстранете го капак (A) и отстранете го филтерот. Заменете го филтерот и поставете го капакот. Затегнете според спецификацијата.

Технички податоци (спецификации)


Капак на филтер за масло—Вртлив момент. . . . . 40 N·m (30 lb·ft)

Стил В: Зафатнина на масло во моторниот картер: Извадете и заменете го филтерот за масло (B).

2. Отворете го испустот (C) за да го извадите маслото.
3. Извадете ја шипката за мерење (D) за да наполните и да го проверите нивото на масло после полнењето.

OUO6075,00047EE-A8-13NOV17

Одушник на резервоарот за гориво




H125430—UN—04DEC18

A—Одушник на резервоарот за гориво

Визуелно проверете го оддишникот на резервоарот за гориво (A). Не дозволувајте остатоци да се собираат во одушникот. Отстранете го оддишникот од цревото и исчистете.

OUO6075,0004A5E-A8-04DEC18

Оддишник на резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF) (конечно ниво 4/фаза V)



H125431—UN—04DEC18


A—Оддишник на резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF)

Визуелно проверувајте го оддишникот на резервоарот (A) на течноста за издув на дизел моторот (DEF). Не дозволувајте остатоци да се собираат во одушникот. Отстранете го оддишникот од цревото и исчистете.

OUO6075,0004A5F-A8-04DEC18

PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere и Company

Табела за интервал на сервисирање—секои 400 часа




H119653—UN—17OCT16

Легенда	Сервисирање	На секои 400 работни часови
A	Чистење на филтер за предчистење на гориво	•
B	Проверете го одделувачот на вода (S780, S785 и S790 машини) Заменете го примарниот и секундарниот филтер за гориво	•
C, D, E	Подмачкување со маст на гонети/погонски макари на со променлива брзина (конечно ниво 4/фаза V S760 и S770 машини)	•
F	Подмачкување со маст на горно погонско куќиште на сврделот за празнење	•
G	Подмачкување со маст на лежиште на макара на погонска пумпа на хедер/ролна	•
H	Подмачкување со маст на жлебови на кардански зглоб на примарно помошно вратило (куќиште за достава без повеќе брзини)	•
I	Подмачкување со маст на горно погонско куќиште на вертикалниот сврдел за празнење (машини S780, S785, и S790)	•
J	Подмачкување со маст на лежиште на погонско вратило на сецкачот/делот за празнење	•
K	Подмачкување со маст на погонска макара со варијабилна брзина	•
L	Подмачкување со маст на лежиште на забрзувачот на достава	•

OUO6075,00047F1-A8-13NOV17

Филтер за предчистачот за гориво



H115657—UN—28AUG15


А—Филтер за предчистачот за гориво

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч пред да изведувате одржување на филтерот за гориво.

1. Затворете го вентилот за исклучување од резервоарот за гориво.
2. Отстранете го филтерот на предчистачот за гориво (А) и исчистете го ситото.
3. Инсталирајте екран и филтер. Отворете го вентилот за исклучување од резервоарот за гориво за да наполните. Погледнете одржување—Според потребното, за повеќе информаци делот за течности кај моторот и филтери.


OUO6075,0004428-A8-17JAN17

Одвојувач на вода



H119923—UN—02NOV16

Ниво 2/фаза II (Стил А / Стил В)



H119924—UN—02NOV16

Конечно ниво 4/Фаза V (стил А / стил В).

А—Одвод


Проверете го одделувачот на вода (А) дали има вода или кога ќе се генерира дијагностички код за грешка.

Отворете го испустот за да ја отстраните водата од одделувачот. Погледнете одржување—Според потребното, за повеќе информаци делот за течности кај моторот и филтери.

Отстранете го и задржете го сепараторот на вода.


OUO6075,00047F3-A8-13NOV17

Примарен и секундарен филтер за гориво



H119925—UN—02NOV16

Ниво 2/фаза II (Стил А / Стил В)



H119926—UN—02NOV16

Конечно ниво 4/Фаза V (стил А / стил В).

А—Главен филтер за гориво
В—Второстепен филтер за гориво

ВНИМАНИЕ: Течноста под високиот притисок во цевките за гориво може да предизвика сериозни повреди. Пред да ги одвојувате цевките за гориво, сензорите или кои било други компоненти помеѓу пумпата за гориво под висок притисок и прскалките кај мотори со систем за вбризгување гориво под висок притисок Common Rail (HPCR), почекајте најмалку 15 минути откако моторот ќе престане со работа.

ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч пред да изведувате одржување на филтерот за гориво.

1. Примарен филтер за гориво:

a. Затворете го вентилот за исклучување од резервоарот за гориво.

b. Отстранете го и заменете го примарниот филтер за гориво (A) кога е забележано опаѓање на перформансите или се јавува дијагностички код на грешка.

c. Откачете го сензорот за вода (ако има во опремата)

d. Извадете го горивото од филтерот и одложете го.

e. Поставете го резервниот примарен филтер за гориво.

f. Отворете го вентилот за исклучување од резервоарот за гориво, и свртете го контактниот клуч во ВКЛУЧЕНА положба за почетно полнење на системот за гориво. Погледнете одржување—Според потребното, за повеќе информаци делот за течности кај моторот и филтери.

2. Второстепен филтер за гориво:

a. Затворете го вентилот за исклучување од резервоарот за гориво.

b. Отстранете и заменете го второстепениот филтер за гориво (B) кога се забележува намалување на перформансите или кога ќе се генерира дијагностички код за грешка.


c. Извадете го горивото од филтерот и одложете го.

d. Поставете го резервниот второстепен филтер за гориво.


e. Отворете го вентилот за исклучување од резервоарот за гориво, и свртете го контактниот клуч во ВКЛУЧЕНА положба за почетно полнење на системот за гориво. Погледнете одржување—Според потребното, за повеќе информаци делот за течности кај моторот и филтери.

OUO6075,00047F5-A8-13NOV17

Придвижувани/погонски макари со променлива брзина (Конечно ниво 4/ фаза V) (S760 и S770 машини)



H115710—UN—31AUG15



H115711—UN—31AUG15

A—Завртка за испуштање
B—Управувачки ременик
C—Погонуван ременик

ЗАБЕЛЕШКА: Испусниот вентил на погонот со променлива брзина и макарите се достапни со отварање на пристапниот капак за одделувачот.

1. Испусен вентил на погон со променлива брзина - олабавете ја завртката за испуст (A) за да го ослободите притисокот од макарите.

ВАЖНО: Внатрешниот управувачки ременик мора да биде целосно повлечен за да се добие соодветно количество на подмачкување.

Опсегот на движење на ременикот може да биде нарушен ако ремениците не се целосно одвоени.

2. Погонска макара со променлива брзина - најдете го фитингот за подмачкување со маст на погонската макара (B). Повлечете ја погонската макара накај моторот се додека да се отвори потполно. Подмачкајте ја наставката со 10—12 пумпања. Вишокот на маст се чисти од предната страна на погонската макара.

ВАЖНО: Погонуваните ременици мора да бидат целосно затворени за да се добие соодветно количество на подмачкување.

Опсегот на движење на ременикот може да биде нарушен ако ремениците не се целосно затворени.

3. Придвижувана макара со променлива брзина - најдете го фитингот за подмачкување со маст на придвижуваната макара (C). Притиснете ги заедно погонуваните ременици додека тие не бидат целосно затворени. Подмачкајте ја наставката со 10—12 пумпања. Вишокот на маст се чисти од предната страна на гонетата макара.


   Стегнете ја испусната завртка и навртка на вентилот според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртка за испуштање и навртка—Вртлив момент. . . . . 23 N·m (17 lb·ft)

OUO6075,00047F6-A8-13NOV17

Горно погонско куќиште на сврделот за празнење




H115712—UN—31AUG15

Подмачкајте го со маст фитингот.

OUO6075,000468D-A8-28MAR17

Лежиште на макара на погонска пумпа на хедер/ролна



H115713—UN—31AUG15

Подмачкајте го со маст фитингот.

OUO6075,000468E-A8-20MAR17

Жлебови на кардански зглоб на примарно помошно вратило (куќиште за достава без повеќе брзини)




H115714—UN—31AUG15

ЗАБЕЛЕШКА: Машините опремени со погон на доставната комора со повеќе брзини имаат пет наставки за подмачкување.

Завртете за да пристапите до фитингот и подмачкајте.

OUO6075,000442F-A8-17JAN17

Горно погонско куќиште на вертикалниот сврдел за празнење (машини S780, S785, и S790)




H115715—UN—31AUG15

ВАЖНО: Пумпајте 10 капки подмачкувач во наставката.

Подмачкајте го со маст фитингот.

OUO6075,000468F-A8-28MAR17

Лежиште на погонско вратило на сецкачот/делот за празнење




H115716—UN—31AUG15

Стил A / Стил B

Завртете ја макарата за да пристапите до фитингот од долната страна на жлебот на макарата и подмачкајте го со маст фитингот.

OUO6075,0004690-A8-20MAR17

Погонска макара со променлива брзина



H122949—UN—18DEC17

Погонски макари (мал дијаметар) / погонски макари (голем дијаметар)


A—Чеп на цевка

ВАЖНО: Отстранете го чепот на цевката и поставете ја наставката за подмачкување. Пумпајте 40 — 45 капки подмачкувач во наставката. НЕ СТАВАЈТЕ ПРЕМНОГУ ПОДМАЧКУВАЧ. Отстранете ја наставката за подмачкување и повторно поставете го чепот на цевката.

1. Зближете ги макарите (голема брзина) пред нанесување на маст на приклучокот на цевката на средината од надворешната макара.
2. Завртете го ременикот за пристап до чепот на цевката.
3. Менувајте ја брзината на цилиндарот за да го распоредите подмачкувачот ако постојано се работи во висока брзина.

OUO6075,0004862-A8-18DEC17

Лежишта на забрзувачот на достава



H123176—UN—26JAN18

Лева страна / десна страна

Завртете ги макарите за да пристапите и да ги подмачкате фитинзите.

OUO6075,000488A-A8-26JAN18

Табела со сервисен интервал—На секои 400 часа (продолжеток)




H119654—UN—17OCT16

Легенда	Сервисирање	На секои 400 работни часови
A	Подмачкување со маст на пролизгувачко погонско квачило на сврделот за остатоци (машини S760 и S770)	•
B	Подмачкување со маст на пролизгувачко погонско квачило на сврделот за пренесување	•
C	Подмачкување со маст на десните места за подмачкување	•
D	Подмачкување со маст на лежиштата на префрлачката тупалка (опција) (S770, S780, S785, и S790 машини)	•
E	Подмачкување со маст на лежиштата на тупалката за празнење	•
F	Подмачкување со маст на лежишта на вратило кај прочистувачкиот вентилатор	•
G	Подмачкување со маст на задно осовинска водилка	•
H	Подмачкување со маст на дискови на распространувач (ако има во опрема)	•
I	Проверка на масло во куќиштето за пренос на префрлачката тупалка (опција) (S770, S780, S785, и S790 машини)	•
J	Проверка на масло во погонот на одделувачот	•
K	Проверка на масло во завршен погон	•

OUO6075,00049BA-A8-30MAY18

Пролизгувачко погонско квачило на сврделот за остатоци на плева (машини S760 и S770)




H115720—UN—31AUG15

ВАЖНО: Не ставајте премногу подмачкувач.

Завртете го склопот на макарата за да пристапите до фитингот.

OUO6075,0004433-A8-17JAN17

Пролизгувачко погонско квачило на сврделот за пренесување




H115721—UN—31AUG15

ВАЖНО: Не ставајте премногу подмачкувач.

Завртете го склопот на макарата за да пристапите до фитингот.

OUO6075,0004434-A8-17JAN17

Десни места за подмачкување




H115722—UN—31AUG15

A—Лежиште на главното меѓупреносно вратило
B—Лежиште на сепараторот

Подмачкајте ги фитинзите за да го подмачкате лежиштето на примарното помошно вратило (A) и лежиштето на оделувачот (B).

OUO6075,0004435-A8-17JAN17

Лежишта на префрлачката тупалка (опција) (S770, S680, S785, и S790 машини)




H123397—UN—09FEB18

Подмачкајте го фитингот со маст (двете страни).

OUO6075,00048A7-A8-09FEB18

Лежишта на тупалката за празнење



H115724—UN—31AUG15

Подмачкајте го фитингот со маст (двете страни).

OUO6075,0004693-A8-21MAR17

Лежишта на вратило на прочистувачкиот вентилатор



H123398—UN—09FEB18

Подмачкајте го фитингот со маст (двете страни).

OUO6075,00048A8-A8-09FEB18

Водилка на задна осовина




H115726—UN—31AUG15

Подмачкајте го фитингот со маст (двете страни) на зглобовите од управувачките водилки.

OUO6075,0004695-A8-21MAR17

Диск на распространувач (ако е опремено)




H115727—UN—31AUG15

Подмачкајте го фитингот со маст (двете страни) за да спречите кородирање на средишните делови на вратилата.

OUO6075,0004696-A8-21MAR17

Масло во куќиштето за пренос на префрлачката тупалка (опција) (S770, S780, S785, и S790 машини)



H115728—UN—31AUG15

A—Чеп

Отстранете го чепот (A) и проверете го нивото на маслото. Додадете масло по потреба.

OUO6075,00046D6-A8-28MAR17

Масло во погон на одделувачот




H115729—UN—31AUG15

A—Шипка за мерење

Извадете ја шипката за мерење (A) и проверете го нивото на маслото. Нивото на масло треба да биде помеѓу жлебовите на шипката за мерење. Додадете масло по потреба.

OUO6075,000443C-A8-17JAN17

Масло во завршен погон



H124880—UN—09AUG18

Конфигурација HillMaster™ со единечна гума (лево) / Конфигурација со дупла гума (десно)

A—Чеп

ВАЖНО: HillMaster™ Машини: Кога го проверувате нивото на маслото на крајниот погон, предупредете ги другите лица да бидат подалеку од машината додека вршите порамнување.


ЗАБЕЛЕШКА: Машини HillMaster™: За точност на нивото на маслото, завршните погони мора да бидат позиционирани така да влезното вратило на завршниот погон е на исто ниво како нивото на осовината на погонското вратило.

Отстранете го чепот (A) и проверете го нивото на маслото (од двете страни). Маслото треба да биде во рамките на 12 mm (1/2 in) од дното на отворот. Додадете масло по потреба.

OUO6075,0004A17-A8-15AUG18

HillMaster е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Табела со сервисни интервали - на секои 400 часа (продолжеток)




H132992—UN—19JAN21

Легенда	Сервисирање	Секои 400 работни часови
A	Проверете масло за пренос (S760 и S770 не-ProDrive™ машини) Потврдете ја должината на сајлите кај цилиндарот на паркирната сопирачка (Машини S760 и S770 со менувач преку притискање на копче)	•
B	Сервис/чистење на акумулатори	•
C	Замена на хидраулички/хидростатички филтер (машини S760 и S770)	•
D	Замена на хидростатички филтер за полнење (машини S760 и S770 што не се ProDrive™) Замена на хидростатички филтер за полнење (ProDrive™ машини S760 и S770)	•
E	Замена на хидростатички филтер за полнење (S780, S785, и S790 ProDrive™ машини Замена на главен филтер на куќиштето за пренос (машини S760 и S770 што не се ProDrive™) Замена на главен филтер на куќиштето за пренос (ProDrive™ машини S760 и S770)	•
F	Проверка на воздушен филтер за заштита на моторот од нечистотија (конечно ниво 4/фаза V)	•
G	Проверка/полнење/замена на противпожарни апарати	•
H	Проверка на масло во куќиште за пренос на примарно помошно вратило (погонско куќиште за достава со постојана брзина и променлива брзина)	•
I	Проверка на флуид кај сопирачки (машини S760 и S770 што не се ProDrive™)	•

ProDrive е заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,0004FC8-A8-19JAN21

Масло за пренос (S760 и S770 Non-ProDrive™ машини)



H115752—UN—02SEP15

Механичко менување брзина / менување брзина со притискање на копче


A—Чеп

Отстранете го чепот (A) и проверете го нивото на маслото.

Додадете масло според потребното во рамките на 12 mm (1/2 in) од дното на отворот.

OUO6075,000443F-A8-17JAN17

Сајли за цилиндарот на паркирната сопирачка (Машини S760 и S770 со менувач преку притискање на копче)



H115764—UN—02SEP15

A—Растојание
B—Куќиште на придвижувачот
C—Стабилизатор

ЗАБЕЛЕШКА: Активирајте ја паркинг сопирачката (Продолжен клип—напрегната пружина).

Измерете и потврдете дека растојанието (A) од куќиштето на придвижувачот (B) до балансерот (C) од двете страни е во рамки на спецификациите.

Технички податоци (спецификации)


Кабел на сопирачката за паркирање—Вртлив момент. . . . . 37-1/2 ± 2-1/2 мм (1-31/64 ± 3/32 in)

ВНИМАНИЕ: Каблите на цилиндарот на сопирачките за паркирање се под огромен притисок. Каблите МОРА да бидат нагодени од страна на Вашиот трговец со John Deere опрема.

Ако е потребно прилагодување на сајлите, видете го вашиот трговец со John Deere опремата.

OUO6075,0004440-A8-17JAN17

Акумулатори



H125572—UN—22JAN19

Стил A / Стил B

ЗАБЕЛЕШКА: Акумулаторите се од десната страна или од лева страна зависно од моделот на машината.

1. Исчистете го горниот дел на акумулаторот и проверете го нивото во секоја од келиите.
2. Наполнете го дното на грлото за полнење со дестилирана вода, ако е потребно.
3. Исчистете ги приклучоците на акумулаторот, каблите и затегнете ги приклучоците, ако е потребно.

OUO6075,0004A99-A8-11JAN19

Хидрауличен/хидростатски филтер (S760 и S770 машини)



H115753—UN—02SEP15


А—Филтер

ЗАБЕЛЕШКА: Не е неопходно да го испуштате системот кога ги заменувате филтрите.

1. Извадете и заменете го филтерот (А).
2. Премачкајте ја заптивката на новиот филтер со масло.
3. Поставете го филтерот. Затегнете со рака, а потоа затегнете за уште 1/2 круг.


OUO6075,0004E01-A8-13APR20

Филтер на хидростатичко полнење



H121740—UN—12JUN17

Стил А / Стил В



H121741—UN—12JUN17

Стил С

А—Филтер

ЗАБЕЛЕШКА: Зависно од машинската конфигурација, стилот и местото на хидростатскиот филтер за полнење варира.

Не е неопходно да го испуштате системот кога ги заменувате филтрите.

1. Отстранете го филтерот (А).
2. Заменете го филтерот и премачкајте ја новата заптивка со масло.
3. **Стил А и Стил В:** Стегнете го рачно, потоа стегнете го според спецификациите.


Технички податоци (спецификации)

Филтер на хидростатичко полнење—Вртлив момент. . . . . 45 N·m (33 lb·ft)

Стил С: Затегнете со рака, а потоа затегнете за уште 1/2 круг.

OUO6075,0004E02-A8-26JUN20

Главен филтер на куќиштето за пренос



H115762—UN—02SEP15

А—Филтер


ЗАБЕЛЕШКА: Зависно од машинската конфигурација, главниот филтер на куќиштето за пренос се наоѓа на различни места кај моторот. Погледнете ја табелата со сервисни интервали—На секои 400 часа (продолжеток) за повеќе информации.

Не е неопходно да го испуштате системот кога ги заменувате филтрите.

1. Извадете и заменете го филтерот (A).
2. Премачкајте ја новата заптивка на филтерот со масло.
3. Филтерот инсталирајте го со рачно затегнување, потоа затегнете за уште 1/2 од кругот на завртување.

OUO6075,00046D8-A8-28MAR17

Воздушен филтер за заштита на моторот од нечистотија (Конечно ниво 4/фаза V)




H115760—UN—02SEP15

ВАЖНО: Кога на екранот ќе се појави индикаторот за затнат филтер за воздух, сервисирајте го примарниот филтер.

Проверете го безбедносниот филтер од затнување.

OUO6075,00047F9-A8-15NOV17

Противпожарни апарати



H123657—UN—02MAR18

ВНИМАНИЕ: Проверувајте ги лентите на противпожарниот апарат и монтираниот хардвер најмалку еднаш годишно. Ако системот на лентите на противпожарниот апарат или монатажниот хардвер покажуваат било какви знаци на оштетувања или невообичаена износеност, избледеност или абразија, целиот склоп на лентата и хардверот треба да се замени веднаш. За ваша безбедност, заменете ги компонентите на противпожарниот апарат само со делови за замена што се одобрени за вашата машина. Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Проверете ги противпожарните апарати (напред и назад) според следниве препораки за одржување на етикетата на противпожарниот апарат.

Наполнете или заменете ако е потребно.

OUO6075,000490D-A8-02MAR18

Масло во куќиште за пренос на примарно помошно вратило (погонско куќиште за достава со постојана брзина и променлива брзина)



H115761—UN—02SEP15


A—Шипка за мерење

Проверете го нивото на масло во куќиштето на

пренос кај примарното помошно вратило со шипката за мерење на масло (A). Додадете масло по потреба.

OUO6075,00046D9-A8-29MAR17

Течност за сопирачки (машини S760 и S770 што не се ProDrive™)



H115754—UN—02SEP15

A—Капак на резервоарот


1. Погледнете низ капачето на резервоарот (A) и проверете ја течноста за сопирачките.

ЗАБЕЛЕШКА: Не дозволувајте да навлезе прашина во течноста за сопирачките.

2. Додадете од флуидот за сопирачки до 6 mm (1/4 in) од врвот.

OUO6075,0004449-A8-16JAN17

Табела со сервисни интервали - на секои 400 часа (продолжеток)



H134411—UN—17MAY21

Легенда	Сервисирање	Секои 400 работни часови
A	Проверка на сигурносните појаси	•
B	Филтер за подмачкувач во ProDrive™/главното погонско куќиште (ProDrive™ машини S760 и S770) Филтер за подмачкувач во ProDrive™/главното погонско куќиште (ProDrive™ машини S780, S785 и S790)	•
C	Подмачкување на пролизгувачко квачило на куќиштето за достава	•
D	Затегнување на електромагнетската навртка на квачилото на хедерот (куќиште за достава со постојана брзина и променлива брзина)	•
E	Чистење на погонско куќиште на повеќе-брзинско куќиште за достава (S770, S780, S785, и S790 машини)	•
F	Проверка на масло во погонското куќиште на сврделот за полнење	•
G	Замена на оддишник на резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF) (конечно ниво 4/фаза V) Замена на оддишник на резервоар за гориво	•
H	Проверка на елементи на филтер за воздух	•
I	Чистење на сензор за влажност (ако има во опрема) Исчистете го сврделот за заобиколување на сензорот за влага (по потреба) Чистење на камерата ActiveVision™ кај лифтот за чисто жито (ако има во опрема) Замена на заштитниот дел на камерата ActiveVision™ за чисто жито, кај лифтот (ако има во опрема)[a]	•
J	Чистење на сврделот за заобиколување на сензорот за влага (по потреба) Чистење на камерата ActiveVision™ кај системот за остатоци од плева (ако има во опрема) Замена на заштитниот дел на камерата ActiveVision™ кај системот за остатоци од плева (ако ја има)[a]	•

ActiveVision е заштитна марка на Deere & Company
[a]Ако сезоната на жнеење е завршена, почекајте до почетокот на следната сезона на жнеење за да го продолжите работниот век на заштитниот дел на камерата.

OUO6075,0004FC9-A8-18MAY21

Сигурносните појаси




H115757—UN—02SEP15

ВНИМАНИЕ: Проверете ги безбедносниот ремен и машинските делови за монтирање најмалку еднаш годишно. Ако системот на сигурносниот појас, вклучително монатажниот хардвер, токата, појасот или повлекувачкиот дел покажуваат било какви знаци на оштетувања или невообичаена износеност, избледеност или абразија, целиот сигурносен појас треба да се замени веднаш. Заради Ваша безбедност, заменете го системот на безбедносниот ремен само со резервни делови одобрени за Вашата машина. Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Проверете го безбедносниот ремен од оштетување.

OUO6075,0004698-A8-21MAR17

Филтер за подмачкувач во ProDrive™/ главното погонско куќиште (ProDrive™ машини)



H115763—UN—02SEP15


A—Филтер

ЗАБЕЛЕШКА: Не е неопходно да го испуштате системот кога ги заменувате филтрите.

1. Извадете и заменете го филтерот (A).
2. Премачкајте ја новата заптивка на филтерот со масло.
3. Филтерот инсталирајте го со рачно затегнување, потоа затегнете за уште 1/2 од кругот на завртување.

OUO6075,00046DA-A8-28MAR17

Лизгачка спојка на куќиштето за достава




H115747—UN—01SEP15

Нанесете маст на фитинзите на горното пролизгувачко квачило на куќиштето за достава, се до присилно излегување на мастта од заптивката.

OUO6075,000444C-A8-16JAN17

Електромагнетска навртка на квачилото на хедерот (куќиште за достава со постојана брзина и променлива брзина)



H134413—UN—17MAY21

A—Електромагнетска навртка на квачило на хедер


Затегнете ја електромагнетската навртка на квачилото на хедерот (A) според спецификацијата.

Технички податоци (спецификации)

Електромагнетска навртка на квачило на хедер—Вртлив момент	328 N·m (242 lb·ft)

OUO6075,0005144-A8-18MAY21

Погонско куќиште на повеќе-брзинско куќиште за достава (машини S770, S780, S785, и S790)




H125585—UN—17JAN19

ВНИМАНИЕ: Нечистотијата, маслото, плевата и остатоците од посев во оваа област претставуваат опасност за опожарување. Насоката на ветерот, видот на посевот и влажноста на културата, сето тоа може да влијае каде и колку од плевелот и други остатоци ќе се насоберат. Не чистете ја површината додека моторот работи.

1. Отстранете рафтот за складирање (ако има во опрема) од предната страна на резервоарот со жито.
2. Отстранете ја пристапната врата од предната страна на резервоарот со жито.
3. Исчистете го материјалот околу повеќе-брзинското погонско куќиште на куќиштето за достава.
4. Поставете ја пристапната врата и рафтот за складирање (ако има во опрема).

OUO6075,0004E94-A8-17JUN20

Масло во погонското куќиште за сврделот за полнење



H123565—UN—22FEB18


A—Шипка за мерење

ЗАБЕЛЕШКА: Погонското куќиште на сврделот за полнење нема потреба од дренажа.

Проверете го нивото на масло со шипката (A) и додадете масло според потребата.

OUO6075,00048BF-A8-22FEB18

Оддишник на резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF) (конечно ниво 4/фаза V)




H125431—UN—04DEC18

A—Оддишник на резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF)

Извадете го и заменете го оддишникот на резервоарот (A) на течноста за издув на дизел моторот (DEF).

OUO6075,0004A60-A8-04DEC18

Одушник на резервоарот за гориво




H125430—UN—04DEC18

A—Одушник

Извадете го и заменете го оддишникот на резервоарот за гориво (A).

OUO6075,0004A61-A8-04DEC18

Елементи на воздушен филтер



H115759—UN—02SEP15


ВАЖНО: Кога на екранот ќе се појави индикаторот за затнат филтер за воздух за моторот, сервисирајте го примарниот воздушен филтер.


Проверете го безбедносниот филтер од затнување.

Проверете од истекувања и од свиткувања на цевката на аспираторот.

OUO6075,0004451-A8-16JAN17

Сензорот за влага (ако е вградено)





H125315—UN—06NOV18

A—Сензор за влажност

ВАЖНО: Статичниот електрицитет може да го оштети модулот на сензорот за влажност. За да избегнете оштетување, осигурете дека секогаш ја допирате металната површина на машината со најмалку една дланка или рака пред да работите или да чистите.

Сензорот за влажност има внатрешни компоненти кои може да се олабават ако се испушти од раце и падне, што може не биде веднаш забележливо. Внимателно ракувајте со сензорот за влажност кога работите со него или го чистите.


Отстранете и исчистете го сензор отза влажност (A) кога работите во плевел, зелени култури или со ситни култури(канола).

- Не користете растворувачи или други средства за чистење кај лицето на сензорот.
- Се препорачува чистење со сува крпа. Ако тоа не е доволно, тогаш избришете го само со крпа и вода.
- Не мијте го под притисок лицето на сензорот за влажност.

Поставете го сензорот за влажност и направете калибрација на сензорот за влажност. За повеќе информации погледнете за помош кај апликациите за калибрација или помош кај операторската станица.

OUO6075,000513D-A8-14MAY21

Сврдел за заобиколување на сензорот за влага (по потреба)



H132959—UN—18JAN21


A—Клин (се користат 2)
B—Крајно капаче
C—Сврдел

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСЕТЕ го моторот, активирајте ја паркирната сопирачка и извадете го клучот.

1. Извадете ги клиновите (A) и крајното капаче и (B).
2. Извадете го сврделот (C) од заобиколувањето на сензорот за влага.
3. Исчистете го сврделот и површината во заобиколувањето на сензорот за влага.
4. Поставете и порамнете го сврделот.
5. Поставете го крајнот капаче и затегнете го со клинови.

OUO6075,0004FBB-A8-18JAN21

Камера кај лифтот за чисто жито ActiveVision™ (ако има во опрема)



H125313—UN—06NOV18


A—Камера кај лифтот за чисто жито ActiveVision™

ЗАБЕЛЕШКА: Честотата на чистење зависи од бројни фактори, вклучително работни услови, времето и условите на културата. Леќите на камерата чистете ги со мека, чиста и навлажнета крпа.

Отворете го резето и исчистете ја ActiveVision™ камерата (A) кај лифтот за чисто жито.


OUO6075,0004FC3-A8-27APR21

Сврдел за заобиколување на сензорот за остатоци од плева (по потреба)



H132960—UN—18JAN21

Стил A



H132961—UN—19JAN21

Стил B


A—Клин (се користат 2)
B—Крајно капаче
C—Сврдел

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСЕТЕ го моторот, активирајте ја паркирната сопирачка и извадете го клучот.

1. Извадете ги клиновите (A) и крајното капаче и (B).
2. Извадете го сврделот (C) од заобиколувањето на сензорот за влага.
3. Исчистете го сврделот и површината во заобиколувањето на сензорот за влага.
4. Поставете и порамнете го сврделот.
5. Поставете го крајнот капаче и затегнете го со клинови.

OUO6075,0004FC4-A8-19JAN21

Камера ActiveVision™ кај системот за остатоци на плева (ако има во опрема)



H119876—UN—01NOV16

Стил A / Стил B

A—Камера ActiveVision™ кај системот за остатоци на плева


ActiveVision е заштитна марка на Deere & Company

ЗАБЕЛЕШКА: Честотата на чистење зависи од бројни фактори, вклучително работни услови, времето и условите на културата. Леќите на камерата чистете ги со мека, чиста и навлажнета крпа.

Отворете го резето и исчистете ја ActiveVision™ камерата (A) кај системот за отпадоци на плева.

OUO6075,0004FC5-A8-27APR21

Заштитен дел на камерата ActiveVision™ (ако има во опрема)



H130473—UN—09JUN20

A—Завртка со глава (употребени се 2)
B—Прицврстна рамка

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.


ВАЖНО: Материјалот од културата и друг отпад може да се наталожува околу заштитниот дел на камерата. Проверете и исчистете ја областа околу заштитниот дел пред да ги извадите.

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажана е камерата ActiveVision™ кај лифтот за чисто жито. Камерата ActiveVision™ кај системот за остатоци на плева е слична на оваа.

Заменете го заштитниот дел по потреба - кога е видливо насобирање на влажност во внатрешниот дел на леќите на камерата.

Ако сезоната на жнеење е завршена, почекајте до почетокот на следната сезона на жнеење за да го продолжите работниот век на заштитниот дел на камерата.


1. Отстранете ги завртките (A) и прицврстната плоча (B).



H130389—UN—21MAY20

A—Заштитна кутија (алатка)
B—Прорез
C—Заштитен дел

2. Порамнете ја заштитната кутија (A) која е доставена со заштитниот дел со засекот (B).
3. Извадете го заштитниот дел (C) од ActiveVision™ камерата.
4. Фрлете го заштитниот дел.



H130390—UN—01JUN20

Заштитна кутија (алатка) и заштитен дел

A—Заштитна кутија (алатка)
B—Заштитен дел

5. Извадете ја заштитната кутија (A) од резервниот заштитен дел (B).
6. Ставете го заштитниот дел во камерата ActiveVision™.
7. Порамнете ја заштитната алатка со засекот.
8. Затегнете го заштитниот дел со рака додека не е доволно цврст.

ActiveVision е заштитна марка на Deere & Company

ЗАБЕЛЕШКА: Уверете се дека прицврстната плоча одговара на шестоаголната форма на заштитниот дел.


9. Поставете ја прицврстната плоча врз заштитниот дел и затегнете ја со завртките.
10. Затегнете ги завртките согласно спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент. . . . . 6,8 N·m (60 lb·in)

OUO6075,0004E5D-A8-26JUN20

Табела за интервал на сервисирање—секои 800 часа




H119640—UN—13OCT16

Легенда	Сервисирање	На секои 800 работни часови
A	Промена на масло во механизмот за рикверц на куќиштето за достава	•


OUO6075,00046DD-A8-28MAR17

Погонско куќиште за рикверц на куќиштето за достава



H115801—UN—03SEP15

Погонско куќиште за рикверц со променлива брзина / повеќе-брзински



H115802—UN—03SEP15

Фиксна брзина

A—Чеп
B—Шипка за мерење

1. Подигнете ја доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник.

ЗАБЕЛЕШКА: Погледнете во делот за горива и подмачкувачи за препораки во врска со маслото.

2. Испуштете го маслото кај чепот (A), избришете го чепот и дополнете преку отворот за шипката за мерење (B).


ЗАБЕЛЕШКА: Погонските куќишта со ладилник за масло бараат погонскиот механизам да работи неколку минути. Ова овозможува ладилникот да се наполни со масло.

Нивото на маслото мора да се покаже на закривениот дел од шипката за мерење.

3. Проверете го нивото на масло со подигнато куќиште за достава.

OUO6075,00046DE-A8-28MAR17

Табела за интервал на сервисирање—секои 1000 часа (ProDrive™ машини)




H119641—UN—13OCT16


Легенда	Сервисирање	На секои 1000 работни часови
A, B, C, D, E	Промена на масло на главното моторно погонско куќиште	•
F	Замена на филтер кај резервоарот за хидраулика (машини S780, S785, и S790)	•

OUO6075,00046DF-A8-28MAR17


Промена на масло на главното моторно погонско куќиште



H115805—UN—03SEP15



H119733—UN—27OCT16



H115807—UN—03SEP15

A—Чепови

B—Филтер
C—Чеп
D—Филтер
E—Шипка за мерење


1. Масло на главно моторно погонско куќиште - испуштете го маслото преку чеповите (A).
2. **S760 и S770 ProDrive™ машини:** Извадете и заменете го филтерот (B). Премачкајте ја заптивката на новиот филтер со масло. Затегнете со рака, а потоа затегнете за уште 1/2 круг.
3. **Машини ProDrive™:** Масло на преносот - испуштете го маслото преку чепот (C).
4. ProDrive™/Филтер за подмачкувач во главното погонско куќиште - извадете го и заменете го филтерот (D). Премачкајте ја заптивката на филтерот со масло. Затегнете со рака, а потоа затегнете за уште 1/2 круг.

ЗАБЕЛЕШКА: Преполнувањето на главното моторно погонско куќиште може маслото да ја принуди цевката на шипката за мерење да излезе надвор додека моторот работи.

5. **Полнење на главното моторно погонско куќиште**
   1. Полнете се додека маслото да биде на долната линија на шипката за мерење на ниво (E).
   2. Поставете ја шипката за мерење и нека моторот работи најмалку 1 минута.
   3. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот и оставете машината да одмори 5 минути овозможувајќи воздухот да се стабилизира од маслото.
   4. Извадете ја шипката за мерење и проверете го нивото на маслото. Додавајте масло се додека нивото на масло биде на горната линија на шипката за мерење.
   5. Повторете ги постапките се додека нивото на масло остане на горната линија на шипката за мерење.

OUO6075,0004940-A8-12APR18

филтер за хидрауличен резервоар (S780, S785 и S790)



H115808—UN—03SEP15

A—Приклучок за кабелски сноп
B—Сензор
C—Завртки со глава
D—Капак на филтерот

ЗАБЕЛЕШКА: Исчистете го местото околу капачето на филтерот пред да го отстраните за да спречите загадување на системот. Не е неопходно да го испуштате системот кога го заменувате филтерот.

Филтер на хидрауличниот резервоар - Отстранете го и заменете го филтерот кога е забележано опаѓање на перформансите или се јавува дијагностички код на грешка.

1. Одвојте го приклучокот на кабелскиот сноп (A) од сензорот (B).

ВНИМАНИЕ: Отстранете ги подеднакво завртките за да го ослободите притисокот на пружината од капакот на филтерот.

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете и заменете го заптивниот прстен под капакот на филтерот според потребното.

2. Извадете ги и задржете ги завртките со глава (C) и капакот на филтерот (D).
3. Отстранете и сочувајте ја пружината на врвот на филтерот.
4. Отстранете и фрлете го филтерот.
5. Поставете го резервниот филтер како што е прикажано со претходно изваденатa пружина.
6. Поставете ги претходно отстранетиот капак на филтерот.
7. Употребете го капакот на филтерот за да ја компресирате пружината и поставете ги претходно извадените завртки со глава.

ВАЖНО: Осигурете дека О-прстенот е на своето место пред да го поставите капакот на филтерот.

ProDrive е заштитен знак на Deere & Company

8. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.


Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент. . . . . 7 N·m (62 lb·in)

9. Поврзете го кабелскиот сноп со сензорот.

OUO6075,00044C6-A8-22DEC16

Табела со сервисни интервали - на секои 1000 часа (продолжеток)




H133703—UN—16MAR21

Легенда	Сервисирање	Секои 1000 работни часови
A	Замена на течност за сопирачки (машини S760 и S770) (доколку се опремени со трибрзински механички менувач и менувач со копче [PBST])	•

OUO6075,000503C-A8-14MAY21

Менување на течноста за сопирачки (машини S760 и S770)




H100469—UN—25FEB11

A—Капаче

ЗАБЕЛЕШКА: Доколку машините се опремени со трибрзински механички менувач и менувач со копче.

1. Извадете го капачето (A) од резервоарот за течност за сопирачки.



H103105—UN—23AUG11

A—Испусна завртка (цилиндар на десно тркало)
B—Испусна завртка (цилиндар на лево тркало)

ВАЖНО: За да избегнете оштетување на фарбаните површини, инсталирајте цевки на испусните завртки.

2. Инсталирајте цевки на испусните завртки на цилиндарот на тркалото (A и B).
3. За да ја отстраните течноста за сопирачки од цревата на сопирачките, притиснете ги педалите на сопирачките полека до подот.
4. Оставете течноста за сопирачки да се испушти во соодветен сад.

5. Затворете ги испусните завртки од цилиндарот на тркалото кога ќе се испушти течноста за сопирачки.

ЗАБЕЛЕШКА: Потребни се две лица за испуштање на сопирачките. Едното лице мора да ги пумпа сопирачките и да го наполни резервоарот, додека другото лице ги отвора и затвора испусните завртки за да ги испушти сопирачките.

Користете само чиста течност за сопирачки TY26180 или DOT 4.

6. Полнете го резервоарот за течност за сопирачки по потреба.
7. Капачето на резервоарот поставете го лабаво за да избегнете создавање вакуум за време на постапката на испуштање.
8. Заклучете ги заедно сопирачките педали.
9. Олабавете ја испусната завртка на цилиндарот на левото тркало со вртење 1/4 од круг.

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете ја течноста во резервоарот за сопирачки и дополнете колку што е потребно за време на постапката за испуштање.

10. Со педалите на сопирачките сè уште заклучени заедно, полека притиснете до подот, затегнете ја испусната завртка и полека ослободете ги педалите на сопирачките. Повторувајте сè додека не има целосен проток на течност без воздушни меури.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако системот бил делумно исполнет пред да започне постапката за испуштање, може да се појави стабилен, јасен проток на течност по неколку почетни потези. Ако има воздух во или во близина на цилиндарот на тркалото, потребни се неколку потези за придвижување на воздухот низ цревата и негово вадење низ испусната завртка.

11. Затворете ја испусната завртка на цилиндарот на левото тркало.
12. Одблокирајте ги педалите на сопирачките.
13. Олабавете ја испусната завртка на цилиндарот на десното тркало со вртење 1/4 од круг.

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете ја течноста во резервоарот за сопирачки и дополнете колку што е потребно за време на постапката за испуштање.

14. Полека притиснете ја десната сопирачка педала, затегнете ја испусната завртка и полека ослободете ја сопирачката педала. Повторувајте сè додека не има целосен проток на течност без воздушни меури.
15. Затворете ја испусната завртка на цилиндарот на десното тркало.
16. Извадете ги цевките од испусните завртки на цилиндарите на тркалата.
17. Затегнете ги двете испусни завртки според спецификацијата.

Технички податоци (спецификации)

Испусни завртки на цилиндар на тркало—Вртлив момент	12 N·m (106 lb·in)

ЗАБЕЛЕШКА: Додајте течност за сопирачки до 6 mm (1/4 in) од врвот.

18. Проверете дали е исправно наполнет резервоарот за течност за сопирачки.
19. Инсталирајте го капачето на резервоарот за течност за сопирачките.
20. Проверете дали има протекување во системот за сопирање и проверете дали секоја педала дава солидно цврсто чувство.

OUO6075,000503D-A8-14MAY21

Табела за интервал на сервисирање—секои 2000 часа



H119642—UN—13OCT16

ЗАБЕЛЕШКА: ПЛАНИРАНАТА замена на разладното средство е на две години или 2000 работни часа ако се користи John Deere Cool-Gard™ II или Cool-Gard™ II PG.


Легенда	Сервисирање	На секои 2000 работни часови
A	Промена на резервоар за хидростатичко/хидраулично масло	•
B	Проверка на луфта кај вентил на мотор[a]	•
C	Проверка на масло кај завршните погони (двете страни)	•
D	Променете го маслото на главното моторно масло (не-ProDrive™ машини)	•
E	Замена на масло во погонот на одделувачот	•
F	Промена на масло во куќиште за пренос на примарно помошно вратило (погонско куќиште за достава со постојана брзина и променлива брзина)	•
G	Замена на масло на пренос (механичка измена на пренос и измена на пренос преку притискање на копче)	•
H	Куќиште за пренос на префрлачка тупалка (опција) (S770, S780, S785, и S790 машини)	•

ProDrive е заштитен знак на Deere & Company
[a]*Посетете во Вашиот трговец со John Deere опрема за сервисирање.*

OUO6075,0004DE8-A8-02APR20


Cool-Gard е заштитен знак на Deere & Company

Хидраулично/хидростатичко масло за резервоар



H115812—UN—04SEP15

Стил А



H115811—UN—04SEP15

Стил В

А—Вентил за испуштање
В—Капак
С—Окно за проверка

ЗАБЕЛЕШКА: Исчистете ја областа околу хидрауличниот резервоар за да спречите загадување на хидрауличниот систем. Погледнете го делот со спецификациите за капацитетот на масло.

1. Отворете го испусниот вентил (А) за да го испуштите маслото. Затворете го вентилот откако маслото ќе се испушти.
2. Отстранете го капачето (В) и наполнете го хидрауличниот резервоар се додека нивото на масло е до горното окно за проверка (С) со целосно спуштено куќиште за достава.

OUO6075,000445A-A8-22DEC16

Луфта кај вентил на мотор




H115813—UN—04SEP15

Луфтата кај вентилот на моторот нека ја проверува и, ако е потребно, нека ја прилагодува вашиот John Deere дистрибутер.

OUO6075,0004DE9-A8-26JUN20

Масло во завршен погон



H124881—UN—10AUG18

Конфигурација HillMaster™ со единечна гума (лево) / Конфигурација со дупла гума (десно)

А—Чеп за испуштање
В—Чеп за полнење
С—Отвор за проверка

ВАЖНО: HillMaster™ Машини: Кога го проверувате нивото на маслото на крајниот погон, предупредете ги другите лица да бидат подалеку од машината додека вршите поранување.

ЗАБЕЛЕШКА: Машини HillMaster™: За точност на нивото на маслото, завршните погони мора да бидат позиционирани така да влезното вратило на завршниот погон е на исто ниво како нивото на осовината на погонското вратило.

Отстранете го чепот за испуштање (А) на двете страни за да го испуштите.


Отстранете го чепот за полнење (В) за да дополните

HillMaster е регистриран заштитен знак на Deere & Company

се додека нивото на маслото е во рамките на 12 mm (1/2 in) од долниот отвор за проверка (C).

OUO6075,0004A18-A8-15AUG18

Масло на главно моторно погонско куќиште (машини што не се ProDrive™)



H115815—UN—04SEP15


A—Чепови за испуштање
B—Шипка за мерење

Испуштете кај чепот (A).

Дополнете и проверете го нивото на масло со шипката (B).

OUO6075,00046E2-A8-28MAR17

Масло во погон на одделувачот




H125516—UN—17DEC18

A—Капак
B—Одвод
C—Вентил за испуштање
D—Шипка за мерење

1. Отстранете го капачето (A) и прикачете го цревото за испуштање (B).
2. Отворете ја инбус завртката кај вентилот за испуштање (C) за да го исцедите маслото.
3. Наполнете повторно преку шипката за мерење (D), по потреба.

OUO6075,0004A84-A8-17DEC18

Масло во куќиште за пренос на примарно помошно вратило (куќиште за достава со постојана брзина и променлива брзина)



H115817—UN—04SEP15


A—Капак
B—Шипка за мерење

Испуштете преку капачето (A) и повторно наполнете преку отворот на шипката за мерење на ниво (B).

Нивото на маслото мора да се покаже на закривениот дел од шипката за мерење.

OUO6075,00046E3-A8-28MAR17

Масло за пренос (механичка измена на пренос и измена на пренос преку притискање на копче)



H115818—UN—04SEP15


Механичко менување брзина / менување брзина со притискање на копче

A—Цевка
B—Блок
C—Чеп за проверка

1. Пролизгајте ја цевката (A) надвор од блокот (B).
2. Отстранете го блокот за да извршите испуштање.
3. Отстранете го чепот за проверка (C) и дополнете во рамките на 12 mm (1/2 in) од отворот.

OUO6075,0004460-A8-22DEC16

Масло во куќиштето за пренос на префрлачката тупалка (опција) (S770, S780, S785, и S790 машини)




H115819—UN—04SEP15

A—Чеп
B—Чеп

Испуштете преку чепот (A) и повторно наполнете преку отворот на чепот (B). Нивото на масло мора да биде на ниво со отворот на чепот од страната на куќиштето на преносот.

OUO6075,00046E4-A8-28MAR17

Табела со сервисни интервали - на секои 2000 часа (продолжеток)




H120324—UN—22DEC16

Легенда	Сервисирање	Секои 2000 работни часови
A	Проверка на преден амортизер на коленесто вратило на мотор (конечно ниво 4/фаза V)	•

ouo6075,1657720585940-A8-13JUL22

Проверка на амортизер на коленесто вратило на мотор (конечно ниво 4/фаза V)



H120326—UN—22DEC16

Конечно ниво 4/Фаза V (стил A / стил B)


ВАЖНО: Склопот на амортизерот против вибрации не може да се поправи и треба да се проверува на секои 2000 часа.

Вашиот трговец со John Deere опрема нека го провери амортизерот против вибрации на коленастото вратило на моторот.

ouo6075,1657721749711-A8-13JUL22

Одржување – на секои 2000 часа или три години

Табела за интервал на сервисирање—на секои 2000 часа или три години




H125475—UN—10DEC18

Легенда	Сервисирање	На секои 2000 работни часови или три години
A	Замена на филтер на дозирачка единица за течност за издув (DEF) кај дизел мотор (машини S780, S785 и S790 со конечно ниво 4/фаза V)	•
B	Замена на влезен филтер за течност за издув (DEF) кај дизел мотор (машини S780, S785 и S790 со конечно ниво 4/фаза V)	•

OUO6075,0004A6E-A8-14DEC18

Промена на филтер дозирачката единица за DEF (Машини 780, S785 и S790)



H125506—UN—14DEC18

Филтер на уредот за дозирање на течноста за издувни гасови од дизел мотори

A—Капак на филтер
B—Израмнувачки елемент
C—Филтер алатка
D—Филтер на уредот за дозирање на течноста за издувни гасови од дизел мотори

ВНИМАНИЕ: Избегнувајте контакт со очите. Ако дојде до допир, веднаш исплакнете ги очите со голема количина на вода во текот на минимален период од 15 минути. Прочитајте го безбедносно техничкиот лист на материјалите (MSDS) за дополнителни информации.

ВАЖНО: Ако течноста за издувни гасови од дизел мотори пролее или дојде во контакт со која било површина која не е дел од резервоарот за складирање, веднаш исчистете ја таа површина со чиста вода. DEF е корозивна за обоени и необоени метални површини и може да деформира некои пластични и гумени компоненти.

Пролеаната течност за ДИГ остава бела трага ако се остави да се исуши или ако само се пребрише со крпа. Неисправно исчистената пролеана течност за DEF може да ја попречи дијагностиката на проблеми на протекување кај системи со селективна каталитична редукција (SCR).

ЗАБЕЛЕШКА: Филтерот на дозирачката единица за DEF и влезниот филтер мора да се менуваат заедно на секои 2000 часови или на секои 36 месеци, кое и да настапи прво.

За сервисирање на филтерот на дозирачката единица за DEF, потребно е да се извадат дополнителните капаци или компоненти. Видете Пристап до уредот за дозирање на течноста за ДИГ за информации за неговата положба.

1. Исчистете ги сите остатоци од местото околу дозирачката единица за DEF.

ЗАБЕЛЕШКА: Почекајте околу 5 минути за DEF да се исчисти од системот.

2. Отстранете го капакот на филтерот (A).
3. Отстранете и фрлете го израмнувачкиот елемент (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Алатката за филтерот (C) се доставува со заменскиот филтер.

4. Вметнете го “црниот” крај на алатката за филтерот (C) во филтерот на дозирачката единица за DEF (D) додека не осетите или не чуете КЛИКНУВАЊЕ што означува дека алатката за филтерот е целосно наместена.

ЗАБЕЛЕШКА: Алат, како што е шрафцигер, може да се вметне во прорезот на алатката за филтерот како помош при отстранувањето.


5. Извлечете ја алатката за филтерот и филтерот од дозирачката единица за DEF. Исфрлете ги филтерот на дозирачката единица за DEF и алатката за филтерот.
6. Исчистете ги навоите на уредот за дозирање на течноста за DEF и соодветните површини со дестилирана вода.
7. Подмачкајте ги О-прстените за DEF филтерот со чист DEF. Внимателно вметнете го филтерот во дозирачката единица за DEF.
8. Инсталирајте нов елемент за изедначување на филтерот во филтерот на дозирачката единица за DEF.
9. Наместете го капакот на филтерот и затегнете го според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Капак на филтер—Вртлив момент	23 N·m (204 lb·in)

OUO6075,0004BBB-A8-30MAY19

Замена на влезен филтер за течност за издувни гасови (DEF) кај дизел мотор (машини S780, S785 и S790)



H125448—UN—05DEC18

A—Чеп за испуштање
B—Капак на филтер

ВНИМАНИЕ: Избегнувајте контакт со очите. Ако дојде до допир, веднаш исплакнете ги очите со голема количина на вода во текот на минимален период од 15 минути. Прочитајте го безбедносно техничкиот лист на материјалите (MSDS) за дополнителни информации.

ВАЖНО: Ако течноста за издувни гасови од дизел мотори пролее или дојде во контакт со која било површина која не е дел од резервоарот за складирање, веднаш исчистете ја таа површина со чиста вода. DEF е корозивна за обоени и необоени метални површини и може да деформира некои пластични и гумени компоненти.

Пролеаната течност за ДИГ остава бела трага ако се остави да се исуши или ако само се пребрише со крпа. Неисправно исчистената пролеана течност за DEF може да ја попречи дијагностиката на проблеми на протекување кај системи со селективна каталитична редукција (SCR).

ЗАБЕЛЕШКА: Влезниот филтер за DEF и филтерот на дозирачката единица за DEF мора да се менуваат заедно на секои 2000 часови или на секои 36 месеци, кое и да настапи прво.

1. Исчистете ги сите остатоци од површината околу склопот на влезниот филтер за DEF.

ЗАБЕЛЕШКА: Почекајте околу 5 минути за DEF да се исчисти од системот.

2. Извадете и фрлете го чепот за испуштање (A).
3. Исцедете ја течноста DEF во соодветен сад.
4. Отстранете го капакот на филтерот (B).



H125462—UN—06DEC18

A—Склоп на филтерот
B—Филтер

5. Повлечете го склопот на филтерот (A) надолу од телото на DEF.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако е потребно, потчукнете го филтерот за да се олабави. Пластичните јазичиња во капакот на филтерот го прицврстуваат филтерот на неговата позиција.

6. Извадете и фрлете го филтерот (B) од капакот на филтерот.
7. Исчистете ги навоите и спојните површини на склопот со дестилирана вода.



H125463—UN—06DEC18

A—Разделник од пена
B—Заптивка
C—Капак на филтер

8. Извадете и фрлете го разделникот од пена (A) и исфрлете ја заптивката (B) од капакот на филтерот (C).
9. Поставете нов разделник од пена и нова заптивка во претходно изваденият капак на филтерот.



H125464—UN—06DEC18

A—Филтер
B—Тело на DEF

ЗАБЕЛЕШКА: Пластичните јазичиња во капакот го прицврстуваат филтерот на неговата позиција.

10. Вметнете го новиот филтер (A) во капакот на филтерот како што е прикажано, а потоа во телото на DEF (B).
11. Наместете го капакот на филтерот и затегнете го според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Капак на филтер—Вртлив момент	25 N·m (221 lb·in)



H125465—UN—06DEC18

A—О-прстен
B—Прорез

12. Поставете го новиот О-прстен (A) во засекот (B) на новиот чеп за испуштање.
13. Поставете го чепот за испуштање во капакот на филтерот и затегнете го според спецификацииите.


Технички податоци (спецификации)

Чеп за испуштање—Вртлив момент. . . . . 4 N·m (35 lb·in)

OUO6075,0004BBC-A8-30MAY19

Одржување – на секои 3500 часа или три години

Табела за интервал на сервисирање—на секои 3500 часа или три години




H125475—UN—10DEC18

Легенда	Сервисирање	На секои 3500 работни часови или три години
A	Замена на филтер на дозирачка единица за течност за издув (DEF) кај дизел мотор (машини S760 и S770 со конечно ниво 4/фаза V)	•
B	Замена на влезен филтер за течност за издув (DEF) кај дизел мотор (машини S760 и S770 со конечно ниво 4/фаза V)	•

OUO6075,0004A6B-A8-14DEC18

Промена на филтер дозирачката единица за DEF (Машини S760 и S770)



H125605—UN—24JAN19

Филтер на уредот за дозирање на течноста за издувни гасови од дизел мотори

A—Капак на филтер

B—Израмнувачки елемент
C—Филтер алатка
D—Филтер на уредот за дозирање на течноста за издувни гасови од дизел мотори

ВНИМАНИЕ: Избегнувајте контакт со очите. Ако дојде до допир, веднаш исплакнете ги очите со голема количина на вода во текот на минимален период од 15 минути. Прочитајте го безбедносно техничкиот лист на материјалите (MSDS) за дополнителни информации.

